**МЕЃУНАРОДНА СТАТИСТИЧКА КЛАСИФИКАЦИЈА НА БОЛЕСТИ И ПОВРЗАНИ ЗДРАВСТВЕНИ ПРОБЛЕМИ, ДЕСЕТТА РЕВИЗИЈА, АВСТРАЛИСКА МОДИФИКАЦИЈА**

# МКБ-10-АМ

# ТАБЕЛАРНА ЛИСТА НА БОЛЕСТИ

**1 ЈУЛИ 2006 ГОД.**

**Национален центар за здравствена класификација**

---

© Авторските права се на Владата на Австралија 2006 год., петто издание

*Меѓународната статистичка класификација на болести и поврзани здравствени проблеми, десетта ревизија, австралиска модификација* (МКБ-10-АМ) – Табеларна листа на болести и Индекс на болести по азбучен ред.

МКБ-10-АМ се базира на *Меѓународната статистичка класификација на болести и поврзани здравствени проблеми, десетта ревизија* (МКБ-10) Второ издание © Авторските права се на Светската здравствена организација 2004 год. Сите права се задржани. Изменета со дозвола за потребите на Австралиската Влада што е означено со ⊗.

Издавач: **Национален центар за здравствена класификација (Сиднеј),** Факултет за здравствени науки, Универзитет во Сиднеј, NSW 1825 Австралија.

Обработка: Оддел за издаваштво на НЦЗК од Австралија

Иако се преземени сите разумни мерки за проверка на точноста на информациите во ова издание, Националниот центар за здравствена класификација и неговите вработени не даваат гаранција дека информациите презентирани овде се без грешка и не преземаат никаква одговорност за резултатите или последиците од употребата на оваа книга.

Делото подлежи на авторски права. Може да се репродуцира во целост или на делови за научни и потреби за обука со вклучено известување за оригиналниот документ и без комерцијална употреба или продажба. За репродукција за други цели различни од горенаведените е потребна писмена дозвола од Националниот центар за здравствена класификација (Сиднеј), П. Фах 170, Лидком NSW 1825 Австралија.

*Корисниците на овој документ можат да придонесат целата коресподенција со уредништвото треба да се упати на следната адреса:*

*За нејзино ревидирање контактирајте:*

**Управник за издаваштво**
Национален центар за здравствена класификација (Сиднеј)
(Сиднеј)
П. Фах 170
Лидком NSW 1825
АВСТРАЛИЈА

**Управник за поддршка и развој на класификација**
Национален центар за здравствена класификација
П. Фах 170
Лидком NSW 1825
АВСТРАЛИЈА

Продавач: Национален центар за здравствена класификација (Сиднеј), Факултет за здравствени науки, Универзитет во Сиднеј, NSW 1825 Австралија.

Податоци за каталогизација

*Меѓународната статистичка класификација на болести и поврзани здравствени проблеми, десетта ревизија, австралиска модификација,* (МКБ-10-АМ), *Австралиска класификација на здравствени интервенции* (АКЗИ) и *Австралиски стандарди за шифрирање* (АСК).

Содржина: МКБ-10-АМ Табеларна листа на болести – МКБ-10-АМ Индекс на болести по азбучен ред – АКЗИ Табеларна листа на интервенции – АКЗИ Индекс на интервенции по азбучен ред – Австралиски стандарди за шифрирање.

Петто издание.
Библиографија.
Вклучува индекси

| | |
|---|---|
| ISBN 1 86487 772 3 | МКБ-10-АМ Табеларна листа на болести |
| ISBN 1 86487 773 1 | МКБ-10-АМ Индекс на болести по азбучен ред |
| ISBN 1 86487 774 X | АКЗИ Табеларна листа на интервенции |
| ISBN 1 86487 775 8 | АКЗИ Индекс на интервенции по азбучен ред |
| ISBN 1 86487 776 6 | Австралиски стандарди за шифрирање |
| ISBN 1 86487 777 4 | Комплет од сите томови |
| ISBN 1 86487 778 2 | МКБ-10-АМ/АКЗИ/АСК електронски книги |

1. Носологија 2. Хируршка-класификација.
616.0012

# СОДРЖИНА

## ПРЕДГОВОР

## ПРИЗНАНИЈА

## ВОВЕД

Развој на МКБ-10
Развој на МКБ-10-АМ, АКЗИ и АСК

## Конвенции употребени во Табеларната листа на болести

## Упатство за употреба на МКБ-10-АМ

## Извештај од Меѓународната конференција за десеттото издание на Меѓународната класификација на болести

## ЛИСТА НА ТРИЗНАКОВНИ КАТЕГОРИИ

## ТАБЕЛАРНА ЛИСТА НА ДОДАВКИ И ПОТКАТЕГОРИИ

1 Одредени инфективни и паразитски болести
2 Неоплазми
3 Болести на крвта и крвните органи и одредени заболувања кај имунолошкиот механизам
4 Ендокрини, нутритивни и болести на метаболизам
5 Ментални и болести на однесувањето
6 Болести на нервниот систем
7 Болести на очите и аднекси
8 Болести на ушите и мастоидниот процес
9 Болести на циркулаторниот систем
10 Болести на респираторниот систем
11 Болести на дигестивниот систем
12 Болести на кожа и поткожно ткиво
13 Болести на мускулоскелетален систем и сврзно ткиво
14 Болести на генитоуринарниот систем
15 Бременост, раѓање и пуерпериум
16 Одредени состојби кои потекнуваат од перинаталниот период
17 Вродени аномалии, деформации и хромозомски абнормалности
18 Симптоми, знаци и абнормални клинички и лабораториски наоди, некласифицирани на друго место
19 Повреди, труење и одредени други последици од надворешни причини
20 Надворешни причини за морбидитет и морталитет
21 Фактори кои влијаат врз здравствениот статус и контакт со здравствени услуги
22 Шифри за специјални намени

## Додаток А: Морфологија на неоплазми

## Додаток Б: Специјални табеларни листи за морталитет и морбидитет


# ПРЕДГОВОР

МКБ-10-АМ е *Меѓународна статистичка класификација на болести и поврзани здравствени проблеми, десетта ревизија, австралиска модификација*. МКБ-10-АМ Петтото издание следува по Четвртото издание (2004). МКБ-10-АМ е подготвена од страна на Националниот центар за здравствена класификација (НЦЗК). Во текот на подготовката, НЦЗК се консултираше со членови од Советниот комитет за стандарди за шифрирање при НЦКЗ и Групи за клиничка класификација и шифрирање, составена од експерти за клиничко шифрирање и клиничари назначени од страна на Комитетот за клинички мешани случаи на Австралија.

Националниот центар за здравствена класификација (НЦЗК) е формиран на 1 јануари 1997 год. и е резултат на спојување на поранешниот Национален центар за шифрирање (НЦК) и поранешниот Национален референтен центар за здравствена класификација (НРЦЗК). Локациите на НЦКЗ вклучуваат:

●●

НЦЗК (Сиднеј) кој е со седиште на Универзитетот во Сиднеј и основан е од страна на Програмата за развој на мешани случаи, Оддел на Владата за здравје и стареење.

- НЦЗК (Бризбејн) кој е со седиште на Технолошкиот Универзитет во Кливленд и е основан од страна на Програмата за развој на мешани случаи (Оддел на Владата за здравје и стареење), Австралискиот институт за здравје и благосостојба, Австралиското биро за статистика и Технолошкиот универзитет од Кливленд.

Проширувања, интерпретации, модификации, додавки или исправки на МКБ-10-АМ, освен оние одобрени од НЦЗК не се сметаат за официјални и не треба да се употребуваат. МКБ-10-АМ претставува најново современо гледиште на клиничарите, носолозите, епидемиолозите и статистичарите и од јавниот и од приватниот сектор, а понатамошни модификации нема да се земаат во предвид без дополнително советување и претставување пред соодветните корисници.


# ПРИЗНАНИЈА

## *МКБ-10*

Повремена ревизија на МКБ, уште од шестата ревизија во 1948 год., е во координација со Светската здравствена организација. Како што се зголемува употребата на класификацијата, разбирливо расте и желбата меѓу корисниците за придонес кон процесот на ревизија. Десеттата ревизија е производ од голема меѓународна активност, соработка и компромис. СЗО со благодарност го признава придонесот на бројните меѓународни и национални специјалистички групи и поединци во многу земји.

## *МКБ-10-АМ*

Помош и поддршка во подготовките на *Меѓународната статистичка класификација на болести и поврзани здравствени проблеми, десетта ревизија, австралиска модификација* (МКБ-10-АМ) НЦЗК имаше од Одделот за здравје и стареење, Австралискиот институт за здравје и благосостојба, Австралиското биро за статистика и Австралискиот комитет за клинички мешани случаи.

Клиничките и техничките одлуки за содржината на Табеларната листа и Индексот по азбучен ред се донесени од страна на членови на Советодавниот комитет за стандарди за шифрирање на НЦЗК (СКСК) и Групите за шифрирање и клиничка класификација (ГККК).

## ПЕРСОНАЛ НА НЦЗК

Следниот персонал и помошници на НЦКЗ дадоа особен придонес кон подготовката на изданијата на МКБ-10-АМ, АКЗИ и АСК.

**Родни Бернард** *Управник за издаваштво*

**Линда Бест** *Проектен службеник*

**Карин Чен** *Проектен службеник*

**Лиза Ричмонд** *Проектен службеник*

**Џули Раст** *Проектен службеник*

**Патриша Саад** *Проектен службеник*

**Меган Кумерлато** *Координатор за образование*

**Кери Дојл** *Службеник за подготовка на класификацијата*

**Тери Димот** *Проектен службеник*

**Кери Инес** *Помошник директор (Сиднеј) и Управник за поддршка и подготовка на класификацијата*

**Имелда Ноти** *Административен службеник*

**Кетрин Стенхоуп** *Координатор за продажба и дистрибуција*

**Тина Стенхоуп** *Техничко-логистичка поддршка*

**Јунг Џоа** *Систем менаџер*

**Дона Труран** *Службеник за истражување*

**Луин Марла Тан** *Проектен службеник*

Дополнителна помош имаше од:
Дона Армстронг, Линди Бест, Јудит Хупер и Ланда Инфанти *Лектура*
Питер Лонг *Графичка обработка*

# ВОВЕД

## РАЗВОЈ НА МКБ-10

Класификацијата на болестите може да се дефинира како систем од категории во кои се означуваат болните состојби според веќе утврдени критериуми. Постојат повеќе можни оски на класификација и изборот ќе зависи од намената на статистичката обработка што треба да се спроведе. Статистичката класификација на болести мора да содржи цела низа на болни состојби во рамките на бројот на категориите погоден за обработка.

Десеттата ревизија на Меѓународната статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми е последна во серијата што е формализирана во 1893 год. како Бертилонова класификација или Меѓународна листа на причини за смрт. Комплетна ревизија на историските податоци за класификацијата е дадена во Книга 2 од МКБ-10. И покрај тоа што насловот е изменет за да се појасни содржината и намената и да се одрази прогресивното проширување на обемот на класификација надвор од болестите и повредите, општо прифатената кратенка 'МКБ' е задржана. Во најновата класификација, состојбите се групирани на начин кој се смета за најпогоден за општи епидемиолошки намени и евалуација на здравствената заштита.

Работата на Десеттата ревизија на МКБ почна во септември 1983 год. со одржувањето на Подготвителен состанок за МКБ-10 во Женева. Програмата за работа се одвиваше преку редовни состаноци на раководителите на Колаборационите центри за класификација на болести на СЗО. Насочувањето на активностите беше овозможено со бројните специјални состаноци вклучувајќи ги и оние на Комитетот на експерти за Меѓународната класификација на болести - Десетта ревизија, одржани во 1984 и 1987 год.

Покрај техничкиот придонес од страна на многу групи на специјалисти и индивидуални експерти,
голем број на коментари и сугестии беа добиени од земјите-членки и регионални канцеларии на СЗО како резултат на целосна циркулација на нацрт-предлозите за ревизија во 1984 и 1986 год. Од добиените коментари беше јасно дека многу корисници би сакале во МКБ да бидат вклучени видови на информации поинакви од 'дијагностички информации' (во најширока смисла на зборот) кои секогаш биле содржани во неа.. Со цел да се прилагодат барањата на корисниците, концептот произлезе како 'семејство' на класификации концентрирани околу МКБ во нејзината вообичаена форма и

структура. На овој начин МКБ ќе ги исполни барањата за дијагностички информации за општа употреба, додека одреден број други класификации ќе се употребува како дополнување и ќе се занимаваат или со истата информација, но со друг пристап или со различна информација (особено медицински и хируршки процедури и онеспособеност).

Според предлозите за време на подготовката на Деветтата ревизија на класификација дека различна базична структура би можела подобро да ги задоволи потребите на повеќето различни корисници, беа евалуирани неколку алтернативни модели. Сепак, стана јасно дека традиционалниот модел на класификација со оска со една варијабила, како и други аспекти на нејзината структура кои ги нагласуваат состојбите кои се чести, скапи или од поинакво јавно-здравствено значење, го преживеале тестот на времето и многу корисници би биле незадоволни од било кој друг модел предложен како можна замена. Следствено, како што покажува и студијата за Десеттата ревизија, традиционалната структура на МКБ е задржана, но се заменува старата нумеричка шема на шифрирање со нова алфанумеричка шема на шифрирање. Со ова се дава поголема рамка за шифрирање и остава простор за идна ревизија без да се наруши бројниот систем, како што беше случај во претходните ревизии.

Со цел да се овозможи оптимална употреба на слободното место, одредени заболувања на имунолошкиот механизам се вклучени во болестите на крвта и крвните органи (Глава 3). Новите поглавја се создадени за болести на очите и аднексите и болести на ушите и мастоидниот процес. Претходните дополнителни класификации за надворешни причини и за фактори кои влијаат на здравствениот статус и на контактот со здравствените услуги сега се дел од главната класификација.

Системот на двојна класификација со крвче и ѕвездичка за одредени дијагностички извештаи, воведен во Деветтата ревизија, е задржан и проширен, со тоа што оската со ѕвездичка се содржи во хомогени категории на тризнаковно ниво.

## Содржина на трите книги на *МКБ-10*

***Забелешка:*** следните броеви на Книги се поврзани само со МКБ-10 од СЗО.

Презентацијата на класификацијата е изменета и сега има три Книги:

**Книга 1. Табеларна листа.** Оваа книга содржи Извештај од Меѓународната конференција за Десеттата ревизија, самата класификација на тризнаковно и четиризнаковно ниво, класификацијата на морфологија на неоплазми, специјални табеларни листи за морталитет и морбидитет, дефиниции и правила за номенклатура.

**Книга 2. Прирачник за употреба.** Во оваа книга се споени забелешките за сертификација и класификација претходно вклучени во Книга 1 со голем број на нови историски и инструкциски работи и упатства за употреба на Книга 1, за табелација, како и за планирање на употребата на МКБ, кое е увидено како недостаток во поранешните ревизии. Исто така вклучува и историски материјали претходно презентирани во Воведот во Книга 1.

**Книга 3. Индекс по азбучен ред.** Во оваа книга е даден индексот со вовед и проширени упатства за негова употреба.

• • •

Класификацијата е одобрена од страна на Меѓународната конференција за Десеттата ревизија на Меѓународната класификација на болести во 1989 год. и усвоена на Четириесет и третото светско здравствено собрание со следната резолуција:

Четириесет и трето светско здравствено собрание,

Откако го разгледа Извештајот од Меѓународната конференција за Десеттата Ревизија на Меѓународната класификација на болести

1. ГО ПРИФАЌА следново според препораките од Конференцијата:

    (1) деталната листа на тризнаковни категории и можни четиризнаковни поткатегории со Кратки листи за табелирање на морталитетот и морбидитетот, што ги содржи Десеттата ревизија на Меѓународната

статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми која треба да стапи во сила на 1 јануари 1993 год.;

(2) дефинициите, стандардите и потребните извештаи поврзани со матерналниот, феталниот, перинаталниот, неонаталниот и доенечкиот морталитет;

(3) правилата и инструкциите за шифрирање на основната причина за морталитетот и за шифрирање на главната состојба за морбидитетот;

2. СЕ БАРА Генералниот директор да издаде прирачник за *Меѓународна статистичка класификација на болестите и сродните здравствени проблеми;*

3. ГИ ОДОБРУВА препораките на Конференцијата што се однесуваат на:

(1) Концептот и остварувањето на фамилија на болест и здравствени класификации со Меѓународната Статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми како основна класификација опкружена од бројни слични и дополнителни класификации од Меѓународната номенклатура на болести;

(2) Воспоставувањето на процес за осовременување во рамките на десет годишен циклус на ревизија.

## РАЗВОЈ НА МКБ-10-АМ, АКЗИ И АСК

Австралиската модификација на *Меѓународната статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми, Десетта ревизија* (МКБ-10) и развојот на придружните Австралиски процедури за класификација е едногласно усвоена од страна на Советодавниот совет на австралиските министри за здравство (ССАМЗ) за воведување на австралиски стандарди за шифрирање на морбидитет во здравствените услуги од 1 јули 1998 год.

Националниот центар за здравствена класификација (НЦЗК) ја доби одговорноста за подготовката, претставувањето и одржувањето на *Меѓународната статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми, Десетта ревизија, Австралиска модификација* (МКБ-10-АМ), *Австралиска класификација на здравствени интервенции* (АКЗИ) и *Австралиски стандарди за шифрирање* (АСК).

МКБ-10-АМ се базира на публикацијата за болести на СЗО, МКБ-10, и е модифицирана во Австралија од страна на НЦЗК со помош од клиничари и клинички шифранти за да се гарантира дека класификацијата е тековна и соодветна на Австралиската клиничка пракса. Одржани се тесни врски со СЗО за да се обезбеди сигурна меѓународна компатибилност.

АКЗИ е Австралиска класификација на интервенции подготвена од страна на НЦЗК. Ваквата мулти-оскна класификација е базирана на Основниот пакет на услуги на МЗ (ОПУМЗ) и се вика Австралиска класификација на здравствени интервенции или АКЗИ.

Уште една суштинска компонента на класификацијата се Австралиските стандарди за шифрирање. Ова се националните стандарди подготвени од страна на НЦЗК за шифрирање на клинички податоци.

### Кратка содржина

**МКБ-10-АМ Табеларна листа на болести** Табеларната листа на болести содржи класификација на болести на три-, четири- и петзнаковно ниво. Содржи листа на тризнаковни категории, како и два додатоци:

Додаток А Морфологија на неоплазми
Додаток Б Специјални табеларни листи на морталитет и морбидитет

**МКБ-10-АМ Индекс на болести по азбучен ред.** Индексот на болести содржи многу дијагностички термини кои не се појавуваат во табеларната листа, бидејќи индексот ги содржи повеќето дијагностички термини кои се моментално во употреба.

**АКЗИ Табеларна листа на интервенции** Табеларната листа на интервенции содржи класификација на процедури. Вклучените додатоци се:

Додаток А Табела за мапирање
Додаток Б Шифри за АКЗИ дадени по азбучен ред

**АКЗИ Индекс на интервенции по азбучен ред.** Индексот на интервенции содржи многу термини за процедури кои не се појавуваат во табеларната листа, бидејќи Индексот ги содржи повеќето термини за процедурите кои се моментално во употреба.

**Австралиски стандарди за шифрирање.** Австралиските стандарди за шифрирање содржат национални стандарди подготвени од страна на НЦЗК што даваат упатства за употребата на МКБ-10-АМ и шифрите за АКЗИ.

### Класификација на болести во МКБ-10-АМ

Во подготовката на МКБ-10-АМ, се следа бројни принципи за класификација:

- Не се модифицираше структурата на МКБ-10 на СЗО
- Значењата на тризнаковните и четиризнаковните шифри не се променети, иако во неколку наврати е додадено појаснување
- Модификациите се доследни на постоечките шифри и конвенции на МКБ-10 од СЗО
- Не се компромираше можноста да се споредуваат податоците во текот на работата.

Затоа МКБ-10-АМ е целосно компатибилна со матичниот систем, МКБ-10 од СЗО, со што ги исполнува потребите за компатибилност на статистичките податоци за морбидитет и морталитет на меѓународно ниво.

Првата Австралиска модификација на МКБ-10 на СЗО вклучува и петзнаковни дополнувања за да обезбеди понатамошна специфичност. Исто така се направени определен број на дополнувања во три- и четиризнаковните категории.

Претходната МКБ-10-АМ е во голема мера иста со форматот на МКБ-10 на СЗО со исклучок на правописните конвенции. Правописните конвенции во МКБ-10-АМ се во согласност со *Речникот Мекваер* како што се препорачува во *Стилскиот Прирачник* од Австралиската Влада.

Значајните промени во МКБ-10-АМ за шифрирање на болести потекнуваат од МКБ-10 на СЗО. Всушност, промените вклучуваат:

- Промена на наслов
- Алфанумеричка шема за шифрирање
- Четири нови поглавја
- Преместување на болести и состојби
- Конвенции со крвче и ѕвездичка
- дијабет
- ’последици’ наместо ’задоцнети ефекти’
- Промена на оската за несреќи со копнен превоз
- Промена на оскара за повреди
- Структурни промени на шифрите за надворешни причинители
- нема петзнаковни шифри за обстетрика
- Додаток на морфолошки шифри од МКБ-О-3
- Промени во глава 16 и 17 врз основа на класификацијата од Кралскиот колеџ за педијатрија и детски болести

Индексот на болести по азбучен ред од МКБ-10-АМ соодветствува со Австралиските правописни конвенции. Индексот на болести по азбучен ред од МКБ-10-АМ е уредена од страна на НЦЗК за да се овозможи додавање на нови шифри за болести. Сепак, клиничките шифранти мораат да ја употребуваат табеларната листа за да се консултираат за белешките за вклучување и исклучување со цел да се поставaт точните шифри. Прегледот на табеларната листа исто така е најдобриот начин за запознавање на структурата на класификацијата.

## КОНВЕНЦИИ УПОТРЕБЕНИ ВО ТАБЕЛАРНАТА ЛИСТА НА БОЛЕСТИ

Има повеќе специјални конвенции кои се применети во табеларната листа на МКБ-10-АМ коишто треба да ги разберат клиничките шифранти и лицата што ги интерпретираат статистичките податоци врз основа на шифрите од МКБ-10-АМ.

### Термини за ’вклучување’

Во рамките на три- и четиризнаковните рубрики, обично има наведено повеќе останати дијагностички термини. Тие се познати како ’термини за вклучување’ и се дадени, покрај насловот, како примери на дијагностички извештаи кои треба да се класифицираат во таа рубрика. Можат да се однесуваат на различни состојби или да бидат синоними. Истите не се пот-класификации на истата рубрика.

Термините за вклучување се дадени првенствено како **упатство во содржината** на рубриката. Повеќето од наведените ставки се однесуваат на важни или вообичаени термини кои припаѓаат во таа рубрика. Останатите се гранични состојби или начела кои се наведени за да се разликува границата меѓу една и друга поткатегорија. **Списоците на термини за вклучување се секако многу широки,** па во индексот по азбучен ред се вклучени алтернативни имиња на дијагностички единки, на кои треба прво да се обрне внимание кога се шифрира одреден дијагностички извештај.

### Термини за ’исклучоци’

Одредени рубрики содржат списоци на состојби пред кои стои зборот ’Исклучоци’. Ова се термини за кои иако насловот на рубриката наведува дека би требало да се класифицираат тука, тие всушност се класифицирани на друго место. На пример во категоријата A46 *Еризипел (Erysipelas)*, исклучок е постпартусен или пуерперален еризипел. После секој исклучок, во заграда е даден шифрата на категоријата или поткатегоријата од целата класификација каде што исклучокот треба да се премести.

Забелешките за ’исклучоци’ се наоѓаат непосредно по насловот на главата, групата, категоријата или шифрата. За подетално објаснување на термините за исклучоци види во **АСК 0033** *Конвенции употребени во табеларната листа на болести*, *забелешки за исклучоци.*

### Опис на поимникот

Во Глава 5, *Ментални и заболувања во однесувањето,* се употребуваат описи на поимникот за да се наведе содржината на рубриката. Оваа алатка се употребува затоа што терминологијата на менталните заболувања многу варира, особено во различни земји, па истото име може да биде употребено за да се опишат доста различни состојби. **Поимникот не е наменет за употреба од страна на клиничките шифранти.**

### Загради (   )

Заградите се употребуваат на четири начини:

1. Загради се употребуваат за да се вметнат дополнителни зборови кои можат да следуваат после дијагностички термини без да влијаат врз бројот на шифрата кој се однесува на зборовите надвор од заградите. Ова е познато како **неесенцијален модификатор.**

**ПРИМЕР 1:**
Во забелешките за вклучување кај I12 *Хипертензивна ренална болест* линијата ’артериосклерозен нефрит (хроничен) (интерстицијален)’ значи дека I12 е бројот на шифрата само за терминот ’артериосклеротичен нефрит’ или кога е квалифициран од страна на еден од зборовите ’хроничен’ или ’интерстицијален’ (или и двете).

2. Загради исто така се употребуваат за да се вметне шифрата на кој се однесува исклучокот.

**ПРИМЕР 2:**
I88 *Неспецифичен лимфаденит* исклучува ’зголемени лимфни јазли НС’ (R59 – *Зголемени лимфни јазли*)

3. Загради се употребуваат во наслови на групи во Табеларната листа за да се метнат тризнаковни шифри на категории вклучени во таа група.

4. Загради се употребуваат за да се вметне шифра со крвче во категорија со ѕвездичка или шифра со ѕвездичка после термин со крвче.

**ПРИМЕР 3:**
**A32.1†** ***Листеријален менингит и менингоенцефалит***
Листеријален:
- менингит (G01*)
- менингоенцефалит (G05.0*)

**G01*** **Менингит кај бактериски болести класифицирани на друго место**
Менингит (кај):
- антракс (A22.8†)
- гонококен (A54.8†)
- лептоспироза (A27.-†)
- листеријален (A32.1†)

### Средни загради [ ]

Средните загради се употребуваат за да се вметнат синоними, алтернативни зборови, фрази за дообјаснување или валидни знаци.

1. За вметнување на синоними.

**ПРИМЕР 4:**
A30 *Лепра [Хансенова болест]*

2. За фрази за дообјаснување.

**ПРИМЕР 5:**
H54.4 *Слепило, едно око*
Нарушување на видот од категории 3,4,5 на едното око [нормален вид на другото око].

3. За валидни знаци.

**ПРИМЕР 6:**
M19.0 *Примарна артроза на други зглобови*
[1–4, 7–9]

### Две точки :

Две точки се употребуваат за да се наведат термините за вклучувања и исклучоци кога зборовите пред нив не се целосни термини кои се доделени на таа рубрика. Тие бараат еден или повеќе модификаторски или квалификаторски зборови поместени под нив пред да можат да се доделат на таа рубрика.

**ПРИМЕР 7:**
Во K36 *Друг апендицит,* дијагнозата ’апендицит‘ треба да се класифицира таму само ако е квалифицирана со зборовите ’хроничен‘ или ’рекурентен ‘.
K36 *Друг апендицит*
Апендицит:
- хроничен
- Рекурентен

### Голема заграда }

Голема заграда се употребува кај набројување на термини за вклучување и исклучоци за да се означи дека ни зборовите кои
претходат, ни оние коли следат не се целосни термини. Секој од термините пред големата заграда е
Квалифициран со еден или повеќе термини кои следуваат по него.

**ПРИМЕР 8:**
O71.6 *Акушерска повреда на карличните зглобови и лигаменти*
Оттргнување на внатрешната 'рскавица на симфизата }
Повреда на кокцигис } акушерско
Трауматско раздвојување на симфизата (пубична) }

### ИН

Буквите ИН се кратенка од ’инаку неозначено‘, што значи ’неозначено‘ или ’неквалифицирано‘.

Понекогаш неозначен термин е сепак означен во рубрика за поспецифичен тип на
состојба. Ова се јавува заради тоа што во медицинската терминологија најчестата форма на една состојба е често позната под името на самата состојба, само поневообичаените типови се квалифицирани.

**ПРИМЕР 9:**
Митрална стеноза често се употребува со значење ’ревматична митрална стеноза‘

Ваквите вградени претпоставки мораат да се земат предвид со цел да се избегне неточна класификација. Внимателна проверка на термините за вклучување ќе открие каде е направена претпоставка за причинителот на болеста. **Клиничките шифранти** треба да бидат внимателни да не шифрираат одреден термин како неквалифициран, доколку не е сосема јасно дека нема информации што ќе овозможат поспецифично сместување на друго место.

**Аналитичарите на податоци** исто така треба да бидат свесни дека некои состојби сместени во видлива означена категорија нема да бидат така означени во евиденцијата од шифрирањето. Кога ќе се споредат движењата со текот на времето и толкувањето на статистичките податоци, важно е да се биде свесен дека претпоставките можат да се менуваат од една ревизија на МКБ до друга. На пример, пред Осмата ревизија, неквалифицирана аортна аневризма се претпоставуваше дека се јавува од сифилис.

### Некласифицирана на друго место

Зборовите ’некласифицирана на друго место‘, кога се употребени во наслов на тризнаковна категорија, служат како предупредување дека одредени означени варијанти на наведените состојби можат да се појават и во други делови од класификацијата.

**ПРИМЕР 10:**
**J16** ***Пневмонија предизвикана од други заразни организми, некласифицирана на друго место***

Во оваа категорија се вклучени J16.0 Пневмонија предизвикана од хламидија и J16.8 Пневмонија предизвикана од други означени заразни организми. Многу други категории кои се дадени во Глава 10 *Болести на респираторниот систем* и други поглавја за пневмонија предизвикана од означени заразни организми (на пр. J09–J15 и P23.-). J18 *Пневмонија, неозначен организам*, содржи пневмонии за кои заразувачот не е посочен.

### ’И‘ во наслов

’И‘ значи ’и/или‘. На пример, во рубриката A18.0† *Туберкулоза на коски и зглобови*, се класифицираат случаи на ’туберкулоза на коски‘, ’туберкулоза на зглобови‘ и ’туберкулоза на коски и зглобови‘.

### Забелешки

† Знакот на крвче означува шифра со опис на етиологијата или основниот причинител на болеста и секогаш се доделува заедно со соодветниот шифра за манифестација. Последователно на тоа, двата шифри во иста серија во која се појавуваат во индексот по азбучен ред (т.е. етиолошката шифра, и по него шифрата за манифестација).

*Знакот на ѕвездичка означува шифра со опис на манифестацијата на болеста и секогаш се доделува заедно со соодветниот етиолошки шифра. Последователно на тоа, двата шифри во иста серија во која се појавуваат во индексот по азбучен ред (т.е. етиолошката шифра, и по него шифрата за манифестација).

∇ Овој знак означува дека Австралиските стандарди за шифрирање се применуваат за одреден шифра или група на шифри (категорија или група) и затоа треба да се провери стандардот пред да се додели шифрата. Соодветните стандардни броеви се дадени под или до симболот

⊗ Овој симбол означува Австралиски шифра.

### Текст во рамка

**Бел текст во црна рамка** означува шифри на тризнаковно ниво кои не се ВАЛИДНИ и НЕ МОЖАТ да се доделат затоа што шифрата бара дополнителни знаци (*види* шифра I12 во примерот наведен подолу).

**I12 Хипертензивна ренална болест**

*Вклучува:* Која и да било состојба од N18.-, N19.- или N26.- со која било состојба од I10
артериосклероза на бубрег
Артериосклеротичен нефрит (хроничен) (интерстицијален)
Хипертензична нефропатија
нефросклероза

*Исклучува:* Секундарна хипертензија

**Црн текст во сива рамка** означува шифри на четиризнаковно ниво кои не се ВАЛИДНИ и НЕ МОЖАТ да се доделат затоа што шифрата бара дополнителни знаци (види шифра C95.0 во примерот наведен подолу).

**C95.0 Акутна леукемија од неозначен клеточен тип**

Бласт клеточна леукемија
Стем клеточна леукемија

*Исклучува:* акутна егзацербација на неозначена хронична леукемија (C95.1)

**Црн текст во бела рамка** се употребува за да се означат шифри на тризнаковно ниво кои се ВАЛИДНИ (*види* шифра I10 во примерот наведен подолу)

**I10 Есенцијална (примарна) хипертензија**

Висок крвен притисок
Хипертензија (артериска)(бенигна)(есенцијална)(малигна)(примарна)(системска)

*Исклучува:* Зафатени крвни садови на:
- Мозок (I60–I69)
- Око (H35.0)

### Видови букви

**Задебелени** Задебелени букви се употребуваат за сите наслови на групи во Табеларната листа на болести.

**Задебелени, *Италик*** Задебелени италик букви се употребуваат за сите термини за упатства, со исклучок на текстот ’шифрата исто така...‘ и ’употреба на дополнителен шифра...‘.

*Италик* Италик букви се употребуваат за термини за упатства, како текстот ’шифрата исто така...‘ и ’употреба на дополнителен шифра...‘.

### Формат

*МКБ-10-АМ* употребува целосен блок формат за полесно упатување со вовлечен формат кој се применува за сите термини за вклучување и упатства поголеми од еден ред текст.

## УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА НА МКБ-10-АМ

Преводот на описите на болести, повреди, состојби и процедури во шифри е сложена активност. Со цел шифрирањето да биде точно, неопходно е да се има работно познавање на медицинската терминологија и да се разбираат карактеристиките, терминологијата, и конвенциите на МКБ-10-АМ.

Првично уредена да обезбеди пристап кон информациите содржани во медицинските досиеја за истражување, образование и администрација, медицинските шифри сега исто така се употребуваат за да се олесни плаќањето на здравствени услуги, да се одреди моделот на искористеност и да се оцени соодветноста на трошоците во здравствената заштита. Шифрирањето исто така обезбедува база за епидемиолошко проучување и истражување во квалитетот на здравствената заштита.

Поради тоа што шифрирањето се употребува во многу области, неопходно е истото да се изврши точно и доследно со цел да се добијат значајни статистички податоци за помош во планирањето на потребите од здравствена заштита на една земја.

Има неколку чекори во шифрирањето на болестите или процедурите, а долунаведениот пример е едноставно упатство наменето за помош на повремените корисници на МКБ-10-АМ.

1. Се одредува типот на извештај кој треба да се шифрира и се повикува на соодветниот дел од индексот по азбучен ред.

2. Се одредува водечкиот термин. За болести и повреди обично е именка за патолошки состојби. За процедури обично е именка што го одредува видот на извршената процедура. Сепак, некои состојби изразени со придавки или епоними во индексот се дадени како водечки термини.

3. Се чита и се води по сите забелешки што се дадени под водечкиот термин.

4. Се читаат сите термини кои се ставени во загради после секој водечки термин (ваквите неесенцијални модификатори не влијаат врз бројот на шифрата), како и сите термини поместени под водечкиот термин (ваквите неопходни модификатори можат да влијаат врз бројот на шифрата), се додека не се земат во предвид сите зборови во клиничкиот извештај.

5. Внимателно се следат сите упатувања (’види’ и ’види и‘) кои се појавуваат во индексот.

6. Се повикува на табеларната листа за да се провери соодветноста на избраниот број на шифрата. За класификација на болести запомнете дека ако во индексот има тризнаковна шифра со тире на четвртото или петтото место значи дека во табеларната листа се наоѓа четврти или петти знак. Понатамошните потподелби кои употребуваат дополнително место за знак не се влезени во индексот и, доколку се употребува, мора да се најде во табеларната листа.

7. Треба да се води по сите белешки за вклучувања и исклучоци под избраната шифра или под главата, групата или насловот на категоријата.

8. Се доделува шифрата.

Прашањата во врска со употребата и толкувањето на е *Меѓународната статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми, Десетта ревизија, Австралиска модификација* (МКБ-10-АМ) се упатуваат на следната адреса:

Национален центар за здравствена класификација (Сиднеј)
Факултет за здравствени науки
Универзитет во Сиднеј
П. Фах 170
Лидком NSW 1825
Австралија

## ИЗВЕШТАЈ ОД МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ДЕСЕТОТО ИЗДАНИЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА БОЛЕСТИ

Меѓународната конференција за Десеттата ревизија на Меѓународната класификација на болести свикана од Светската здравствена организација се одржа во седиштето на СЗО во Женева од 26 септември до 2 октомври 1989 год. На Конференцијата учествуваа делегати од 43 земји-членки.

Ангола
Австралија
Бахами
Белгија
Бразил
Бугарија
Бурунди
Канада
Кина
Куба
Кипар
Данска
Финска
Франција
Германска Демократска Република
Сојузна Република Германија
Унгарија
Индија
Индонезија
Израел
Јапонија
Кувајт
Луксембург
Мадагаскар
Мали
Малта
Мозамбик
Холандија
Нигер
Португалија
Република Кореја
Сенегал
Сингапур
Шпанија
Шведска
Швајцарија
Тајланд
Уганда
СССР
Обединети Арапски Емирати
Обединетото Кралство или Велика Британија и Северна Ирска
Соединетите американски држави
Венецуела

На Конференцијата присуствуваа и делегати од Обединетите нации, Меѓународната организација за труд и регионалните канцелари на СЗО, како и Советот на Меѓународните организации за медицински науки, и дванаесет други невладини организации кои се занимаваат со регистрација на ракот, глувоста, епидемиологијата, семејната медицина, гинекологија и акушерство, хипертензија, здравствена документација, превентивна и социјална медицина, неврологија, психијатрија, рехабилитација и сексуално преносливи болести.

Конференцијата ја отвори д-р Ј. П. Жардел, Заменик генерален директор, во име на Генералниот директор. Д-р Жардел зборуваше за обемните консултации и подготвителната работа од која резултираа предлозите за ревизијата, заради што беше потребен подолг период од вообичаениот меѓу досегашните ревизии. Тој истакна дека десеттата ревизија ќе има нов Наслов, *Меѓународната статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми,* за да се нагласи нејзината статистичка намена и да се одрази нејзиниот проширен обем. Меѓутоа погодната кратенка МКБ, сепак, се

задржува. Тој исто така ја спомена и новата алфанумеричка шема на шифрирање, со која се овозможува подобра рамнотежа помеѓу содржината на поглавјата, а се остава место за идни дополнувања и промени, како и намената за создавање на МКБ прирачник со тризнаковни категории со индекс по азбучен ред за употреба онаму каде посложената, детална четиризнаковна верзија би била несоодветна.

На конференцијата беа избрани следните функционери:

Д-р Р.Х.Ц. Велс, Австралија (*Претседател*)
Д-р Х. Беј-Нилсен, Данска (*Потпретседател)*
Д-р Р. Браун, Германска Демократска Република (*Потпретседател)*
Г. Р.А. Израел, Соединетите американски држави (*Потпретседател)*
Д-р Р. Лауренти, Бразил (*Потпретседател)*
Д-р П. Магин, Франција (*лице за контакт)*
Г-ѓа Е. Тејлор, Канада (*лице за контакт*)

Секретаријатот на Конференцијата го сочинуваа:

Д-р Ј.П. Жардел, Заменик генерален директор, СЗО, Женева, Швајцарија
Д-р Х.Р. Хапсара, Директор, Оддел за епидемиолошки надзор и проценка на здравствените состојби и движења, СЗО, Женева, Швајцарија
Д-р Ј.Ц. Алари, Главен медицински функционер, Развој на епидемиолошки и здравствено статистички услуги, СЗО, Женева, Швајцарија
Д-р Г.Р. Бремер, Медицински функционер, Развој на епидемиолошки и здравствено статистички услуги, СЗО, Женева, Швајцарија (*Секретар)*
Г. А. Лур, Технички функционер, Развој на епидемиолошки и здравствено статистички услуги, СЗО, Женева, Швајцарија
Професор В. Jениш, Германска демократска република (*привремен советник)*
Г. Т. Крусе, Данска (*привремен советник)*
Д-р К. Купка, Франција (*привремен советник)*
Д-р Ј. Леовски, Полска (*привремен советник)*
Г. Р.М. Лој, Обединетото кралство на Велика Британија и северна Ирска (*привремен советник)*
Г. Р.Х. Симен, Соединетите американски држави (*привремен советник)*

Секретаријатот на Конференцијата беше потпомогнат од претставници на други релевантни технички служби од седиштето на СЗО.

На Конференцијата беше прифатен дневниот ред со предложената содржина за поглавјата на Десеттата ревизија и материјалот што треба да се вклопи во објавениот прирачник; процесот на негово вклопување и фамилијата на класификации и сродни проблематики.

## 1. ИСТОРИЈА И РАЗВОЈ НА ПРИМЕНАТА НА МЕЃУНАРОДНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА БОЛЕСТИ (МКБ)

На Конференцијата имаше потсетување за историјата на статистичката класификација што датира од осумнаесеттиот век. За разлика од поранешните класификации кои беа засегнати само за причинителите за смртност, обемот на класификацијата се проширува со Шестата ревизија во 1948 год. при што во неа се вклучуваат и нефаталните болести. Проширувањето продолжува и до Деветтата ревизија, со воведување на одредени новини со цел да се задоволат статистичките потреби на најразличните организации. Освен тоа, на меѓународната Конференција на Деветтата ревизија (Женева, 1975 год.) (*1*) беа донесени препораки и е одобрено објавувањето на дополнителните класификации за медицинските процедури и за оштетување, онеспособности и хендикепи за истражувачки сели.

## 2. ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ПОДГОТВКА НА ПРЕДЛОЗИТЕ ЗА ДЕСЕТТАТА РЕВИЗИЈА НА МКБ

Предлозите изнесени пред Конференцијата беа резултат на широка активност во седиштето на СЗО како и во светот. Програмата за работа се одвиваше преку редовни состаноци на раководителите на Колаборационите центри за класификација на болестите на СЗО. Насочувањето на подготовките беше овозможено преку бројните специјални состаноци и Комитетот на експерти за меѓународната класификација на болестите – Десетта ревизија, која се состана во

1984 год. (*2*) и во 1987 год. (*3*) за да се донесат одлуки за понатамошниот правец по кој треба да се одвива работата и да се формулираат конечните предлози.

Обемната подготвителна активност беше посветена на радикалниот преглед на погодноста на структурата на МКБ, особено на статистичката класификација на болестите и на други здравствени проблеми, за задоволување на големиот број разни потреби од податоци за морталитетот и здравствената заштита. Се испитуваа и начините за стабилизација на системот за шифрирање со цел да се минимизираат нарушувањата што би настанале со следните ревизии, како и можностите за воспоставување на подобра рамнотежа меѓу различните поглавја на МКБ.

Дури и со новата структура стана јасно дека една класификација нема да може да одговори на крајните барања. Токму заради тоа се разви концептот на 'фамилија' на класификации со главната МКБ како основа која ја рива централната потреба за традиционалната статистика на морталитет и морбидитет, додека останатите членови на фамилијата ќе се занимаваат со потребните за подетални, помалку детални и различни класификации и со придружните материи.

Колаборационите центри спроведоа испитување на неколку алтернативни модели за структурата на МКБ, но се утврди дека ниеден од нив нема задоволителни карактеристики и ниту еден нема доволно предности во однос на веќе постоечката структура за да го оправда нејзиното заменување. Специјалните состаноци кои беа одржани за оцена на Деветтата ревизија го потврдија ова и покрај тоа што некои потенцијални корисници тврдеа дека постоечката структура на МКБ е несоодветна, поголем дел од корисниците беа задоволни и сметаа дека таа има својствени можности и покрај некои очевидни противречности побараа таа да продолжи да постои во досегашната форма.

Беа испитани разни шеми на алфанумеричко обележување со цел да се создаде рамка за шифрирање што ќе овозможи подобра рамнотежа меѓу одделните поглавја и што ќе создаде доволен простор за идни податоци и измени без нарушување на шифрите.

Одлуките донесени во врска со оваа материја го трасираа патот за подготовка на последователните нацрт-предлози за поглавјата во десеттата ревизија. Овие предлози во два наврата беа разгледувани од земјите-членки со цел да се добијат коментари а беа разгледани и од други заинтересирани тела, како и на состаноците на раководителите на центрите и на Комитетот на експерти. Голем број меѓународни професионални специјалистички здруженија, индивидуални специјалисти и експерти, и друго оддели во седиштето на СЗО и регионални канцеларии упатија совети и насоки до одделението на СЗО одговорно за МКБ и до колаборационите центри на МКБ за подготовка на предлозите и помошниот материјал којшто беше презентиран пред Конференцијата. СЗО со задоволство ја прифати оваа помош.

## 3. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ И СОДРЖИНА НА ПРЕДЛОЖЕНАТА ДЕСЕТТА РЕВИЗИЈА НА МКБ

Главната новина во предлозите за Десеттата ревизија беше употребата на алфанумеричка шема на шифрирање од една буква и три броја на четиризнаковно ниво. Ова влијаеше повеќе од двојно да се зголеми рамката на шифрирање во споредба со деветтата ревизија и овозможи на поголемиот дел поглавја да им се додели само една буква или група на букви, од кои секоја може да даде 100 тризнаковни категории. Од 26 слободни букви, 25 се употребени, освен буквата U која е оставена слободна за идни дополнувања и промени и за можна привремена класификација за да се решат тешкотиите кои се појавуваат на национални и меѓународно ниво помеѓу ревизиите.

Како предмет на политика, некои тризнаковни категории се оставени празни за натамошно проширување и ревизија, а нивниот број се менува во согласност со поглавјата: Оние со примарна анатомска оска на класифицирање имаат помалку слободни категории, бидејќи се смета дека идните измени во нивата содржина по својата природа ќе бидат поограничени.

Деветтата ревизија содржеше 17 поглавја и две дополнителни класификации: Дополнителни класификации за надворешни причини за повреди и труење (Е-шифра) и Дополнителна класификација на фактори кои влијаат на здравствениот статус и на контактот со здравствените служби (В-шифра). По препораките од Подготвителниот состанок за Десеттата ревизија (Женева 1983 год.) (*4*) и одобрени на следните состаноци, овие две поглавја повеќе не се сметаа за дополнителни, туку се вклучија како дел од основната класификација.

Редот на внесување на поглавјата во предлозите за Десеттата ревизија првично беше ист како во Деветтата ревизија; сепак, за ефикасно да се искористи слободниот простор, нарушувањата на имунолошкиот механизам беа подоцна вклучени заедно со болестите на крвта и крвните садови, додека во Деветтата ревизија беа вклучени со

ендокринолошките, нутритивните и метаболичните болести. Новото глава за Болести на крвта и крвотворните органи и одредени аномалии на имунолошкиот
механизам‘ по што следува главата ’Неоплазми‘, со што ја дели буквата D.

Во текот на разработката на нацрт-предлогот за главата ’Болести на нервниот систем и сетилните органи‘, стана јасно дека ќе биде можно сите барани детали да се сместат под една буква во 100 тризнаковни категории. Затоа, беше одлучено да се формираат три одделни поглавја – „ Болести на нервниот систем‘ со буквата G и две поглавја за ’болести на окото и аднексите’ и за ’Болести за увото и мастоидниот процес‘ што ќе ја делат буквата H.

Исто така, поглавјата ’Болести на генитоуринарниот систем‘, ’Бременост, породување и пуерпериум‘, ’одредени состојби што настануваат во перинаталниот период‘ и ’Конгенитални малформации, деформации и хромозомски ненормалности‘ се собрани заедно во поглавјата XIV до XVII.

Со вклучување на поранешните дополнителни класификации во основната класификација и составувањето на двете нови поглавја, вкупниот број на поглавја во предлогот за Десеттата ревизија стана 21. Насловите на некои од нив се изменија со цел да се даде подобро објаснување на нивната содржина.

Онаму каде беа предложени радикални промени на МКБ, се спроведе теренско тестирање. Тестирањето беше на следните поглавја:

V. Ментални растројства и растројства на односките
XIX. Повреди, труење и одредени други последици од надворешни причини
XX. Надворешни причини за морбидитет и морталитет

Глава II, ’Неоплазми‘, исто така беше предмет на извесно теренско тестирање иако промените во нејзината содржина беа од помал обем.

Некои нови одлики беа внесени во предлозите за Десеттата ревизија, како што се:

- Белешките за исклучоци на почетокот на секое глава се проширија за да се објасни релативната хиерархија на поглавјата, и да се појасни дека поглавјата ’специјална група‘ имаат приоритет на означувањето во однос на поглавјата за органи или системи како и тоа дека меѓу специјалните групни поглавја, поглавјата ’бременост, породување и пуерпериум‘ и ’определени состојби што потекнуваат од перинаталниот период‘ имаат предност над останатите.

- Исто така, на почетокот на секое глава е даде преглед на деловите од тризнаковните категории, а онаму каде е битно е даден преглед на категориите со ѕвездичка со цел да се разјасни структурата на поглавјата и да се олесни употребата на категориите со ѕвездичка.

- Забелешките во табеларната листа се однесуваат на сите намени на класификацијата; доколку забелешката соодветствува само со морбидитетот или само со морталитетот, таа е вклучена во специјалните забелешки приложени со правилата за шифрирање на морбидитетот или правилата на шифрирање на морталитетот.

- Во Деветтата ревизија беа означени одреден број на состојби како што се оние предизвикани со лек; овој пристап се задржа при составување на предлозите за Десеттата ревизија и многу други вакви состојби сега се означени поединечно

Значајна новина беше создавањето на категории за постоперативни заболувања при крајот на одредени глава. Тие идентификуваат значајни состојби што самите по себе претставуваат проблем при медицинската нега и опфаќаат примери за ендокрините и метаболитичките заболувања што се јавуваат по отстранување на орган, како и други специфични состојби, како што е дампинг синдромот при хируршко отстранување на желудникот. Постоперативните состојби што не се специфични за одделни телесни системи, вклучувајќи ги и непосредните компликации како што се емболијата и постоперативниот шок, и понатаму ќе се класифицираат во главата ’Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини‘.

Друга измена беше и тоа што во Деветтата ревизија четиризнаковните Наслови мораа да се читаат заедно со тризнаковните наслови за да се утврди целосното значење и намената на поткатегоријата, додека во нацртот прикажан на Конференцијата, насловите постојано се комплетни и можат да стојат самостојно како посебни.

Двојната класификациска шема за етиологија и манифестација, позната како систем на крвче и ѕвездичка, воведена во Деветтата ревизија, беше предмет на значителна критика. Тоа се должи главно на фактот што класификацијата често содржи смеса на манифестација и други информации на три- и четирзнаковно ниво, со исти дијагностички белези што некогаш се појавуваат и во двете оски. Исто така, многумина сметаа дека на системот е недоволно сеопфатен. За да се надминат овие проблеми, во нацртот на Десеттата ревизија, информацијата обележана со ѕвездичка е содржана во 82 хомогени тризнаковни категории за изборна употреба. Овој пристап овозможи овие дијагностички извештаи што содржат информации и за општата основна болест и за манифестацијата или компликацијата на определен орган или локализација да добијат две шифри, што овозможува пронаоѓање или табелирање според едната или другата оска.

Овие карактеристики на предложената Десетта ревизија беа прифатени на Конференцијата.

На Конференцијата беше претставено секое глава преку приказот на промените воведени уште во Деветтата ревизија и некои основни информации за одредени новини. На Конференцијата се дискутираше за некои прашања во врска со промените на структурата и содржината на поглавјата, при што беше постигната согласност за следење и за модифицирање од страна на Секретаријатот.

## 4. СТАНДАРДИ И ДЕФИНИЦИИ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА ЗДРВЈЕТО НА МАЈКАТА И ДЕТЕТО

На Конференцијата со интерес беа разгледани препорачаните дефиниции, стандарди и поднесените барања за десеттата ревизија во врска со мајчинскиот морталитет и феталниот, перинаталниот, неонаталниот и доенечкиот морталитет. Ваквите препораки произлегоа од серијата специјални состаноци и консултации и беа насочени кон подобрување на споредливоста на податоците.

Конференцијата се согласи дека е пожелно да се задржат дефинициите за живороденост и за феталната смрт како што се дадени во Деветтата ревизија.

По извесна дискусија, на Конференцијата беше составена работна група за предметот за мајчински морталитет и врз основа на нејзините препораки исто така се постигна согласност да се задржи дефиницијата за мајчинската смрт како што е дадена во Деветтата ревизија.

со цел да се подобри квалитетот за податоците за мајчински морталитет и да се обезбедат алтернативни методи за прибирање на податоци за смртност за време на бременоста или во врска со неа, како да се поттикне евидентирањето на смртноста од акушерски причини што настануваат по 42 дена од прекинувањето на бременоста, работната група формулира две дополнителни дефиниции ’смртност поврзана со бременоста‘ и ’доцна мајчинска смрт‘.

Конференцијата

> ПРЕПОРАЧА земјите да го разгледаат вклучувањето на прашањата што се однесуваат на тековната бременост и на бременоста во текот на една година пред смртта во потврдите за смрт.

Конференцијата се согласи бидејќи бројот на живородените е општо подостапен од бројот на вкупните раѓања (живороденост и фетална смртност), тој да се употреби како именител на пропорциите што се однесуваат на мајчинскиот морталитет [како што е содржано во книга 2 од МКБ-10].

во врска со перинаталниот, неонаталниот и доенечкиот морталитет, беше особено сугерирано дека објавените стапки базирани на кохорти на раѓање треба да бидат така идентифицирани и диференцирани.

На Конференцијата се потврди практиката за изразување на возраста во целосни временски единици, при што првиот ден на животот се означува како нулти ден.

Конференцијата

ПРЕПОРАЧА во Прирачникот на Десеттата ревизија на МКБ да се вклучат дефиниции, стандарди и барања во врска со извештаите за мајчинскиот морталитет и феталниот, перинаталниот, неонаталниот и доенечкиот морталитет.

## 5. ПРАВИЛА ЗА ШИФРИРАЊЕ И СЕЛЕКТИРАЊЕ И ЛИСТИ ЗА ТАБЕЛИРАЊЕ

### 5.1 Правила за шифрирање и селектирање на морталитетот

Конференцијата беше запознаена со процесот на ревизија на правила за селекција и модифицирање на основната причина за смрт и придружните забелешки онака како што се дадени во Деветтата ревизија, што доведе до неколку препорачани измени во правилата, и до обемни промени во забелешките.

Конференцијата

Препорача правилата за селекција на причината за смрт за примарното табелирање на морталитетот, онака како што се дадени во Деветтата ревизија, да се заменат во Десеттата ревизија [со оние содржани во кинга 2 од МКБ-10].

Конференцијата понатаму беше информирана дека одново се зацртани и разгледани дополнителните забелешки што се употребуваат при шифрирањето на основната причина и интерпретацијата на вклучените причини за смрт. Бидејќи забелешките имаат за цел да ја подобрат конзистентноста во шифрирањето, Конференцијата се согласи тие исто така да бидат вклучени во Десеттата ревизија.

Конференцијата ја обележа продолжената употреба на шифрирање и анализа на мулти-состојбата во врска со причините за смртта. Таа изрази охрабрување за ваквите активности, но не препорача Десеттата ревизија да содржи некои посебни правила или методи за анализа што би требало да се почитуваат.

Разгледувајќи го меѓународниот образец за лекарски извештај за причината за смрт, Комитетот на експерти официјално одобри дека ситуацијата со стареењето на популацијата со поголем соодност на смртност од многукратни болести и ефектите од придружните тераписки интервенции, имаат тенденција да го зголемат бројот на можните извештаи меѓу основната и директната причина за смрт: Ова значи дека во многу земји во извештајот за смрт се внесени зголемен број состојби. Ова го принуди Комитетот да препорача вклучување на дополнителна линија (d) во Дел I од извештајот.

Затоа Конференцијата:

Препорача онаму каде што е установена потреба, земјите да ја разгледаат можноста за вклучување на дополнителна линија (d) во Делот I од медицинскиот извештај за причината за смрт.

### 5.2 Правила за шифрирање и селектирање на морбидитет

За прв пат во Деветтата ревизија е содржано упатство за евиденција и шифрирање на морбидитетот и одделно за селекција на единечна состојба за прикажување на статистички податоци за морбидитет. Искуствата стекнати со употреба на дефинициите и правилата во Деветтата ревизија ја потврдија нивната корисност и создадоа барање за нивното појаснување и понатамошна елаборација во врска со регистрацијата на дијагностичките информации од здравствените работници како и за подобро упатување при решавање на специфичните проблематични ситуации.

На конференцијата беа одобрени препораките од Конференцијата за ревизија од 1975 год во врска со состојбата која што треба да се одбере како состојба за единична анализа на епизодите од здравствената заштита, и ставот дека каде што е изводливо треба да се спроведе шифрирање и анализа на мултиплата состојба како дополнување на рутинските статистички податоци. Таа нагласи дека Десеттата ревизија треба да нагласи дека поголем дел од упатството е применлив само кога табелирањето на ’главната состојба‘ е соодветно за една епизода и кога концептот ’епизода‘ самиот по себе е поврзан со начинот на кој се организира собирањето на податоците.

Според тоа, Конференцијата

> Препорача во десеттата ревизија да се вклучи дополнително упатство за евиденција и шифрирање на морбидитетот, и дефинициите од 'главната состојба' и 'други состојби' да бидат вградени, заедно со модифицираните правила за постапување при очигледно неправилно наведена 'главна состојба' [Вклучени во Книга 2 од МКБ-10.]

Конференцијата исто така

> ПРЕПОРАЧА дека онаму каде што 'главната состојба' е предмет на двоен класификационен систем обезбеден во МКБ, и крвчето и ѕвездичката треба да бидат запишани, за да се овозможи алтернативно табелирање и со едното и со другото.

Конференцијата се согласи дека за да се обезбеди понатамошна помош треба да се додадат проширени забелешки и примери.

### 5.3 Листи за табелирање на морталитетот и морбидитетот

Конференцијата беше известена за тешкотиите што произлегоа од употребата на основната листа за табелирање врз основа на Деветтата ревизија и за активностите што беа преземени, особено од страна на СЗО, за развој на нови листи за табелирање и објавување на податоците за морталитет. Во овој процес стана јасно дека во многу земји морталитетот до петгодишна возраст е погруб индикатор отколку доенечкиот морталитет, и затоа би било пожелно да се има листа која ќе ги вклучи и доенечката смртност и смртноста на деца до петгодишна возраст, отколку само листа во која се опфатени само доенчиња.

Од Конференцијата за разгледување беа изготвени две верзии на листи за општ морталитет и за доенечки и детски морталитет со втора верзија во која се вклучени и Насловите на поглавјата и останатите делови од поглавјата како неопходни.

Бидејќи беа изразени некои сомненија во врска со прикажаните листи на морталитетот, беше формирана мала работна група за да го разгледа можното дополнително вклучување на некои дополнителни ставки. Извештајот од работната група е усвоен од страна на Конференцијата и се одразува во листите на морталитет. На тема на листите за табелирање на морбидитет, Конференцијата ги разгледа предложените листи за табелирање и моделот на листа за објавување базирана на Насловите на поглавјата, со одредени ставки како пример под секој Наслов. Беше изразена значителна загриженост за применливоста на овие листи кај севкупниот морбидитет во најширока смисла на зборот. Се постигна општа согласност дека листите како што се претставени најверојатно се повеќе прилагодени за болничкиот морбидитет, и дека треба да се направат дополнителни напори за развивање на листи соодветни за другите примени на морбидитетот, како и дека листите за табелирање и на морбидитетот и на морталитетот во Десеттата ревизија треба да бидат проследени со соодветни објаснувања и упатства за нивна употреба.

врз основа на грижите изразени на Конференцијата и заклучоците од работната група, на Конференцијата се постигна согласност дека листите за табелирање и објавување треба да се појават во Десеттата ревизија, а исто така треба и да се направат напори за да се дадат појасни, поописни Наслови на листите. Исто така беше постигната согласност дека за да се олесни алтернативното табелирање на категориите со ѕвездичка, треба да се развие втора верзија на листата за табелирање на морбидитет, којашто е вклучена во категориите со ѕвездички.

## 6. ФАМИЛИЈА НА КЛАСИФИКАЦИИ

### 6.1 Концепт на фамилија на класификации

За време на подготовката на Деветтата ревизија, веќе беше јасно дека само МКБ не може да ги покрие сите барани информации и дека само 'фамилија' на болести или здравствено-поврзани класификации би можеле да ги задоволат различните барања во јавното здравство. Затоа, уште од крајот на 1970-тите години, беа предвидувани различни можни решенија, од кои едно бараше основна класификација (МКБ) со низа модули, од кои некои се хиерархиски поврзани, а други од дополнителна природа.

После проучувањата и дискусиите во соработка со различни Колаборативни центри, беше елабориран концептот на фамилии на класификација и понатаму ревидиран од страна на Комитетот на експерти во 1987 год., којшто ја препорача шемата прикажана подолу.

Конференцијата

> Препорача концептот на фамилија на болести и сродни здравствени класификации да биде проследен од страна на СЗО.

со цел да се задржи интегритетот на МКБ и ваквиот фамилијарен концепт, Конференцијата

> Препорача дека во интерес на меѓународна споредливост, не треба да се прават промени во концептот (како што е покажано со Насловите) на тризнаковните категории и четиризнаковните поткатегории на Десеттата ревизија кога се подготвува превод или прилагодување, освен ако истите не се одобрени од СЗО. Секретаријатот на СЗО е одговорен за МКБ и дејствува како централно одобрувачко тело за секоја публикација (освен националните статистички публикации) или за преводи кои ќе произлезат од нив. СЗО треба да биде навремено известена за намерите да се направи превод и прилагодување или други класификации поврзани со МКБ-10.

## ФАМИЛИЈА НА БОЛЕСТИ И ЗДРАВСТВЕНО-ПОВРЗАНИ КЛАСИФИКАЦИИ




Конференцијата со интерес ј погледна презентацијата на употребата и поврзаноста на различни членови на фамилијата на МКБ во медикосоцијалната и мултидимензионалната оценка на постарите лица во врска не само со здравјето туку и со секојдневните активности, како и социјалната и физичката околина. Беше покажано дека ефикасни информации можат да се добијат преку употребата на МКБ и Меѓународната класификација на нарушувања, заболувања и хендикепи (МКНЗХ), а особено преку употреба на шифри од предложеното глава XXI од Десеттата ревизија.

### 6.2 Прилагодувања базирани на специјалност

Конференцијата беше информирана за плановите за развој на прилагодувањата во Десеттата ревизија за програмската област за ментално здравје. За клиничките упатства ќе има и придружна верзија наменета за употреба од страна на клиничари кои работат во полето на психијатријата; ќе бидат предложени критериуми за истражување за употреба во испитувањата на проблемите со менталното здравје; исто така ќе се употребуваат и мулти-оскни презентации за решавање на растројствата во детска возраст, а за класификација на проблеми кај возрасни исто така ќе биде подготвена верзија која ќе ја употребуваат општите лекари. Збирки од шифри од МКБ соодветни за психијатрија и неврологија исто така ќе бидат подготвени заедно со линиите од претходните публикации на оваа тема.

Конференција исто така беше известена за методите што се употребени за да се обезбеди зачувување базичната структура и функција на МКБ при почетна примена кај медицинските специјалисти во забарството и стоматологијата (МКБ-ЗА) и беше информирана дека новата ревизија на МКБ-ЗА поврзана со Десеттата ревизија е во завршна фаза на подготовка.

Беше презентирано второто издание на меѓународната класификација на болести за Онкологија (МКБ-О), кое е мулти-оскна класификација вклучувајќи и топографија и морфологија на неоплазми. Шифрите за морфологија од МКБ-О, развивани во текот на долг временски период, се ревидирани и интензивно испитувани на теренот. Топографските шифри во второто издание ќе се засноваат на категориите C00–C80 во Десеттата ревизија, а публикацијата, според тоа, ќе го чека прифаќањето на Десеттата ревизија од страна на Светското здравствено собрание.

Беше постигната согласност за вредноста на адаптацијата во областа на општата медицинска пракса и Конференцијата беше информирана за спремноста на групите кои работат во оваа област да соработуваат со СЗО. Во врска со другите адаптации според специјалноста, за кои постои веројатност дека нивниот број ќе се зголеми, препорачаната улога на СЗО како централна служба за собирање и дистрибуција на информации се смета за исклучително значајна.

### 6.3 Информативна поддршка за примарната здравствена заштита

во согласност со препораките од Конференцијата за ревизија од 1975 год., се состана работната група на регионалната канцеларија на СЗО за Југоисточна Азија во Делхи во 1976 год. Состави детална листа на збирни симптоми, а од неа беа изведени две пократки листи, една за причините за смрт и една за причините за контакт со здравствените служби. Теренските испитувања на овој систем се спроведоа во земјите на регионот, а резултатите беа употребени за ревизија на листата на збирни симптоми и формите на известување. Оваа ревидирана верзија е публикувана од страна на СЗО во 1978 год. во брошурата *Лаичко известување за здравствената информација (5).*

Глобалната стратегија здравје за сите до 2000-та год., лансирана во 1978 год., создаде многу предизвици за развој на информативните системи во земјите-членки. На меѓународната конференција за здравствена статистика до 2000-та год. (Белагио, Италија, 1982) (*6*), интеграцијата на информацијата ’лаичко известување‘ со друга информација создадена и се употребува во раководењето со здравството е установена како важен проблем што го спречува поширокото спроведување на шемите за лаичко известување. Советувањето на класификациите во примарната здравствена заштита (Женева, 1985 год.) (*7*) ја нагласи потребата за пристап што ќе овозможи унификација на информативната поддршка, управувањето со здравствена служба и со јавните служби преку информација базирана на лаичко известување во пошироко смисла на информација добиена од заедницата

Конференцијата беше информирана за искуствата на земјите за развој и примена на здравствената информација добиена од заедницата што ги опфаќа здравствените проблеми и потреби, соодветните фактори на ризик и ресурсите. Таа го поддржа концептот на развој на неконвенционални методи на општинско ниво како метод за пополнување на информативниот јаз во одделни земји и за зајакнување на нивните информативни системи. Беше нагласено дека и за развиените и за земјите во развој, ваквите методи или системи треба да се развиваат локално и дека поради факторите како моделите на морбидитет како и за јазичните и културните различности, не треба да се прави обид за пренос во други области или земји.

### 6.4 Оштетувања, онеспособности и хендикепи

Меѓународната класификација на оштетувања, онеспособности и хендикепи (МКООХ) (*8*) за истражувачка намена е публицирана од страна на СЗО на англиски јазик во 1980 год., а во согласност со препораките од Конференцијата за

ревизија од 1975 год. и со резолуцијата WHA29.35 (*9*) од Светското здравствено собрание одржано во 1976 год. Оттогаш, истражувањето и развојот на класификацијата одеше во различни правци.

Главните дефиниции за трите елементи - оштетување, онеспособеност и хендикеп - без сомнение беа оние што помагаа во менувањето на ставовите кон онеспособеноста. Дефиницијата за оштетување, област каде што постоеше значително препокривање на термините вклучени во МКБ, беше широко прифатена. Дефиницијата за онеспособеност широко се вкрстува со полето на дејствување на професионалците и групите што се занимаваат со рехабилитација, иако се имаше чувство дека има потреба од поголемо внимание во придружната шифра за степенување на тежината, која што често е претскажувач на хендикепот. Исто така имаше повеќе барања за ревизија на дефиницијата за хендикеп во смисла на ставање поголема нагласеа на ефектот од интеракцијата во околината.

Брзата еволуција на идеите и практиката во третирањето на онеспособноста го исклучи навременото создавање на ревидирана МКООХ и нејзино навремено поднесување до Конфернцијата. Беше изјавено дека публикацијата на нова верзија нема да биде можна пред спроведувањето на Десеттата ревизија.

### 6.5 Процедури во медицината

Меѓународната класификација на процедури во медицината (МКПМ) (*10*) е публикувана од страна на СЗО во 1978 год. со истражувачки цели во согласност со препораките од Конференцијата за ревизија од 1975 год. и со резолуцијата WHA29.35 (*9*) од Светското здравствено собрание одржано во 1976 год. Класификацијата е прифатена од неколку земји и се употреби како основа за национални класификации на хируршки операции во неколку други земји.

Раководителите на Колаборативните центри за класификација на болести на СЗО осознаа дека нацрт-предлозите, добивањето забелешки, создавањето на нови нацрт-предлози и барањето за следни забелешки, кои што мораат да поминат кај СЗО пред финализацијата и публикувањето, е невозможно со вака брзо менливо поле како што се процедурите. Затоа раководителите на центрите препорачаа да не се прави ревизија на МКПМ заедно со Десеттата ревизија на МКБ.

Во 1987 год. Комитетот на експерти побара од СЗО да ја разгледа можноста за обновување на Десеттата ревизија, барем нацртот за глава 5, ’хируршки процедури‘ од експерименталната МКПМ. Како одговор на ова барање и на потребите изразени од страна на неколку земји, Секретаријатот направи напори да подготви листа на табелирање на процедурите.

Листата им беше претставена на Раководителите на центрите на состанокот во 1989 год. при што се постигна согласност дека таа може да послужи како упатство за националната презентација или публикација на статистички податоци за хируршките процедури, како и да овозможи споредби меѓу земјите. Целта на листата е да се означат процедурите и групните процедури и да ги дефинира како основа за развој на националните класификации, на тој начин подобрувајќи ја споредливоста на ваквите класификации.

Конференцијата се согласи дека ваквата листа има вредност и дека треба да се продолжи со работата за нејзиниот понатамошен развој, и покрај тоа што било која публикација ви следела по спроведувањето на Десеттата ревизија.

### 6.6 Меѓународна номенклатура на болести

Од 1970 год. Советот на меѓународните организации за медицински науки (СМОМН) се вклучи во подготовка на Меѓународната номенклатура на болести (МНБ) која би требало да послужи како дополнување на МКБ.

Главната цел на МНБ беше да обезбеди едно препорачано име за секој ентитет на болест. Главниот критериум за избор на името беше тоа да биде специфично, единечно, самоописно и што е можно поедноставно, како и базирано на причината каде што е тоа можно. Секоја болест или синдром за кој беше препорачано име, беа дефинирани како единечни и колку што е можно пократки. До секоја дефиниција се придодаде и листа на синоними.

Истовремено со Конференцијата се објавија и книгите за болести на долниот респираторен тракт, инфективни болести (вирусни, бактериски и паразитски болести и микози) и кардијалните и васкуларните болести, а во тек беше работата на книгите за дигестивниот систем, женскиот генитален систем, уринарниот и машкиот генитален систем, метаболичните и ендокрините болести, крвта и крвотворните органи, имунолошкиот систем, мускулоскелетниот систем и нервниот систем. Темите кои беа предложени за следните Книги вклучуваа психијатриски болест, како и болестите на кожата, увото. Носот и грлото и окото и аднекситe.

Конференцијата заклучи дека издржана, современа и меѓународна номенклатура на болести е важна за развојот на МКБ и подобрувањето на споредливоста на здравствените информации. Затоа Конференцијата:

> Препорача СЗО и СМОМН да се поддржат во испитувањето на исплатливите патишта за постигнување на навремено комплетирање и одржување на таквата номенклатура.

## 7. ПРИМЕНА НА ДЕСЕТТАТА РЕВИЗИЈА НА МКБ

Конференцијата беше информирана за намената на СЗО да ја објави деталната четиризнаковна верзија на Десеттата ревизија во три книги: Прва која ќе ја содржи табеларната листа, втора која ќе ги содржи сите соодветни дефиниции, стандарди, правила и упатства, и трета која ќе го содржи индексот по азбучен ред.

Конференцијата понатаму беше информирана дека тризнаковната верзија на Десеттата ревизија ќе биде објавена како посебна книга која ќе ја содржи табеларната листа и сите забелешки за вклучување и исклучоци. Исто така ќе го содржи и сите соодветни дефиниции, стандарди, правила и упатства и скратен индекс по азбучен ред.

Земјите-членки што имаат намера да објават верзија од Десеттата ревизија на национален јазик, за тоа треба да ја известат СЗО. СЗО ќе обезбеди копии од нацртите на МКБ на три- и четиризнаковно ниво и во печатена и во електронска форма.

Со оглед на физичкиот изглед на страниците и отпечатените форми и на табеларната листа и на индексот по азбучен ред, Конференцијата беше уверена дека препораките од раководителите на центрите и поплаките на шифрантите ќе се земат предвид, и ќе се направи секој можен напор за подобрување на овие аспекти во споредна со Деветтата ревизија.

Како и кај Деветтата ревизија, се имаше намера со помош на Колаборативните центри да се изготват материјали за преориентација на обучените шифранти. Актуелните курсеви за обука ќе бидат во надлежност на регионалните канцеларии на СЗО и на одделните земји. Тие ќе се одржат од крајот на 1991 год. до крајот на 1992 год., за да се завршат пред применувањето на Десеттата ревизија.

Исто така, СЗО ќе подготви материјали за основна обука на новите корисници на МКБ; меѓутоа не беше планирано со курсевите да се почне пред 1993 год.

Како што е наведено погоре, СЗО ќе биде подготвена да ја обезбеди Десеттата ревизија (и табеларната листа и индексот по азбучен ред) во електронска копија. Во иднина, со помош на Колаборативните центри, и друг софтвер може да биде достапен. Клучот за конверзија од Деветтата во Десеттата ревизија и обратно, ќе биде достапен пред примената на Десеттата ревизија.

Бидејќи развојните активности што беа одобрени од страна на Комитетот на експерти беа на програмата, Конференцијата

> Препорача Десеттата ревизија на меѓународната класификација на болести треба да влезе во сила на 1 јануари 1993 год.

## 8. ИДНИ РЕВИЗИИ НА МКБ

На Конференцијата се дискутираше за потешкотиите што се појавија во текот на продолжената употреба на Деветтата ревизија, поврзани со појавувањето на нови болести и недостатокот на механизам за нејзиното обновување и прилагодување за нив.

Беа дискутирани различни предлози за механизмите со кои би се надминале овие тешкотии и би се избегнале сличните проблеми во врска со Десеттата ревизија. Беше јасно дека има потреба на понатамошна размена на информации за да се стандардизира употребата на Десеттата ревизија меѓу земјите, но и дека било кои промени во текот на нејзиното ’траење‘ треба многу внимателно да бидат разгледани во однос на нивното влијание на анализите и движењата. Се дискутираше и за видот на форумот на кои ќе бидат разгледани ваквите промени и можноста за употреба на слободната буква 'U' во ново или привремено поставување на шифрите. Се постигна согласност дека нема да биде изводливо да се одржуваат конференции за ревизија почесто од секои десет години.

врз основа на изразените потреби и на фактот дека би било неадекватно да се прави обид за определување или дефинирање на точна постапка што би била употребена, Конференцијата

> Препорача идната меѓународна конференција за ревизија да се одржи по десет години, и СЗО да го усвои концептот за процес на осовременување во периодот меѓу ревизиите и да го разгледа прашањето за тоа како би можел да се воспостави ефикасен механизам за осовременување.

### 9. УСВОЈУВАЊЕ НА ДЕСТТАТА РЕВИЗИЈА НА МКБ

Конференцијата ги изготви следните препораки:

Разгледувајќи ги предлозите подготвени од Организацијата врз основа на препораките од Комитетот на експерти за меѓународната класификација на болести – Десетта ревизија,

Имајќи ја на ум потребата од неколку мали додатни модификации што ќе ги одразат забелешките на неколку детали изнесени на Конференцијата од страна на неколку земји-членки,

> Препорача предложените ревидирани поглавја, со нивните тризнаковни категории и можни четиризнаковни поткатегории и кратки листи за табелирање на морталитетот и морбидитетот, да ја сочинуваат Десеттата ревизија на меѓународната статистичка класификација на болести и сродни здравствени проблеми.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. *International Classification of Diseases, 1975 Revision*, Volume 1. Geneva, World Health Organization, 1977, pp. xiii-xxiv.
2. *Report of the Expert Committee on the International Classification of Diseases – 10th Revision: First Meeting*. Geneva, World Health Organization, 1984 (unpublished document DES/EC/*ICD-10*/84.34).
3. *Report of the Expert Committee on the International Classification of Diseases – 10th Revision: Second Meeting.* Geneva, World Health Organization. 1987 (unpublished document WHO/DES/EC/*ICD-10*/87.38).
4. *Report of the Preparatory Meeting on ICD-10*. Geneva, World Health Organization, 1983 (unpublished document DES/*ICD-10*/83.19).
5. *Lay reporting of health information*. Geneva, World Health Organization, 1978.
6. *International Conference on Health Statistics for the Year 2000*. Budapest, Statistical Publishing House, 1984.
7. *Report of the Consultation on Primary Care Classifications*. Geneva, World Health Organization, 1985 (unpublished document DES/PHC/85.7).
8. *International Classification of Impairments, Disabilities, and Handicaps*. Geneva, World Health Organization, 1980.
9. *WHO Official Records*, No. 233, 1976, p. 18.
10. *International Classification of Procedures in Medicine*. Geneva, World Health Organization, 1978.[1]


[1] Извадок од електронската книга на НЦЗК, јули 2006 год., Табеларна листа на МКБ-10-АМ

# ЛИСТА НА ТРИЗНАКОВНИ КАТЕГОРИИ

# ГЛАВА 1

## ОДРЕДЕНИ ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ (A00–B99)

**Цревни заразни болести (A00–A09)**

A00 Колера
A01 Тифоидни и паратифоидни трески
A02 Други инфекции од салмонела
A03 Шигелоза
A04 Други бактериски цревни инфекции
A05 Други бактериски интоксикации од храна, некласифицирани на друго место
A06 Амебијаза
A07 Други протозоални цревни болести
A08 Вирусни и други означени цревни инфекции
A09 Дијареја и гастроентерит за кои се претпоставува дека се од заразно потекло

**Туберкулоза (A15–A19)**

A15 Респираторна туберкулоза, бактериолошки и хистолошки потврдена
A16 Респираторна туберкулоза, бактериолошки и хистолошки непотврдена
A17 Туберкулоза на нервниот систем
A18 Туберкулоза на други органи
A19 Милијарна туберкулоза

**Одредени зоонозни бактериски болести (A20–A28)**

A20 Чума
A21 Туларемија
A22 Антракс
A23 Бруцелоза
A24 Сакагија и мелиоидоза
A25 Треска предизвикана од каснување на стаорец
A26 Еризипелоид
A27 Лептоспироза
A28 Други зоонозни бактериски болести, некласифицирани на друго место

**Други бактериски болести (A30–A49)**

A30 Лепра [Хансенова болест]
A31 Инфекција предизвикана од друга микобактерија
A32 Листериоза
A33 Тетанус неонаторум
A34 Акушерски тетанус
A35 Друг тетанус
A36 Дифтерија
A37 Пертусис
A38 Шарлах
A39 Менингокона инфекција
A40 Стрептококна септикемија
A41 Друга септикемија
A42 Актиномикоза
A43 Нокардиоза
A44 Бартонелоза
A46 Еризипел
A48 Други бактериски болести, некласифицирани на друго место
A49 Бактериска инфекција на неозначена локализација

**Главно сексуално преносливи инфекции**

A50 Конгенитален сифилис
A51 Ран сифилис
A52 Доцен сифилис
A53 Друг и неозначен сифилис
A54 Гонококна инфекција
A55 Хламидичен лимфогранулом (венериски)
A56 Други сексуално преносливи хламидиски болести
A57 Шанкроид
A58 Ингвинален гранулом
A59 Трихомонијаза
A60 Аногенитална херпесвирусна [herpes simplex] инфекција
A63 Други главно сексуално преносливи болести, некласифицирани на друго место
A64 Неозначени сексуално преносливи болести

**Други спирохетни болести (A65–A69)**

A65 Невенеричен сифилис
A66 Фрамбезија
A67 Пинта [carate]
A68 Повратни трески
A69 Други спирохетни инфекции

**Други болести предизвикани од хламидии (A70–A74)**

A70 Инфекција предизвикана од *Chlamydia psittaci*
A71 Трахом
A74 Други болести предизвикани од хламидии

**Рикециози (A75–A79)**

A75 Тифусна треска
A77 Пегав тифус [рикециози пренесен од крлеж]
A78 Q треска
A79 Други рикециози

**Вирусни инфекции на централниот нервен систем (A80–A89)**

A80 Акутен полиомиелит
A81 Атипични вирусни инфекции на централниот нервен систем
A82 Беснило
A83 Вирусен енцефалит пренесен од комарец
A84 Вирусен енцефалит пренесен од крлеж
A85 Друг вирусен енцефалит, некласифициран на друго место
A86 Неозначен вирусен енцефалит
A87 Вирусен менингит
A88 Други вирусни инфекции на централниот нервен систем, некласифицирани на друго место
A89 Неозначена вирусна инфекција на централниот нервен систем

**Артроподно преносливи вирусни трески и вирусни хеморагични трески (A90–A99)**

A90 Денга треска [класична денга]
A91 Денга хеморагична треска
A92 Други вирусни трески пренесени од комарец
A93 Други артроподно преносливи вирусни трески, некласифицирани на друго место
A94 Неозначена артроподно преносива вирусна треска
A95 Жолта треска
A96 Аренавирусна хеморагична треска
A98 Други вирусни хеморагични трески, некласифицирани на друго место
A99 Неозначена вирусна хеморагична треска

**Вирусна инфекција што се карактеризира со лезии на кожата и мукозната мембрана (B00–B09)**

B00 Херпесвирусна [herpes simplex] инфекција
B01 Варичела [мали сипаници]
B02 Зостер [herpes zoster]
B03 Вариола
B04 Monkeypox
B05 Морбили
B06 Рубеола [Германски мали сипаници]
B07 Вирусни веруки
B08 Други вирусни инфекции што се карактеризираат со лезии на кожата и мукозната мембрана, некласифициран на друго место
B09 Неозначени вирусни инфекции што се карактеризираат со лезии на кожата и мукозната мембрана

**Вирусен хепатит (B15–B19)**

B15 Акутен хепатит А
B16 Акутен хепатит Б
B17 Друг акутен вирусен хепатит
B18 Хроничен вирусен хепатит
B19 Неозначен вирусен хепатит

**Болест од вирусот на хумана имунодифициенца [HIV] (B20–B24)**

B20 Болест од вирусот на хумана имунодифициенца [HIV] што резултира со инфективни и паразитски болести
B21 Болест од вирусот на хумана имунодифициенца [HIV] што резултира со малигни неоплазми
B22 Болест од вирусот на хумана имунодифициенца [HIV] што резултира со други означени болести
B23 Болест од вирусот на хумана имунодифициенца [HIV] што резултира со други состојби
B24 Неозначена болест од вирусот на хумана имунодифициенца [HIV]

**Други вирусни болести (B25–B34)**

B25 Цитомегаловирусна болест
B26 Паротит
B27 Инфективна мононуклеоза
B30 Вирусен конјуктивит
B33 Други вирусни болести, некласифицирани на друго место

B34 Вирусни инфекција на неозначена локализација

**Микози (B35–B49)**

B35 Дерматофитоза
B36 Други површински микози
B37 Кандидијаза
B38 Кокцидиоидомикоза
B39 Хистоплазмоза
B40 Бластомикоза
B41 Паракокцидиоидомикоза
B42 Споротрихоза
B43 Хромомикоза и феомикотичен апсцес
B44 Аспергилоза
B45 Криптококоза
B46 Зигомикоза
B47 Мицетом
B48 Други микози, некласифицирани на друго место
B49 Неозначена микоза

**Протозони болести (B50–B64)**

B50 Маларија предизвикана од *Plasmodium falciparum*
B51 Маларија предизвикана од *Plasmodium vivax*
B52 Маларија предизвикана од *Plasmodium malariae*
B53 Друга паразитолошки потврдена маларија
B54 Неозначена маларија
B55 Лајшманијаза
B56 Африканска трипаносомијаза
B57 Шагасова болест
B58 Токсоплазмоза
B59† Пнеумоцистоза
B60 Други протозоални болести, некласифицирани на друго место
B64 Неозначена протозоална болест

**Хелминтијази (B65–B83)**

B65 Шистозомијаза [билхарзијаза]
B66 Други трематодни инфекции
B67 Ехинококоза
B68 Тенијаза
B69 Цистицеркоза
B70 Дифилоботријаза и спарганоза
B71 Други цестодни инфекции
B72 Дракункулијаза
B73 Онхоцеркијаза
B74 Филаријаза
B75 Трихинелоза
B76 Болести предизвикани со рударска глиста
B77 Аскаријаза
B78 Стронгилоидијаза
B79 Трихуријаза
B80 Ентеробијаза
B81 Други цревни хелминтијази, некласифицирани на друго место
B82 Неозначен цревен паразитизам
B83 Други хелминтијази

**Педикулозни, акаријазни и други инфестации (B85–B89)**

B85 Педикулоза и фтиријаза
B86 Скабиес
B87 Мијаза
B88 Други инфестации
B89 Неозначена паразитска болест

**Секвели на инфективни и паразитски болести (B90–B94)**

B90 Последици од туберкулоза
B91 Последици од полиомиелит
B92 Последици од лепра
B94 Последици од други неозначени инфективни и паразитски болести

**Бактериски, вирусни и други инфективни агенси (B95–B97)**

B95 Стрептококи и стафилококи како причинители на болести класифицирани во други поглавја
B96 Други бактериски агенси како причинители на болести класифицирани во други поглавја
B97 Вирусни агенси како причинители на болести класифицирани во други поглавја

**Други заразни болести (B99)**

B99 Други и неозначени инфективни болести

# ГЛАВА 2

## НЕОПЛАЗМИ (C00–D48)

### МАЛИГНИ НЕОПЛАЗМИ (C00–C96)

### МАЛИГНИ НЕОПЛАЗМИ, ПОСОЧЕНИ ИЛИ ПРИФАТЕНИ КАКО ПРИМАРНИ, НА

**ОПРЕДЕЛЕНА ЛОКАЛИЗАЦИЈА, ОСВЕН КАЈ ЛИМФОИДНО, ХЕМАТОПОЕТИЧНО ИЛИ СВРЗНО ТКИВО (C00–C75)**

*Малигни неоплазми на усна, усна празнина и фаринкс (C00–C14)*

C00 Малигна неоплазма на усна
C01 Малигна неоплазма на основата на јазикот
C02 Малигна неоплазма на други и неозначени делови на јазикот
C03 Малигна неоплазма на гингивата
C04 Малигна неоплазма на дното на устата
C05 Малигна неоплазма на непцето
C06 Малигна неоплазма на други и неозначени делови на устата
C07 Малигна неоплазма на паротидната жлезда
C08 Малигна неоплазма на други и неозначени големи плункови жлезди
C09 Малигна неоплазма на тонзила
C10 Малигна неоплазма на орофаринкс
C11 Малигна неоплазма на назофаринкс
C12 Малигна неоплазма на периформен синус
C13 Малигна неоплазма на хипофаринкс
C14 Малигна неоплазма на други и недоволно дефинирани локализации на усната, усната празнина и фаринксот

*Малигна неоплазма на дигестивни органи (C15–C26)*

C15 Малигна неоплазма на езофагус
C16 Малигна неоплазма на желудник
C17 Малигна неоплазма на тенко црево
C18 Малигна неоплазма на колонот
C19 Малигна неоплазма на ректозигмоиден спој
C20 Малигна неоплазма на ректум
C21 Малигна неоплазма на анус и анален канал
C22 Малигна неоплазма на црн дроб и интрахепатични жолчни патишта
C23 Малигна неоплазма на жолчно ќесе
C24 Малигна неоплазма на други и неозначени делови на билијарниот тракт
C25 Малигна неоплазма на панкреас
C26 Малигна неоплазма на други и недоволно дефинирани дигестивни органи

*Малигна неоплазма на респираторни и интраторакални органи (C30–C39)*

C30 Малигна неоплазма на носна празнина и средно уво
C31 Малигна неоплазма на акцесорни синуси
C32 Малигна неоплазма на ларинкс
C33 Малигна неоплазма на трахеа
C34 Малигна неоплазма на бронхии и бел дроб
C37 Малигна неоплазма на тимус
C38 Малигна неоплазма на срце, медијастинум и плевра
C39 Малигна неоплазма на други и недоволно дефинирани локализации во респираторниот систем и интраторакалните органи

*Малигни неоплазми на коски и зглобна 'рскавица (C40–C41)*

C40 Малигни неоплазми на коски и зглобна 'рскавица на екстремитети
C41 Малигни неоплазми на коски и зглобна 'рскавица на други и неозначени локализации

*Меланом и други малигни неоплазми на кожа (C43–C44)*

C43 Малиген меланом на кожа
C44 Други малигни неоплазми на кожа

*Малигна неоплазма на мезотелни и меки ткива (C45–C49)*

C45 Мезотелиом
C46 Капосиев сарком
C47 Малигна неоплазма на периферни нерви и автономен нервен систем
C48 Малигна неоплазма на ретроперитонеум и перитонеум
C49 Малигна неоплазма на други сврзни и меки ткива

*Малигна неоплазма на дојка (C50)*

C50 Малигна неоплазма на дојка

*Малигни неоплазми на женски генитални органи (C51–C58)*

C51 Малигна неоплазма на вулва
C52 Малигна неоплазма на вагина
C53 Малигна неоплазма на цервиксот на утерусот
C54 Малигна неоплазма на телото на утерусот
C55 Малигна неоплазма на утерус, неозначен дел
C56 Малигна неоплазма на овариум

C57 Малигна неоплазма на други и неозначени женски генитални органи
C58 Малигна неоплазма на плацента

*Малигни неоплазми на машки генитални органи (C60–C63)*

C60 Малигна неоплазма на пенис
C61 Малигна неоплазма на простата
C62 Малигна неоплазма на тестиси
C63 Малигна неоплазма на други и неозначени машки генитални органи

*Малигни неоплазми на уринарен тракт (C64–C68)*

C64 Малигна неоплазма на бубрег, освен ренална карлица
C65 Малигна неоплазма на ренална карлица
C66 Малигна неоплазма на бубрежни канали/уретер
C67 Малигна неоплазма на мочен меур
C68 Малигна неоплазма на други и неозначени уринарни органи

*Малигна неоплазма на око, мозок и други делови од централниот нервен систем (C69–C72)*

C69 Малигна неоплазма на око и аднекси
C70 Малигна неоплазма на менинги
C71 Малигна неоплазма на мозок
C72 Малигна неоплазма на ’рбетен мозок, кранијални нерви и други делови на централниот нервен систем

*Малигни неоплазми на тиреоидеа и други ендокрини жлезди (C73–C75)*

C73 Малигна неоплазма на тиреоидна жлезда
C74 Малигна неоплазма на адренални жлезди
C75 Малигна неоплазма на други ендокрини жлезди и сродни структури

*Малигна неоплазма на недоволно дефинирани, секундарни и неозначени локализации (C76–C80)*

C76 Малигна неоплазма на други и недоволно дефинирани локализации
C77 Секундарна и неозначена малигна неоплазма на лимфни јазли
C78 Секундарна малигна неоплазма на респираторни и дигестивни органи
C79 Секундарна малигна неоплазма на други локализации
C80 Малигна неоплазма без означена локализација

*Малигна неоплазма на лимфно, хематопоетичко и сродно ткиво ( C81–C96)*

C81 Хоџкинов лимфом
C82 Фоликуларен [нодуларен] Хоџкинов лимфом
C83 Дифузен не Хоџкинов лимфом
C84 Периферни и кожни Т-клеточни лимфоми
C85 Други и неозначени типови на не-Хоџкинов лимфом
C88 Малигни имунопролиферативни болести
C90 Многукратен миелом и малигни неоплазми од плазма клетките
C91 Лимфоидна леукемија
C92 Миелоидна леукемија
C93 Моноцитна леукемија
C94 Други леукемии од означен клеточен тип
C95 Леукемија од неозначен клеточен тип
C96 Други и неозначени малигни неоплазми на лимфно, хематопоетичко и сродно ткиво

**In situ неоплазми (D00–D09)**

D00 Карцином in situ на усна празнина, езофагус и желудник
D01 Карцином in situ на други и неозначени дигестивни органи
D02 Карцином in situ на средно уво и на респираторен систем
D03 Меланом in situ
D04 Карцином in situ на кожа
D05 Карцином in situ на дојка
D06 Карцином in situ на цервиксот на утерусот
D07 Карцином in situ на други и неозначени генитални органи
D09 Карцином in situ на други и неозначени локализации

**Бенигни неоплазми (D10–D36)**

D10 Бенигна неоплазма на устата и фаринксот
D11 Бенигна неоплазма на големите плунковни жлезди
D12 Бенигна неоплазма на колонот, ректумот, анусот и аналниот канал
D13 Бенигна неоплазма на други и недоволно дефинирани делови на дигестивниот систем
D14 Бенигна неоплазма на средно уво и респираторен систем

D15 Бенигна неоплазма не други и неозначени интраторакални органи
D16 Бенигна неоплазма на коска и зглобна 'рскавица
D17 Бенигна липоматозна неоплазма
D18 Хемангиом и лимфангиом
D19 Бенигна неоплазма на мезотелиално ткиво
D20 Бенигна неоплазма на меко ткиво на ретроперитонеум и перитонеум
D21 Друга Бенигна неоплазма на сврзно ткиво и друго меко ткиво
D22 Меланоцитен невус
D23 Други бенигни неоплазми на кожа
D24 Бенигна неоплазма на дојка
D25 Лејомиом на утерус
D26 Други бенигни неоплазми на утерус
D27 Бенигна неоплазма на овариум
D28 Бенигна неоплазма на други и неозначени женски генитални органи
D29 Бенигна неоплазма на машки генитални органи
D30 Бенигна неоплазма на уринарни органи
D31 Бенигна неоплазма на око и аднекси
D32 Бенигна неоплазма на менинги
D33 Бенигна неоплазма на мозок и други делови од централниот нервен систем
D34 Бенигна неоплазма на тиреоидна жлезда
D35 Бенигна неоплазма на други и неозначени ендокрини жлезди
D36 Бенигна неоплазма на други и неозначени локализации

**Неоплазми на несигурна или од непозната природа (D37–D48)**

D37 Неоплазми на несигурна или од непозната природа на усната празнина и на дигестивните органи
D38 Неоплазми со несигурна или од непозната природа на средното уво и на респираторните и интраторакални органи
D39
Неоплазми со несигурна или од непозната природа на женските генитални органи

D40 Неоплазми со несигурна или од непозната природа на машките генитални органи
D41 Неоплазми со несигурна или од непозната природа на уринарните органи
D42 Неоплазми со несигурна или од непозната природа на менингите
D43 Неоплазми со несигурна или од непозната природа на мозокот и централниот нервен систем
D44 Неоплазми со несигурна или од непозната природа на ендокрините жлезди
D45 Полицитемија вера
D46 Миелодиспластични синдроми
D47 Други неоплазми со несигурна или од непозната природа на лимфно, хематопоетичко и сродно ткиво
D48 Неоплазми со несигурна или од непозната природа на други и неозначени локализации

# ГЛАВА 3

## БОЛСТИ НА КРВТА И КРВОТВОРНИТЕ ОРГАНИ И ОДРЕДЕНИ АНОМАЛИИ КАЈ ИМУНОЛОШКИОТ МЕХАНИЗАМ

**Нутритивни анемии (D50–D53)**

D50 Анемија со дефицит на железо
D51 Анемија со дефицит на витамин $B_{12}$
D52 Анемија со дефицит на фолат
D53 Други нутритивни анемии

**Хемолитни анемии (D55–D59)**

D55 Анемија причинета од ензимски заболувања
D56 Таласемија
D57 Српести заболувања
D58 Други наследни хемолитни анемии
D59 Стекната хемолитна анемија

**Апластична и други анемии (D60–D64)**

D60 Стекната чиста еритроцитна аплазија [еритробластопенија]
D61 Други апластични анемии
D62 Акутна постхеморагична анемија
D63* Анемија кај хронични болести, класифицирана на друго место
D64 Други анемии

**Коагулациони дефекти, пурпура и други хеморагични состојби (D65–D69)**

D65 Дисеминирана интраваскуларна коагулација [синдром на дефибринација]
D66 Дефицит на наследен фактор VIII
D67 Дефицит на наследен фактор IX
D68 Други коагулациони недостатоци
D69 Пурпура и други хеморагични состојби

**Други заболувања на крвта и крвотворните органи (D70–D77)**

D70 Агранулоцитоза
D71 Функционално заболување на полиморфонуклеарните неутрофили
D72 Други заболувања на белите крвни зрнца/леукоцити
D73 Болести на слезината
D74 Метемоглобинемија
D75 Други заболувања на крвта и крвотворните органи
D76 Одредени болести кои зафаќаат лимфоретикуларно ткиво и ретикулохистиоцитен систем
D77* Други заболувања на крвта и крвотворните органи кај болести класифицирани на друго место

**Одредени заболувања што го зафаќаат имуниот механизам (D80–D89)**

D80 Имунодефицит со дефекти главно на антителата
D81 Комбинирани имунодифициенци
D82 Имунодефицит поврзана со други тешки дефекти
D83 Често варијабилен имунодефицит
D84 Други имунодифициенци
D86 Саркоидоза
D89 Други заболувања што го опфаќаат имуниот механизам, некласифицирани на друго место

# ГЛАВА 4

## ЕНДОКРИНИ, НУТРИТИВНИ И МЕТАБОЛИЧКИ БОЛЕСТИ (E00–E89)

**Заболувања на тиреоидната жлезда (E00–E07)**

E00 Конгенитален синдром на дефицит на јод
E01 Тиреоидни заболувања и состојби поврзани со дефицит на јод
E02 Субклинички хипотиреоидизам од недостаток на јод
E03 Друг хипотиреоидизам
E04 Друга нетоксична гушавост
E05 Тиреотоксикоза [хипертиреоидизам]
E06 Тиреоидит
E07 Други заболувања на тиреоидеата

**Нарушена регулатиција на гликоза и дијабетес мелитус (E09–E14)**

E09 Нарушена регулација на гликоза
E10 Тип 1 дијабетес мелитус
E11 Тип 2 дијабетес мелитус
E13 Друг означен дијабетес мелитус
E14 неозначен дијабетес мелитус

**Други заболувања на регулацијата на гликоза и внатрешна секреција на панкреасот (E15–E16)**

E15 Недијабетична хипогликемична кома
E16 Други заболувања на внатрешната секреција на панкреасот

**Заболувања на другите ендокрини жлезди (E20–E35)**

E20 Хипопаратиреоидизам
E21 Хипопаратиреоидизам и други заболувања на паратиреоидната жлезда
E22 Хиперфункција на хипофизата
E23 Хипофункција и други заболувања на хипофизата
E24 Кушингов синдром
E25 Адреногенитални заболувања
E26 Хипералдостеронизам
E27 Други заболувања на надбубрежната жлезда
E28 Оваријана дисфункција
E29 Тестикуларна дисфункција
E30 Заболувања во пубертет, некласифицирани на друго место
E31 Полигландуларна дисфункција
E32 Болести на тимусот
E34 Други ендокрини заболувања
E35* Заболувања на ендокрините жлезди кај болести класифицирани на друго место

**Малнутриција (E40–E46)**

E40 Квашиоркор
E41 Нутритивен маразам
E42 Маразмичен квашиоркор
E43 Неозначена тешка протеин-енергетичка малнутриција

E44 Протеин-енергетичка малнутриција од умерен и лесен степен
E45 Забавен развој по протеин-енергетска малнутриција
E46 Неозначена протеин-енергетичка малнутриција

**Други нутритивни дефицити (E50–E64)**

E50 Дефицит на витамин А
E51 Дефицит на тијамин
E52 Дефицит на ниацин [пелагра]
E53 Дефицит на останатите витамини од групата B
E54 Дефицит на аскорбинска киселина
E55 Дефицит на витамин D
E56 Недостаток/дефицит на други витамини
E58 Дефицит на калциум во врска со исхраната
E59 Дефицит на селен во врска со исхраната
E60 Дефицит на цинк во врска со исхраната
E61 Дефицит на други нутритивни елементи
E63 Други нутритивни дефицити
E64 Последици од малнутриција и други нутритивни дефицити

**Гојазност и друга хипералиментација (E65–E68)**

E65 Локализирана адипозност
E66 Гојазност
E67 Друга хипералиментација
E68 Секвели од хипералиментација

**Метаболични заболувања (E70–E89)**

E70 Заболувања на метаболизмот од ароматични амино-киселини
E71 Заболувања на метаболизмот на разгранетите аминокиселини и на метаболизмот на масните киселини
E72 Други заболувања на метаболизмот на амино-киселини
E73 Интолеранција на лактоза
E74 Други заболувања на метаболизмот на јаглехидратите
E75 Заболувања на метаболизмот на сфинголипидите и други заболувања на складирање на липидите
E76 Заболувања на метаболизмот на гликозаминогликан
E77 Заболувања на гликопротеински метаболизам
E78 Заболувања на липопротеински метаболизам и други липидемии
E79 Заболувања на пуринскиот пиримидинскиот метаболизам
E80 Заболувања на порфиринскиот и билирубинскиот метаболизам
E83 Заболувања на минералниот метаболизам
E84 Цистична фиброза
E85 Амилоидоза
E86 Намалување на волуменот
E87 Други заболувања на водната, електролитната и ацидо-базната рамнотежа
E88 Други метаболитички заболувања
E89 Постоперативни ендокрини и метаболични заболувања, некласифицирани на друго место

# ГЛАВА 5

## МЕНТАЛНИ РАСТРОЈСТВА И РАСТРОЈСТВА НА ОБНОСКИТЕ

**Органски, вклучувајќи ги и симптоматските, ментални растројства (F00–F09)**

F00* Деменција во Алцхајмерова болест (G30.-†)
F01 Васкуларна деменција
F02* Деменција кај други болести класифицирани на друго место
F03 Неозначена деменција
F04 Органски амнестички синдром, непредизвика од алкохол и други психоактивни супстанци
F05 Делириум, непредизвикан од алкохол и други психоактивни супстанци
F06 Други ментални растројства заради оштетување и дисфункција на мозокот и заради физички болести
F07 Растројства на личноста и обноските поради болест, оштетување и дисфункција на мозокот
F09 Неозначено органско или симптоматско ментално растројство

**Ментални и растројства на обноските поради употреба на психоактивни супстанци (F10–F19)**

F10 Ментални и растројства на обноските заради употреба на алкохол
F11 Ментални и растројства на обноските заради употреба на опијати

F12 Ментални и растројства на обноските заради употреба на канабиноиди
F13 Ментални и растројства на обноските заради употреба на седативи или хипнотици
F14 Ментални и растројства на обноските заради употреба на кокаин
F15 Ментални и растројства на обноските заради употреба на други стимуланси, вклучувајќи и кофеин
F16 Ментални и растројства на обноските заради употреба на халуциногени
F17 Ментални и растројства на обноските заради употреба на тутун
F18 Ментални и растројства на обноските заради употреба на испарливи растворувачи
F19 Ментални и растројства на обноските заради повеќекратна употреба на дрога и употреба на други психоактивни супстанци

**Шизофренија, шизотипија и налудничави растројства (F20–F29)**

F20 Шизофренија
F21 Шизотипно растројство
F22 Перзистентни налудничави растројства
F23 Акутни и транзиторни психотични растројства
F24 Индуцирано налудничаво растројство
F25 Шизоафективни растројства
F28 Други неоргански психотични растројства
F29 Неозначени неоргански психози

**Растројства на расположението [афектот] (F30–F39)**

F30 Манијачна епизода
F31 Биполарно афективно растројство
F32 Депресивна епизода
F33 Рекурентно депресивно растројство
F34 Перзистентни растројства на расположението [афектот]
F38 Други растројства на расположението [афектот]
F39 Неозначено растројство на расположението [афектот]

**Невротични и растројства поврзани со стрес и соматоформни растројства (F40–F48)**

F40 Фобични анксиозни растројства
F41 Други анксиозни растројства
F42 Опсесивно-компулзивно растројство
F43 Реакција на тежок стрес и растројства со приспособување
F44 Дисоцијативни [конверзивни] растројства
F45 Соматоформни растројства
F48 Други невротични растројства

**Синдроми на обноските поврзани со физиолошки заболувања и физички фактори (F50–F59)**

F50 Растројство во хранењето/нарушување во исхраната
F51 Неоргански нарушувања во спиењето
F52 Сексуална дисфункција не предизвикана од органско нарушување или болест
F53 Ментални и растројства на обноските поврзани со пуерпериумот, некласифицирани на друго место
F54 Психолошки и фактори на обноските поврзани со растројства или болести класифицирани на друго место
F55 Злоупотреба на супстанци кои не создаваат зависност
F59 Неозначени синдроми на обноските поврзани со физиолошки растројства и физички фактори

**Оваа глава ги содржи следните делови:**

F00–F09 Органски, вклучувајќи симптоматски, душевни растројства
F10–F19 Душевни растројства и растројства на обноските настанати поради употреба на психоактивни супстанции
F20–F29 Шизофренија, шизиотипни и налудничави растројства
F30–F39 Растројства на расположението [афектот]
F40–F48 Невротски, со стрес поврзани и соматоформни растројства
F50–F59 Синдроми на обноските поврзани со физиолошки нарушувања и физички фактори
F60–F69 Растројства на личноста и на обноските кај возрасен
F70–F79 Душевна заостанатост
F80–F89 Растројства во психолошкиот развој
F90–F98 Растројства во обноските и емоциите што обично почнуваат во детството и адолесценцијата
F99 Неозначени душевни растројства

[6] Извадок од е-книгата на НЦЗК, јули 2006 г., Ендокрини, нутритивни и метаболизам.

**Категориите обележани со ѕвездички во оваа глава предвидуваат како што следува:**

F00* Деменција кај Alzheimer-ова болест

F02* Деменција кај други заболувања класифицирани на друго место

***Вклучува:*** растројства во психолошкиот развој

***Исклучува:*** симптоми, знаци и ненормални клинички лабараториски наоди, некласифицирани на друго место (R00–R99)

## ОРГАНСКИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И СИМПТОМАТСКИТЕ, ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА (F00–F09)

Овој дел го опфаќа подрачјето на душевни растројства кои заедно се групирани бидејќи имаат заедничка демонстративна етиологија на церебрални болести, повреди на мозокот или други инсулти кои водат кон церебрална дисфункција. Дисфункцијата може да биде примарна, како при болести, повреди и инсулти кои директно и селективно го оштетуваат мозокот ; или секундарна, како кај системските болести и растројства што го напаѓаат мозокот само како еден од повеќето органи или системи на телото кои се зафатени.

Деменцијата (F00–F03) е синдром предизвикан поради болест на мозокот, обично од хронична или прогресивна природа, каде што постојат оштетувања на повеќе повисоки кортикални функции, вклучувајќи го помнењето, мислењето, ориентацијата, сфаќањето, сметањето, способноста за учење, јазикот и расудувањето. Свеста не е поматена. Оштетувањата на сознајните функции обично се придружени, а понекогаш ним им претходат, со влошувања на емоционалната контрола, социјалните обноски или мотивацијата. Овој синдром се јавува кај Алцхајмеровата болест, кај цереброваскуларната болест и кај други состојби што примарно или секундарно го зафаќаат мозокот.

*Употребете дополнителна шифра да ја означите основната болест.*

### F00* Деменција кај Alzheimer-ова болест(G30.-†)

∇ 0528

Алцхајмеровата болест е примарна дегенеративна церебрална болест со непозната етиологија со карактеристични невропатолошки и неврохемиски белези. Растројството обично е со подмолен почеток, се развива бавно и постојано во текот на неколку години.

**F00.0*** Деменција кај Алцхајмеровата болест со ран почеток (G30.0†)

Деменција кај Алцхајмеровата болест со почеток пред 65 години, со релативно брз тек на пропаѓање и со повеќе изразени растројства на повисоките кортикални функции.

Алцхајмер-ова болест, тип 2
Пресенилна деменција, Алцхајмеров тип
Примарна дегенеративна деменција од Алцхајмеров тип, пресенилен почеток

**F00.1*** Деменција кај Алцхајмеровата болест со доцен почеток (G30.1†)

Деменција кај Алцхајмеровата болест со почеток по 65година, обично во доцните 70-ти години или потоа, со бавно напредување и со оштетување на помнењето како главен белег.

Алцхајмер-ова болест, тип 1
Примарна дегенеративна деменција од Алцхајмеров тип, сенилен почеток
Сенилна деменција, Алцхајмеров тип

**F00.2*** Деменција кај Алцхајмеровата болест, атипичен или мешан тип (G30.8†)

Атипична деменција, Алцхајмеров тип

**F00.9*** Деменција кај Алцхајмеровата болест, неозначено (G30.9†)

### F01 Васкуларна деменција

Васкуларната деменција е резултат на инфаркт во мозокот поради болест на крвните садови, вклучувајќи ја хипертензивната цереброваскуларна болест. Инфарктите се обично мали, но со кумулативен ефект. Почетокот обично е во доцнежната возраст.

***Вкључува:***артериосклеротична деменција

F01.0 Васкуларна деменција со акутен почеток

Обично се развива брзо по серија на мозочни удари од цереброваскуларна тромбоза, емболија или крвавење. Во ретки случаи причина може да биде единечен масивен инфаркт.

F01.1 Деменција поради повеќе инфаркти

Има постепен почеток, што се јавува по бројни преодни исхемични епизоди што доведува до насобирање на инфарктите во церебралниот паренхим.

Предоминантно, кортикална деменција

F01.2 Субкортикална васкуларна деменција

Вклучува случаи со историја на хипертензија и фокуси на исхемично оштетување во длабочината на белата маса на церебралните хемисфери. Церебралната кора обично е зачувана што е во спротивност со клиничката слика што многу личи на деменцијата кај Алцхајмеровата болест.

F01.3 Мешана кортикална и субкортикална васкуларна деменција

F01.8 Друга васкуларна деменција

F01.9 Васкуларна деменција, неозначено

## F02* Деменција кај други заболувања класифицирани на друго место

Случаи на деменција предизвикани, или се претпоставува дека се предизвикани од причини поинакви од оние што ја предизвикуваат Алцхајмеровата болест или цереброваскуларната болест. Почетокот може да биде во секое време на животот, иако ретко во доцнежната возраст.

F02.0* Деменција кај Pick-овата болест (G31.0†)

Прогресивна деменција, што започнува во средната возраст и се карактеризира со рани промени во карактерот што напредуваат бавно и со социјално пропаѓање, придружени со оштетување на интелектот, помнењето и јазичните функции, со апатија, еуфорија и понекогаш со екстрапирамидални феномени.

F02.1* Деменција кај Creutzfeldt-Jakob-овата болест (A81.0†)

Прогресивна деменција со екстензивни невролошки знаци настаната поради специфични невропатолошки промени за кои се претпоставува дека се предизвикани од преносли агенс. Почетокот обично е во средната возраст или подоцна, но може да се јави во кој да било период на зрелата возраст. Текот е субакутен и за една до две години завршува со смрт.

F02.2* Деменција кај Huntington-овата болест (G10†)

Деменција што се јавува како дел на проширена дегенерација на мозокот. Болеста се пренесува со единечен автосомен доминантен ген. Симптомите типично се јавуваат во третата или четвртата декада на животот. Развојот е бавен и обично доведува до смрт во текот на 10 - 15 години.

Деменција кај Huntington-ова хореа

F02.3* Деменција кај Parkinson-овата болест (G20†)

Деменција што се развива во текот на установена Паркинсон-ова болест. Се уште не се докажани посебни клинички белези што би ја разликувале оваа болест.

Деменција кај:
- paralysis agitans
- паркинсонизам

F02.4* Деменција кај болеста од вирусот на хуманата имунодефициенција [HIV] (B22†)

Деменција што се развива во текот на болеста HIV во отсуство на едновремена болест или состојба различна од HIV инфекцијата со која би можеле да се објаснат клиничките белези.

F02.8* Деменција кај други означени болести класифицирани на друго место

Деменција кај:
• церебрална липидоза (E75.-†)
• епилепсија (G40.-†)
• хепатолентикуларна дегенерација (E83.0†)
• хиперкалциемија (E83.5†)
• хипотиреоидизам, стекнат (E01.-†, E03.-†)
• труења (T36–T65†)
• Lewy телесно заболување (G31.3†)
• мултипна склероза (G35†)
• невросифилис (A52.1†)
• дефицит на ниацин [pellagra] (E52†)
• нодозен полиартерит (M30.0†)
• системски еритематозен лупус (M32.-†)
• трипанозомијаза (B56.-†, B57.-†)
• дефицит на витамин $B_{12}$ (E53.8†)

## F03 Неозначена деменција

Пресенилна:
• деменција ИН
• психоза ИН
Примарна дегенеративна деменција ИН
Сенилна:
• деменција:
  • депресивен или параноиден тип
  • ИН
• психоза ИН

***Исклучува:*** сенилна деменција со делириум или акутна конфузна состојба (F05.1)
сенилност ИН (R54)

## F04 Органски амнезички синдром, непредизвикан од алкохол и од други психоактивни супстанции

Синдром со изразено оштетување на новото и старото помнење, додека непосредното сеќавање е запазено, со намалена способност за учење на нов материјал и со дезориентација во време. Конфабулацијата може да биде назначен белег, но перцепцијата и другите сознајни функции, вклучувајќи го и интелектот, обично не се оштетени. Прогнозата зависи од текот на основното оштетување.

***Исклучува:*** амнезија:
• антероградна (R41.1)
• дисоцијативна (F44.0)
• ИН(R41.3.-)
• ретроградна (R41.2)
Синдром на Корсаков:
• предизвикан од алкохол или неозначено (F10.6)
• предизвикан од други психоактивни супстанции (F11–F19 со заеднички четврти знак .6)

### F04.0 Посттрауматска амнезија

⊗F04.00 Пост трауматска амнезија, неозначено

⊗F04.01 Посттрауматска амнезија, траење < 24 часа

⊗F04.02 Посттрауматска амнезија, траење ≥ 24 часа и < 14 дена

⊗F04.03 Посттрауматска амнезија, траење ≥ 14 дена

F04.9 Амнезички синдром, неозначено
Korsakov-a психоза или синдром, неалкохолна

## F05 Делириум, што не е предизвикан од алкохол и други психоактивни супстанции

Етиолошки неспецифичен органски мозочен синдром окарактеризиран со истовремени нарушувања во свеста и вниманието, перципирањето, мислењето, помнењето, психомоторното обносување, емоциите и на ритамот спиење-будност. Траењето е изменливо,а тежината се протега од благ до многу тежок степен.

***Вклучува:*** акутен или субакутен:
- мозочен синдром
- конфузна состојба (неалкохолна)
- инфективна психоза
- органска реакција
- психо-органски синдром

***Исклучува:*** делириум тременс, предизвикан од алкохол или неозначен (F10.4)

### F05.0 Делириум што не надодаден на деменција, така опишан

### F05.1 Делириум надодаден на деменција

Состојби што ги исполнуваат погорните критериуми, но се развиваат во текот на деменцијата (F00–F03).

### F05.8 Друг делириум

Делириум со мешано потекло

### F05.9 Делириум, неозначено

## F06 Други душевни растројства настанати поради оштетување на мозокот и на неговата функција и поради телесно заболување

Вклучува разновидни состојби причински поврзани со мозочно растројство настанато поради примарна церебрална болест, системска болест што секундарно го оштетува мозокот, егзогени токсични супстанции или хормони, ендокрини болести или други телесни болести.

***Исклучува:*** здружени со:
- делириум (F05.-)
- деменција како што е класифицирана во F00–F03

што се последица од употреба на алкохол и други психоактивни супстанции (F10–F19)

### F06.0 Органска халуциноза

Растројство со постојани или повратни халуцинации, обично видни или слушни, што се јавуваат при чиста свест, аод единката може, но не мора, да бидат препознаени како такви. Може да се јави налудничава обработка на халуцинациите, но во клиничката слика не доминираат налудничавостите; увидот може да биде запазен.

Органска халуцинаторна состојба (неалкохолна)

***Исклучува:*** алкохолна халуциноза (F10.5)
шизофренија (F20.-)

### F06.1 Органско кататоно растројство

Растројство со намалена (ступор) или зголемена (возбуда) психомоторна активност придружена со кататони симптоми. Екстремите на психомоторното растројство може да се заменуваат.

***Исклучува:*** кататона шизофренија (F20.2)
ступор:
- дисоцијативен (F44.2)
- ИН (R40.1.-)

### F06.2 Органско налудничаво [слично на шизофренија] растројство

Растројство кај кое што во клиничката слика доминираат постојани или повратни налудничавости. Налудничавостите може да се придружени со халуцинации. Може да се присутни некои белези што укажуваат на шизофренија, како што се бизарните халуцинации или растројства на мислењето.

Параноидни  и параноидно-халуцинаторни органски состојби
Психоза слична на шизофренија кај епилепсија

***Исклучува:*** растројство:
- акутно и преодно психотично (F23.-)
- постојано налудничаво (F22.-)
- психотично предизвикано од дрога (F11–F19 со заеднички четврти знак .5)

шизофренија (F20.-)

## F06.3 Органски растројства на расположението [афектот]

Растројства што се карактеризираат со промена на расположението или афектот, обично придружени со промена на вкупното ниво на активност, депресивна, хипоманична, манична или биполарна (види F30–F38), но што произлегува како последица на органско растројство.

***Исклучува:*** растројство на расположението, неорганско или неозначено (F30–F39)

⊗F06.30 Органско растројство на расположението [афектот], неозначено

⊗F06.31 Органско манично растројство

⊗F06.32 Органско биполарно растројство

⊗F06.33 Органско депресивно растројство

⊗F06.34 Органско мешано афективно растројство

⊗F06.39 Друго органско растројство на расположението [афектот]

F06.4 Органско анксиозно растројство

Растројство карактеризирано со суштински описни белези на  генерализирано аксиозно растројство (F41.1), панично растројство (F41.0), или комбинација на обете, но што произлегува како последица на органско растројство.

***Исклучува:*** анксиозни растројства, неоргански или неозначени (F41.-)

F06.5 Органско дисоцијативно растројство

Растројство карактеризирано со делумна или целосна загуба на нормалната интеграција меѓу сеќавањата за минатото, свесноста за идентитетот и непосредните осети и контролата на телесните движења (види F44.-), а што произлегува како последица на органско растројство.

***Исклучува:*** дисоцијативни [конверзивни] растројства, неоргански или неозначени (F44.-)

F06.6 Органска емоционална лабилност [астенија]

Растројство окарактеризирано со емоционална инконтиненција или лабилност, замор и бројни непријатни телесни осети (на пр. вртоглавица) и болки, што произлегуваат како последица на органско растројство.

***Исклучува:*** соматоформни растројства, неоргански или неозначени (F45.-)

F06.7 Благо растројство на сознанието
∇ 0532

Растројство окарактеризирано со оштетување на помнењето, со тешкотии во учењето и со намалена способност за концентрирање врз задача за малку подолг временски период.  Често кога се прават обиди за душевна активност, забележливо е чувство на душевен замор, а новото учење субјективно се чувствува тешко дури и кога е објективно успешно. Ниту еден од овие симптоми не е толку тежок за да се постави дијагноза ниту на деменцијата (F00–F03) ниту на делириумот (F05.-). Оваа дијагноза треба да биде поставена само ако е придружена со означено телесно растројство, а не треба да биде поставена во присуство на кои било други ментални растројства и растројства во обноските класифицирани во F10–F99. Растројството може да им претходи, да ги придружува или  да следи низа различни инфекции и телесни растројства, како церебрални така и системски, но директен доказ за церебралната зафатеност не е задолжително присутен.  Тоа може да се разликува од постенцефалитичниот синдром (F07.1) и од посткомоционалниотт

синдром (F07.2) со својата различна етиологија, според ограничениот опсег на општо земено поблагите симптоми и според пократкото траење.

### F06.8 Други означени душевни растројства предизвикани од оштетување и дисфункција на мозокот и од телесна болест

Епилептична психоза ИН

### F06.9 Неозначени душевни растројства предизвикани од оштетување и дисфункција на мозокот и од телесна болест

Органски:
- мозочен синдром ИН
- душевно растројство ИН

## F07 Растројства на личноста и на обноските поради болест, оштетување и дисфункција на мозокот

Промената на личноста и на обноските може да биде резидуално или придружено растројство на болест, оштетување или дисфункција на мозокот.

### F07.0 Органско растројство на личноста

Растројство окарактеризирано со значајна измена во вообичаените преморбидни обрасци на обноските што ги зафаќа изразувањето на емоциите, потребите и импулсите. Оштетувањето на сознајните и мисловните функции како и изменетата сексуалност можат исто така да бидат дел од клиничката слика.

Органска:
- псевдопсихопатска личност
- псевдоретардирана личност

Синдром:
- фронтален лобус
- на личност со лимбична епилепсија
- лоботомија
- постлеукотомија

***Исклучува:*** трајна измена на личноста по:
- доживување на катастрофа (F62.0)
- психијатриска болест (F62.1)

посткомоционален синдром (F07.2)
постенцефалитичен синдром (F07.1)
специфично растројство на личноста (F60.-)

### F07.1 Постенцефалитичен синдром

Резидуална неспецифична и променлива измена во обноските што настануваат по оздравувањето, било од вирусен, било од бактериски енцефалит. Битна разлика меѓу ова растројство и органските растројства на личноста е што тоа е реверзибилно.

***Исклучува:*** органско растројство на личноста (F07.0)

### F07.2 Посткомоционален синдром

Синдром што настанува по траума на главата (обично доволно тешка да резултира во загуба на свест) и вклучува бројни сосема различни симптоми, како што се главоболка, вртоглавица, замор, раздразливост, тешкотии во концентрирањето и во извршувањето на интелектуални задачи, оштетување на помнењето, несоница и намалена толеранција на стрес, емоционална возбуда или на алкохол.

Посттрауматичен мозочен синдром, непсихотичен
Посткомоционален синдром (енцефалопатија)

### F07.8 Други органски растројства на личноста и обноските настанати поради болест, оштетување и дисфункција на мозокот

Органско афективно растројство на десната хемисфера

F07.9 Неозначени органски растројства на личноста и обноските настанати поради болест, оштетување и дисфункција на мозокот
• Органски психосиндром

## F09 Неозначено органско или симптоматско душевно растројство

Психоза:
• органска ИН
• симптоматска ИН

***Исклучува:*** психоза ИН (F29)

# ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА И РАСТРОЈСТВА ВО ОБНОСКИТЕ НАСТАНАТИ ПОРАДИ УПОТРЕБА НА ПСИХОАКТИВНИ СУПСТАНЦИИ (F10–F19)

∇0503

Овој блок содржи бројни растројства што се разликуваат според тежината и клиничката форма, но сите се припишуваат на употребата на една или повеќе психоактивни супстанции, што може, но не мора да се пропишани од лекар. Третиот знак на шифрата ја означува соодветната супстанција, а четвртиот знак поблиску ја означува клиничката состојба. Шифрите треба да употребуваат, како што се бара,за секоја супстанција што е означена, но треба да се има на ум дека сите шифри со четири знака не се применливи за сите супстанции.

Означувањето на психоактивната супстанција треба да се темели на што е можно повеќе извори на информации. Тие вклучуваат податоци добиени од самиот пациент, од анализата на крвта и на другите телесни течности од карактеристичните физички и психолошки симптоми, од клиничките знаци и обноски и од други докази како што е поседувањето droги од страна на пациентот или известувања од информирани трети странки. Многу лица што употребуваат дрога, земаат повеќе од еден тип психоактивна супстанција. Главната дијагноза треба да биде класифицирана, кога тоа е можно, според супстанцијата или класите на супстанции што го предизвикале или најмногу придонеле за присутниот клинички синдром. Другите дијагнози треба да бидат шифрирани кога други психоактивни супстанции се земени во токсични количества ( заеднички четврти знак .0) или до мера што предизвикува штета ( заеднички четврти знак .1), зависност ( заеднички четврти знак .2) или други растројства ( заеднички четврти знак .3–.9).

Само во случаи каде што обрасците на земање на психоактивни супстанции се хаотични и без избор, или каде што придонесот на различни психоактивни супстанции е неразмрсливо измешан, треба да се употреби дијагноза за растројство што е резултат на многукратна употреба на дрога. (F19.-).

***Исклучува:*** злоупотреба на супстанции што не предизвикуваат зависност (F55)

Следните потподелби со четири знака се за употреба со категориите F10–F19:

### .0 Акутна интоксикација

Состојба што се јавува по примена на психоактивна супстанција и резултира со нарушувања на нивото на свеста, сознанието, перцепцијата, афектот или обноските или на други психо-физиолошки функции и одговори. Растројствата се во директна врска со акутните фармаколошки ефекти на супстанциите и со тек на времето се разрешуваат со целосно закрепнување, освен онаму каде што има оштетување на ткивото или каде што се појавиле други компликации. Компликациите можат да бидат траума, инхалирање на повратени маси, делириум, кома, конвулзии и други медицински компликации. Природата на овие компликации зависи од фармаколошката класа на супстанцијата и од начинот на нејзиното земање.

Акутно пијанство кај алкохолизам
'Лошо патување' (дроги)
Пијанство ИН
Патолошка опиеност
Растројства на транс и опседнување при труење со психоактивна супстанција

***Исклучува:*** опиеност со значење на труење (T36–T50)

### .1 Штетна употреба

Образец на употреба на психоактивната супстанција што предизвикува оштетување на здравјето. Оштетувањето може да биде телесно (како во случај на хепатит од самовшприцување на психоактивни супстанции) или душевно (т.е епизоди на депресивно растројство што е секундарно на жестоко пиење алкохол).

Злоупотреба на психоактивни супстанции ИН

### .2 Синдром на зависност

Група на феномени во обноските, сознанието и физиологијата, што се развиваат по повторна употреба на супстанции и кои типично вклучуваат силна желба да се земе дрогата, тешкотии во контролата на нејзината употреба, истрајување во употребата наспроти штетните последици, давање најголемо предимство на употребата на дрога пред другите активности и обврски, зголемена толеранција и понекогаш состојба на телесна апстиненцијална криза.

Синдромот на зависност може да биде присутен за специфични психоактивни супстанции ( на пример тутун, алкохол или дијазепам) за класа супстанции ( на пример опијатни дроги) или за бројни фармаколошко различни психоактивни супстанции.

Хроничен алкохолизам
Дипсоманија
Оддаденост на дроги

## .3 Апстиненцијална состојба

Група симптоми со изменливо групирање и тежина, што се јавуваат при апсолутно или релативно прекинување со земањето психоактивна супстанција што е постојано употребувана. Почетокот и текот на апстиненцијалната состојба се временски ограничени и се во врска со типот на употребуваната психоактивна супстанција и нејзината доза непосредно пред прекинувањето или намалувањето на употребата. Апстиненцијалната состојба може да биде комплицирана со конвулзии.

## .4 Апстиненцијална состојба со делириум

Состојба каде што апстиненцијалната состојба се дефинира со заедничкиот четврти знак .3 и е комплицирана со делириум како што е дефинирано во F05.-. Исто така може да се јават конвулзии. Кога се смета дека во етиологијата играат улога и органските фактори, состојбата треба да се класифицира во F05.8.

Делириум тременс (предизвикан од алкохол)

## .5 Психотично растројство

Група психотични феномени што се јавуваат во време или по употребата на психоактивна супстанција, но не се објаснуваат само со акутна опиеност и не се дел од апстиненцијалната состојба. Растројството се карактеризира со халуцинации (типично аудитивни, но често и во повеќе од еден сензорен модалитет), перцептивни искривувања, налудничавости (често по природа параноидни или прогонувачки), психомоторни растројства (возбуда или струпор), и со ненормален афект, што може да се протега од интензивен страв до екстаза. Сензориумот обично е чист, но може да биде присутен извесен степен на замрачување на свесноста, иако не тешка конфузија.

Алкохолна:
- халуциноза
- љубомора
- параноја
- психоза ИН

***Исклучува:*** резидуални или со доцен почеток психотични растројства (F10–F19 со заеднички четврти знак .7) што се предизвикани од алкохол или од други психоактивни средства

## .6 Амнезичен синдром

Синдром придружен со хронично изразито оштетување на новото и на дамнешното помнење. Непосредното сеќавање обично е зачувано, а новото помнење карактеристично е повеќе оштетено од дамнешното помнење. Обично се евидентни растројства на осетот за време и за последователноста на настаните, како и тешкотии во учењето на нови материјали. Може да се изразени конфабулации, но не се постојано присутни. Другите сознајни функции се релативно добро зачувани, а амнезичките дефекти не се во соодност со другите растројства.

Амнезичко растројство, предизвикано од алкохол или од дрога

Корсакова психоза или синдром, предизвикан од алкохол или од друга психоактивна супстанција, или пак неозначени

***Исклучува:*** неалкохолна Корсакова психоза или синдром (F04.9)
пост трауматична амнезија (F04.0-)

## .7 Резидуално и со доцен почеток психотично растројство

Растројство кај кое промените на сознанието, афектот, личноста или обноските предизвикани од алкохол или од психоактивна супстанција, постојат и по периодот во кој може разумно да се претпостави дека дејствува директниот ефект предизвикан од психоактивната супстанција. Почетокот на болеста треба директно да биде поврзан со употреба на психоактивна супстанција. Случаите кај кои почетокот на состојбата се јавува подоцна од епизодата (ите) на употребата на таква супстанција би требало да се шифрираат овде само тогаш кога постои јасен и силен доказ со кој состојбата ќе се поврзе со резидуелниот ефект на

психоактивната супстанција. Повторувањата можат да се разликуваат од психотичната состојба делумно преку нивната епизодна природа, што често е многу краткотрајна и преку умножувањето на претходните доживувања поврзани со алкохол и друга психоактивна супстанција.

Алкохолна деменција ИН
Хроничен алкохолен мозочен синдром
Деменција и други поблаги форми на постојано оштетување на сознајните функции
Флешбек
Психотично растројство со доцнежен почеток предизвикано од психоактивна супстанција
Постхалуциногено перцептуално растројство
Резидуално:
• афективно растројство
• растројство на личноста и обноските

***Исклучува:*** од алкохол или од психоактивна супстанција предизвикан:
• Синдром на Корсаков (F10–F19 со заеднички четврти знак .6)
• психотична состојба (F10–F19 со заеднички четврти знак .5)

.8 Други душевни растројства и растројства во обноските

.9 Неозначени душевни растројства и растројства во обноските

## F10 Душевни растројства и растројства во обноските предизвикани со употреба на алкохол

*Види подподелби*

## F11 Душевни растројства и растројства во обноските предизвикани со употреба на опијати

*Види подподелби*

## F12 Душевни растројства и растројства во обноските предизвикани со употреба на канабиноиди

*Види подподелби*

## F13 Душевни растројства и растројства во обноските предизвикани со употреба на седативи или хипнотици

*Види подподелби*

## F14 Душевни растројства и растројства во обноските предизвикани со употреба на кокаин

*Види подподелби*

## F15 Душевни растројства и растројства во обноските предизвикани со употреба на други стимуланси вклучувајќи кофеин

*Види подподелби*

## F16 Душевни растројства и растројства во обноските предизвикани со употреба на халуциногени

*Види подподелби*

## F17 Душевни растројства и растројства во обноските предизвикани со употреба на тутун

*Види подподелби*

## F18 Душевни растројства и растројства во обноските предизвикани со употреба на испарливи растворувачи

*Види потподелби*

## F19 Душевни растројства и растројства во обноските предизвикани со употреба на повеќе droги и на други психоактивни супстанции

*Види потподелби*

Оваа категорија треба да се употреби кога се знае дека се земаат две или повеќе супстанции, но е невозможно да се процени која супстанција најмногу придонесува за појавата на растројството. Исто така треба да се употребува кога не е сигурно и не се знае идентитетот на некои или дури на сите употребувани психоактивни супстанции, бидејќи многу лица што употребуваат повеќе дроги и самите не знаат поединости за она што го земаат.

***Вклучува:*** злоупотреба на дроги ИН

# ШИЗОФРЕНИЈА, ШИЗИОТИПНИ И НАЛУДНИЧАВИ РАСТРОЈСТВА (F20–F29)

Овој дел ги опфаќа заедно шизофренијата, како најважен член на групата, шизотипните растројства, постојаните налудничави состојби и голема група акутни и преодни психотични растројства. Шизоафективните растројства се задржани тука, наспроти нивната контроверзна природа.

## F20 Шизофренија

Шизофрените растројства општо се карактеризираат со темелни и карактеристични искривувања на мислењето и перцепциите, а афектите се несоодветни или отапени. Обично јасната свест и интелектуалните способности се запазени иако со текот на времето можат да се развијат извесни дефекти во сознанието. Најзначајни психопатолошки феномени се слушањето на одек на сопствените мисли; вметнување или одземање на мисли; пренесување на мисли; налудничаво перцепирање и налудничавости на контрола; влијание или пасивност, халуцинаторни гласови што коментираат или зборуваат со пациентот во трето лице; растројства на мислењето и негативни симптоми.

Текот на шизофрените растројства може да биде непрекинат или епизодичен со прогресивен или стабилен дефицит, или може да има една или повеќе епизоди со комплетна или некомплетна ремисија. Дијагнозата шизофренија не треба да се поставува во присуство на изразени депресивни или манијакални симптоми, освен ако не е јасно дека шизофрените симптоми му претходеле на афективното растројство. Дијагнозата шизофренија не треба да се поставува ниту кога е присутна јасна болест на мозокот, ниту пак во состојби на отруеност со дроги или апстиненцијална криза. Слични растројства што се развиваат во присуство на епилепсија или друга болест на мозокот треба да бидат класифицирани под F06.2, додека оние предизвикани од психоактивни супстанции треба да бидат класифицирани под F10–F19 со заеднички четврти знак .5.

***Исклучува:*** шизофренија:
- акутна (недиференцирана) (F23.2-)
- циклична (F25.2)

шизофрена реакција (F23.2-)
шизотипско растројство (F21)

### F20.0 Параноидна шизофренија

Во сликата на параноидната шизофренија доминираат релативно стабилни често параноидни налудничавости, обично придружени со халуцинации, особено од аудитивен вид и растројства на перцепциите. Растројствата на афектот, волјата и говорот и кататони симптоми се отсутни или се релативно незабележливи.

Парафрена шизофренија

***Исклучува:*** инволутивна параноидна состојба (F22.8)
- параноја (F22.0)

### F20.1 Хеберфрена шизофренија

Форма на шизофренија каде што се изразени афективните промени, налудничавостите и халуцинациите се преодни и фрагментарни, обносувањето е непредвидливо и неодговорно, а маниризмите се чести. Расположението е површно и несоодветно, мислењето е дезорганизирано, а говорот е инкохерентен. Постојат тенденции за издвојување од средината. Обично прогнозата е лоша заради брзото развивање на 'негативни' симптоми, особено израмнување на афектот и загуба на волјата. Хебефренијата треба вообичаено да биде дијагностицирана само кај адолесценти или помлади возрасни лица.

Дезорганизирана шизофренија
Хебефренија

### F20.2 Кататона шизофренија

Кај кататоната шизофренија доминираат означени психомоторни нарушувања што може да се изменуваат меѓу екстремите како што се хиперкинезијата или ступорот, или пак автоматска послушност и негативизам. Присилни ставови и положби може да се одржуваат долго време. Епизоди на возбуда проследени со насилство може да бидат впечатлив белег на состојбата. Кататоните феномени може да бидат комбинирани со на сон слична (онеироидна) состојба со живи сценски халуцинации.

Кататон ступор
Шизофрена:
• каталепсија
• кататонија
• flexibilitas cerea

F20.3 Недиференцирана шизофренија

Психотична состојба што одговара на општите дијагностички критериуми за шизофренија, но не е во сообразност со кој било од поттиповите во F20.0–F20.2, или пак покажува белези на повеќе од еден од поттиповите, без јасно предоминирање на која да било група дијагностички карактеристики.

Атипична шизофренија

***Исклучува:*** акутно психотично растројство слично на шизофренија (F23.2-)
хронична недиференцирана шизофренија (F20.5)
пост-шизофрена депресија (F20.4)

F20.4 Постшизофрена депресија

Депресивна епизода што може да трае подолго, а се јавува во времето по шизофреничната болест. Некои шизофрени симптоми, било 'позитивни' било 'негативни', мора се уште да се присутни, но тие повеќе не доминираат во клиничката слика. Овие депресивни состојби се придружени со зголемен ризик на самоубиство. Ако пациентот повеќе нема ниту еден шизофреничен симптом, депресивната епизода треба да биде дијагностицирана под (F32.-). Ако шизофреничните симптоми се уште флоридни и назначени, дијагнозата треба да остане во еден од соодветните шизофрени поттипови (F20.0–F20.3).

F20.5 Резидуална шизофренија

Хроничен стадиум во развојот на шизофреничката болест каде што постои јасно напредување од ран кон подоцнежен стадиум, а се карактеризира со долготрајни иако незадолжително неповратни 'негативни' симптоми, на пример психомоторна забавеност; намалена активност; отапување на афектот; пасивност и недостиг на иницијатива; осиромашеност на квантитетот или содржината на говорот; оскудна невербална комуникација преку изразот на лицето, контактот со очите и со модулацијата на гласот и држењето на телото; запуштање на изгледот и лошо остварување на социјалните обврски.

Хронична недиференцирана шизофренија
Restzustand (шизофреничен)
Шизофрена резидуална состојба

F20.6 Едноставна шизофренија

Растројство кај кое постои подмолен, но прогресивен развој на чудно обносување, неспособност да се одговори на барањата од општеството и опаѓање на вкупното дејствување. Карактеристичните негативни белези на резидуалната шизофренија (како на пример отапување на афектот и загуба на волјата) се развиваат без да им претходат какви да било јасни психотични симптоми.

F20.8 Друга шизофренија

Ценестопатска шизофренија
Шизофрениформно:
• растројство ИН
• психоза ИН

***Исклучува:*** кратки шизофреноформни растројства (F23.2-)

F20.9 Шизофренија, неозначено

## F21 Шизотипно растројство

Растројство што се карактеризира со ексцентрично обносување и аномалии во мислењето и афектот, слични на оние што се забележуваат кај шизофренијата, иако во ниту еден стадиум не се јавуваат дефинитивни и за шизофренијата

карактеристични аномалии.  Симптомите се состојат од студен и несоодветен афект; анхедонија; чудни или ексцентрични обноски; тенденција кон повлекување од средината; параноидни или бизарни идеи што не достигнуваат до вистински налудничавости; обсесивни руминации; растројства на мислењето и перцептуални нарушувања; повремени преодни квази-психотични епизоди со интензивни илузии, аудитивни или други халуцинации и слични на налудничави мисли, што обично се јавуваат без надворешна провокација. Нема јасен почеток и еволуција, а текот им е обично како кај растројството на личноста.

Латентна шизофрена реакција
Шизофренија:
• гранична
• латентна
• препсихотична
• продромална
• псевдоневротска
• псевдопсихопатска
Шизотипно растројство на личноста

***Исклучува:*** Asperger-ов синдром (F84.5)
шизоидно растројство на личноста (F60.1.)

## F22 Перзистентни налудничави растројства

Вклучува бројни растројства во кои долготрајните налудничавости претставуваат единствени или највпечатливи клинички карактеристики што не можат да бидат класифицирани како органски, шизофрени или афективни. Налудничавите растројства што траат помалку од неколку месеци треба да бидат класифицирани барем привремено, под F23.-.

### F22.0 Налудничаво растројство

Растројство окарактеризирано со развој било на единечна налудничавост или на збир на налудничавости што обично се постојани, а понекогаш и доживотни.  Содржината на налудничавоста или на налудничавостите  е многу изменлива. Јасните и постојани аудитивни халуцинации (гласови), шизофрени симптоми, како што се налудничавостите на контрола и изразеното отапување на афектот и јасните докази за мозочна болест, се неспоиви со оваа дијагноза.    Меѓутоа, присуството на повремени или транзиторни аудитивни халуцинации, особено кај повозрасни пациенти, не ја исклучува оваа дијагноза, под услов тие да не се типично шизофрени и да претставуваат само мал дел од општата клиничка слика.

Параноја
Параноидна:
• психоза
• состојба
Парафренија (доцна)
Sensitiver Beziehungswahn

***Исклучува:*** параноидно:
растројство на личноста (F60.0)
• психоза, психогена (F23.3-)
• реакција (F23.3-)
• шизофренија (F20.0.)

### F22.8 Други перзистентни налудничави растројства

Растројства каде што налудничавоста или налудничавостите се придружени со постојани халуцинаторни гласови или со шизофрени симптоми што не ја оправдуваат дијагнозата на шизофренија (F20.-).

Налудничава дисморфофобија
Инволутивна параноидна состојба
Параноја кверуланс

### F22.9 Перзистентно налудничаво растројство, неозначено

## F23 Акутни и транзиторни психотични растројства

Хетерогена група на растројства карактеризирани со акутен почеток на психотичните симптоми како што се налудничавости, халуцинации и перцептуални нарушувања и тешко нарушување на вообичаеното обнесување. Акутниот почеток е означен со крешендо во развој на јасно ненормална клиничка слика што се развива за две недели или помалку. За овие растројства нема доказ за органско предизвикување. Често се присутни конфузија и збрканост, но

дезориентацијата за време, за место  и лице не е постојана, ниту доволно тешка за да ја оправда дијагнозата на органски предизвикан делириум (F05.-). Целосно оздравување настапува обично за неколку месеци, често за неколку недели дури и денови. Ако растројството продолжува да трае, ќе биде потребна промена во класифицирањето. Растројството може, но не мора да биде придружено со акутен стрес, обично означен како стресни настани што на неговиот почеток му претходат една до две недели.

Следните потподелби со пет знаци се употребуваат со категоријата F23:

⊗ 0 без споменување на придружен акутен стрес

⊗ 1 со споменување на придружен акутен стрес

## F23.0 Акутно полиморфно психотичко растројство без симптоми на шизофренија

Акутно психотично растројство кај кое халуцинациите, налудничавостите или растројствата на перцепциите се видни, но се изразито изменливи,  менувајќи се од ден на ден, дури и од час на час. Често, исто така, е присутна емоционална вознемиреност со интензивни преодни чувства на среќа или екстаза, или пак анксиозност и раздразливост. Полиморфизмот и нестабилноста се карактеристика на целокупната клиничка слика, а психотичните знаци не ја оправдуваат дијагнозата на шизофренија (F20.-). Овие растројства често имаат нагол почеток, се развиваат брзо во текот на неколку дена, но често симптомите брзо се разрешуваат без да се повторат. Ако симптомите продолжат да постојат, дијагнозата треба да се промени во постојано налудничаво растројство (F22.-).

Делирантно буфе без симптоми на шизофренија или неозначено
Циклоидна психоза без симптоми на шизофренија или неозначено

## F23.1 Акутно полиморфно психотичко растројство со симптоми на шизофренија

Акутно психотично растројство кај кое, како што е опишано во F23.0-, е присутна полиморфна и нестабилна клиничка слика, но наспроти оваа нестабилност, во поголемиот дел од траењето исто така се очевидни и некои за шизофренијата типични симптоми. Ако шизофрени симптоми продолжат да постојат дијагнозата треба да се менува во шизофренија (F20.-).

Делирантно буфе со симптоми на шизофренија
Циклоидна психоза со симптоми на шизофренија

## F23.2 Акутно психотично растројство слично на шизофренија

Акутно психотично растројство кај кое психотичните симптоми се прилично стабилни и ја оправдуваат дијагнозата шизофренија, но траат помалку од еден месец, а полиморфните нестабилни белези како што се опишани во F23.0-,  се отсутни. Ако шизофреничните симптоми продолжат да постојат дијагнозата треба да се менува во шизофренија (F20.-).

Акутна (недиференцирана) шизофренија
Кратко шизофрениформно:
- растројство
- психоза

Онеирофренија
Шизофрена реакција

***Исклучува:*** органско налудничаво [на шизофренија слично] растројство (F06.2)
шизофреноформно растројство ИН (F20.8-)

## F23.3 Други акутни предоминантно налудничави психотични растројства

Акутни психотични растројства кај кои главни клинички белези се прилично стабилните налудничавости или халуцинации, што не ја оправдуваат дијагнозата на шизофренија (F20.-). Ако налудничавостите опстојуваат, дијагнозата треба да се промени во постојано налудничаво растројство (F22.-).

Параноидна реакција
Психогена параноидна психоза

## F23.8 Други акутни и транзиторни психотични растројства

Кое да било друго означено психотично растројство за кое нема доказ за органско предизвикување и кое не ја оправдува класификацијата на F23.0- – F23.3-.

## F23.9 Акутни и транзиторни психотични растројства, неозначено

Кратка реактивна психоза ИН
Реактивна психоза

## F24 Индуцирано налудничаво растројство

Налудничаво растројство споделено меѓу двајца или повеќе луѓе што се емоционално блиски. Само еден од нив страда од вистинско психотично растројство; налудничавостите се индуцирани кај другиот и обично се губат кога луѓето ќе се разделат.

Folie à deux
Индуцирано:
• параноидно растројство
• психотично растројство

## F25 Шизоафективни растројства

Епизодни растројства кај кои се назначени и афективни и шизофренични симптоми, но кои не ја оправдуваат дијагнозата било на шизофренија, било на депресивни или манијачни епизоди. Други состојби каде што афективните симптоми се надодадени на претходно постоечката шизофрена болест, или пак постојат едновремено или се изменуваат со постојани налудничави растројства од други видови, што се класифицирани во F20–F29. Со афектот несоодветните психотични симптоми кај афективните растројства не ја оправдуваат дијагнозата на шизоафективно растројство.

### F25.0 Шизоафективно растројство, манијачен тип

Растројство кај кое и шизофрените и манијачните симптоми се назначени, така што епизодата на болеста не ја оправдува дијагнозата ниту на шизофренија, ниту на манијачна епизода. Оваа категорија треба да се употребува и за единечна епизода и за повторно растројство кај кое повеќето од епизодите се шизоафективни, манијачен тип.

Шизоафективна психоза, манијачен тип
Шизофрениформна психоза, манијачен тип

### F25.1 Шизоафективно растројство, депресивен тип

Растројство кај кое и шизофрените и депресивните симптоми се истакнати, така што епизодата на болеста не ја оправдува дијагнозата ниту на шизофренија, ниту на депресивна епизода. Оваа категорија треба да се употребува и за единечна епизода и за повторно растројство кај кое повеќето од епизодите се шизоафективни, депресивен тип.

Шизоафективна психоза, депресивен тип
Шизофрениформна психоза, депресивен тип

### F25.2 Шизоафективно растројство, мешан тип

Циклична шизофренија
Мешани шизофрени и афективни психози

### F25.8 Други шизоафективни растројства

### F25.9 Шизоафективно растројство, неозначено

Шизоафективна психоза ИН

## F28 Други неоргански психотични растројства

Налудничави или халуцинаторни растројства што не ја оправдуваат дијагнозата на шизофренија (F20.-), постојани налудничави растројства (F22.-), акутни и преодни психотични растројства (F23.-), психотични типови на манијачни епизоди (F30.2), или тешка депресивна епизода (F32.3).

Хронична халуцинаторна психоза

## F29 Неозначена неорганска психоза

Психоза ИН

***Исклучува:*** ментално растројство ИН (F99)
органска или симптоматска психоза ИН (F09)

# РАСТРОЈСТВА НА РАСПОЛОЖЕНИЕТО [АФЕКТОТ] (F30–F39)

Овој дел ги содржи растројствата кај кои основното нарушување е промената на афектот или расположението во депресија (со или без придружна анксиозност) или во весело расположение. Промената во расположението обично е придружена со промена во вкупното ниво на активноста; повеќето од другите симптоми се или секундарни или лесно се разбираат во контекстот на промената во расположението и активноста. Повеќето од овие растројства имаат тенденција да се повратни, а почетокот на поединечните епизоди може често да биде поврзан со стресни настани или ситуации.

## F30 Манијачна епизода

Сите поткласи на оваа категорија треба да бидат употребени само за единечна епизода. Хипоманијачните или манијачните епизоди кај лица што претходно веќе имале една или повеќе афективни епизоди ( депресивни, хипоманијачни, манијачни или мешани) треба да бидат шифрирани како биполарно афективно растројство (F31.-).

***Вклучува:*** биполарно растројство, единечна манијачна епизода

### F30.0 Хипоманија

Растројство, окарактеризирано со постојано благо повишување на расположението, зголемена енергија и активност и обично изразени чувства на благосостојба и физичка и ментална ефикасност. Зголемена друштвеност, зборливост, претерана блискост, зголемена сексуална енергија и намалена потреба за спиење се често присутни, но не до таа мера да доведат до тешко прекинување на работата или да резултираат со отфрлување од средината. Раздразливост, вообразеност и несмасни обноски може да се појават место вообичаената еуфорична друштвеност. Растројствата на расположението и обноските не се придружени со халуцинации или налудничавости.

### F30.1 Манија без психотични симптоми

Расположението е повишено, несогласно со состојбата на пациентот и може да се менува од безгрижна веселост до речиси неконтролирана возбуда. Веселото расположение е придружено со зголемена енергија што доведува до засилена активност, притисок да се зборува и намалена потреба за спиење. Вниманието не е можно да се одржи, па често има забележлива расеаност. Себеценењето е често надуено со идеи на величина и претерана самодоверба. Загубата на нормалните социјални кочници може да доведе до обноски што се безобѕирни, дрски или несоодветни на околностите и карактерот.

### F30.2 Манија со психотични симптоми

Покрај клиничката слика опишана во F30.1, присутни се налудничавост (обично на величина) или халуцинации (обично гласови што директно му зборуваат на пациентот), или пак возбудата, претераната моторна активност и бегањето на мислите се толку изразени што лицето е несфатливо или недостапно за обична комуникација.

Манија со:
- на афектот сообразени психотични симптоми
- на афектот несообразени психотични симптоми

Манијачен ступор

### F30.8 Други манијачни епизоди

### F30.9 Манијачна епизода, неозначено

Манија ИН

## F31 Биполарно афективно растројство

Растројство што се карактеризира со две или повеќе епизоди кога нивоата на активност и расположение на пациентот се значително нарушени, при што нарушувањето во некои случаи се состои од повишено расположение и зголемена енергија и активност (хипоманија или манија), а во други случаи со спуштање на расположението и смалена енергија и активности (депресија). Повторуваните епизоди на хипоманија или само манија се класифицираат како биполарни.

***Вклучува:*** манијачно-депресивна:

• болест
• психоза
• реакција

***Исклучува:*** биполарно растројство, единечна манијачна епизода (F30.-)
циклотимија (F34.0)

F31.0 Биполарно афективно растројство, хипоманична епизода во тек

Пациентот е моментално хипоманичен и имал барем најмалку една друга афективна епизода (хипоманијачна, манијачна, депресивна или мешана) во минатото.

F31.1 Биполарно афективно растројство, манијачна епизода во тек без психотични симптоми

Пациентот е моментално маничен, без психотични симптоми (како во F30.1), и имал барем најмалку една друга афективна епизода (хипоманијачна, манијачна, депресивна или мешана) во минатото.

F31.2 Биполарно афективно растројство, манијачна епизода во тек со психотични симптоми

Пациентот е моментално маничен, со психотични симптоми (како во F30.2), и имал барем најмалку една друга афективна епизода (хипоманијачна, манијачна, депресивна или мешана) во минатото.

F31.3 Биполарно афективно растројство, блага или умерена епизода на депресија во тек

Пациентот сега е депресивен, како во депресивна епизода од блага или умерена острина (F32.0 или F32.1), и имал барем најмалку една докажана хипоманијачна, манијачна или мешана афективна епизода во минатото.

F31.4 Биполарно афективно растројство, епизода на тешка депресија без психотични симптоми во тек

Пациентот сега е депресивен, како во епизода со тешка депресија без психотични симптоми (F32.2) и имал барем најмалку една докажана хипоманијачна, манијачна или мешана афективна епизода во минатото.

F31.5 Биполарно афективно растројство, епизода на тешка депресија со психотични симптоми во тек

Пациентот сега е депресивен, како во епизода со тешка депресија со психотични симптоми (F32.3) и имал барем најмалку една докажана хипоманијачна, манијачна или мешана афективна епизода во минатото.

F31.6 Биполарно афективно растројство, мешана епизода во тек

Пациентот имал барем најмалку една докажана хипоманијачна, манијачна, депресивна или мешана афективна епизода во минатото, а сега покажува или смеса или брзо изменување на манијачни и депресивни симптоми.

***Исклучува:*** единечна мешана афективна епизода (F38.0)

F31.7 Биполарно афективно растројство, ремисија во тек

Пациентот имал барем најмалку една докажана хипоманијачна, манијачна или мешана афективна епизода во минатото и освен тоа и најмалку барем една друга афективна епизода (хипоманијачна, манијачна, депресивна или мешана), но сега не страда од кое да било значајно афективно нарушување, ниту пак страдал во текот на неколку месеци. Периодите на ремисија во текот на профилактичкото лекување треба да бидат тука шифрирани.

F31.8 Други биполарни афективни растројства

Биполарно растројство II
Повратни манијачни епизоди ИН

F31.9 Биполарно афективно растројство, неозначено

## F32 Депресивна епизода

∇ 0505

Кај типично благите, умерени или тешки депресивни епизоди пациентот страда од потиштеност, намалена енергија и опаѓање во активноста. Способноста за уживање, интересот и концентрацијата се намалени, а видлив замор е чест дури и при намален напор. Спиењето е обично нарушено, а апетитот намален. Себеценењето и довербата во себе речиси секогаш се намалени, па дури и во блага форма, некои мисли за вина и безвредност се често присутни. Сниженото расположение малку се менува од ден на ден , не реагира на околностите и може да биде придружено од т.н. “ соматски“

симптоми како губење на интересот и чувството на пријатност, утринско будење неколку часа пред вообичаеното време, влошување на депресијата наутро, изразена психомоторна забавеност, немир, губење на апетит, на телесната тежина и на либидото. Во зависност од бројот и острината на симптомите депресивната епизода може да биде означена како блага, умерена или тешка.

***Вклучува:*** единечни епизоди на:
- депресивна реакција
- психогена депресија
- реактивна депресија

***Исклучува:*** растројство во приспособувањето (F43.2)
рекурентно депресивно растројство (F33.-)
кога е здружено со растројство во обноските кај F91.- (F92.0)

Следните потподелби со пет знаци се употребуваат со категоријата F32:
. 0 не е означено како да се јавува во постнаталниот период
. 1 се јавува во постнаталниот период

## F32.0 Блага депресивна епизода

Два или три од горните симптоми се обично присутни. Пациентот обично поради овие симптоми страда, но веројатно ќе биде способен да продолжи со повеќето од активностите.

## F32.1 Умерена депресивна епизода

Четири или повеќе од горните симптоми се обично присутни, а пациентот, веројатно, ќе има големи потешкотии да продолжи со вообичаените активности.

## F32.2 Тешка депресивна епизода без психотични симптоми

Епизода на депресија во која неколку од погорните симптоми се изразени и мачни со типично губење на самопочиттта и со мисли за безвредност и вина. Чести се размислувањата за самоубиство и за самоубиствени постапки, присутни се бројни " соматски" симптоми.

Агитирана депресија }
Голема депресија } единечна епизода без психотични симптоми
Витална депресија }

## F32.3 Тешка депресивна епизода со психотични симптоми

Епизода на депресија како што е опишано во F32.2, но со присуство на халуцинации, налудничавости, психомоторна забавеност или ступор кои се така жестоки што вообичаените општествени активности се невозможни; може да има опасност по живот од самоубиство, дехидратација или изгладнување. Халуцинациите и налудничавостите може но не мора да бидат сообразени со афектот.

Единечни епизоди на:
- голема депресија со психотични симптоми
- психогена депресивна психоза
- психотична депресија
- реактивна депресивна психоза

## F32.8 Други депресивни епизоди

Атипична депресија
Единечни епизоди на 'маскирана' депресија ИН

## F32.9 Депресивна епизода, неозначено

Депресија ИН
Депресивно растројство ИН

## F33 Рекурентно депресивно растројство

Растројство што се карактеризира со повторувани епизоди на депресија како што е опишано за депресивната епизода (F32.-), без каква да било историја на независни епизоди за повишено расположение и зголемена енергија (манија). Меѓутоа може да има краткотрајни епизоди на благо повишување на расположениeто и претерана активност (хипоманија) веднаш по депресивната епизода, понекогаш забрзани со антидепресивната терапија. Потешките форми на рекурентно депресивно растројство (F33.2 и F33.3) имаат многу повеќе заедничко со поранешните концепти како манијачно-депресивна депресија, меланхолија, витална депресија и ендогена депресија. Првата епизода може да се случи на секоја возраст од детството до староста, почетокот може да биде акутен или подмолен, а траењето може да се протега од неколку недели до повеќе месеци. Ризикот дека пациентот со рекурентно депресивно растројство ќе има епизода на манија никогаш целосно не исчезнува, меѓутоа тој доживеал многу депресивни епизоди. Ако се случи ваква епизода дијагнозата треба да биде променета во биполарно афективно растројство (F31.-).

***Вклучува:*** рекурентни епизоди на:
- депресивна реакција
- психогена депресија
- реактивна депресија

сезонско депресивно растројство

***Исклучува:*** рекурентни краткотрајни депресивни епизоди (F38.1)

### F33.0 Рекурентно депресивно растројство, лесна епизода во тек

Растројство што се карактеризира со повторувани епизоди на депресија, при што во тек е лесна епизода како во F32.0 и без каква да било историја за манија.

### F33.1 Рекурентно депресивно растројство, умерена епизода во тек

Растројство што се карактеризира со повторувани епизоди на депресија, при што епизодата што е во тек е од умерена тежина, како во F32.1, и без каква да било историја за манија.

### F33.2 Рекурентно депресивно растројство, тешка епизода во тек без психотични симптоми

Растројство што се карактеризира со повторувани епизоди на депресија, при што епизодата што е во тек е тешка, но без психотични симптоми, како во F32.2 и без каква да било историја за манија.

Ендогена депресија без психотични симптоми
Голема депресија, рекурентна без психотични симптоми
Манијачно-депресивна психоза, депресивен тип без психотични симптоми
Витална депресија, рекурентна без психотични симптоми

### F33.3 Рекурентно депресивно растројство, тешка епизода со психотични симптоми во тек

Растројство окарактеризирано со повторувани епизоди на депресија, при што епизодата што е во тек е тешка и со психотични симптоми, како во F32.3, и без претходни епизоди на манија.

Ендогена депресија со психотични симптоми
Манијачно-депресивна психоза, депресивен тип со психотични симптоми
Рекурентни тешки епизоди на:
- голема депресија со психотични симптоми
- психогена депресивна психоза
- психотична депресија
- реактивна депресивна психоза

### F33.4 Рекурентно депресивно растројство, ремисија во тек

Пациентот имал две или повеќе депресивни епизоди во минатото, како што е опишано во F33.0–F33.3, но неколку месеци нема депресивни симптоми.

### F33.8 Други рекурентни депресивни растројства

### F33.9 Рекурентно депресивно растројство, неозначено

Монополарна депресија ИН

## F34 Перзистентни растројства на расположениeто [афектот]

Трајни и обично колебливи растројства на расположението кај кои повеќето од поединечните епизоди не се доволно тешки за да бидат опишани како хипоманијачни или благи депресивни епизоди. Бидејќи тие траат со години, а понекогаш и во текот на поголемиот дел од зрелата возраст на пациентот, доведуваат до појава на значителен душевен немир и онеспособеност. Во некои случаи рекурентните или единечните манијачни или депресивни епизоди можат да бидат додадени на постојаното афективно растројство.

### F34.0 Циклотимија

Постојана нестабилност на расположението што содржи бројни периоди на депресија или благо повишување на расположението, при што ниту едно не е доволно тешко или продолжено за да ја оправда дијагнозата на биполарно афективно растројство (F31.-) или рекурентно депресивно растројство (F33.-). Ова растројство често се сретнува кај родниниte на пациенти со биполарно афективно растројство. Некои пациенти со циклотимија евентуално развиваат биполарно афективно растројство.

Афективно растројство на личноста
Циклоидна личност
Циклотимна личност

### F34.1 Дистимија

Хронично депресивно расположение, кое најмалку трае неколку години, кое не е доволно тешко, или пак кај кое поединечните епизоди не се доволно долготрајни да ја оправдаат дијагнозата на тешко, умерено или благо рекурентно депресивно растројство (F33.-).

Депресивна:
• невроза
• растројство на личноста
Невротска депресија
Постојана анксиозна депресија

***Исклучува:*** анксиозна депресија (блага или непостојана) (F41.2)

### F34.8 Други постојани растројства на расположението [афектот]

### F34.9 Постојано растројство на расположението [афектот], неозначено

## F38 Други растројства на расположението [афектот]

Кои да се други растројства на расположението што не оправдуваат класифицирање во F30–F34, бидејќи не се доволно тешки и трајни.

### F38.0 Други единечни растројства на расположението [афектот]

Мешана афективна епизода

### F38.1 Други повратни растројства на расположението [афектот]

Повратни краткотрајни депресивни епизоди

### F38.8 Други означени растројства на расположението [афектот]

## F39 Неозначено растројство на расположението [афектот]

Афективна психоза ИН

# НЕВРОТСКИ РАСТРОЈСТВА ПОВРЗАНИ СО СТРЕС И СОМАТОФОРМНИ РАСТРОЈСТВА (F40–F48)

***Исклучува:*** кога се здружени со растројство во обноските кај F91.- (F92.8)

## F40 Фобични анксиозни растројства

∇ 0511

Група растројства кај кои анксиозноста е предизвикана единствено или претежно во определени добро дефинирани ситуации, што во тоа време не се опасни. Како резултат овие ситуации типично се одбегнуваат или се доживуваат со

страв. Загриженоста на пациентот може да биде насочена кон поединечни симптоми како што се палпитациите или несвестиците, но често е придружена со секундарен страв од смрт, губење на контролата или од полудување. Размислувањето да се биде во фобична ситуација обично создава антиципаторна анксиозност. Фобичната анксиозност и депресијата често одат заедно. Дали е потребно да се постават обете дијагнози, фобична анксиозност и депресивна епизода, или само една од нив се определува според тоа кое растројство прво се појавило и кое е јасно доминантно за време на поставувањето на дијагнозата.

## F40.0 Агорафобија

Прилично добро дефинирана група фобии што опфаќаат страв од излегување од дома, влегување во продавница, од мешаница и од јавни места, од осамено патување во воз, автобус или авион. Паничното растројство е чест белег како на сегашните така и на изминатите епизоди. Честопати како дополнителни белези се присутни депресивни и опсесивни симптоми и социјални фобии. Често е изразено одбегнувањето на фобичната ситуација, но некои лица што страдаат од агорафобија не покажуваат голема анксиозност, бидејќи можат да ги одбегнат нивните фобични ситуации.

### ⊗F40.00 Агорафобија без историја на панично растројство

### ⊗F40.01 Агорафобија со панично растројство

### F40.1 Социјални фобии

Страв од набљудување од други луѓе што доведува до одбегнување на социјални ситуации. Повеќето первазивни социјални фобии обично се придружени со ниска самопочит и страв од критика. Тие можат да се прикажат како поплаки за црвенеење, тресење на рацете, гадење или поттик да се моча, при што пациентот понекогаш е уверен дека една од овие секундарни манифестации на неговата анксиозност се првостепениот проблем. Симптомите може да напредуваат до напади на паника.

Антропофобија
Социјална невроза

### F40.2 Специфични (изолирани) фобии

Фобии ограничени на многу специфични ситуации, како што се близина до животни, височина, грмеж, темница, летање, затворен простор, вршење мала или голема нужда во јавен клозет, јадење определена храна, забар или гледање крв или рана. Иако провокативната ситуација е дискретна, контактот со неа може да предизвика паника како кај агорафобијата или како кај социјалната фобија.

Акрофобија
Фобија од животни
Клаустрофобија
Едноставна фобија

***Исклучува:*** дисморфофобија (неналудничава) (F45.2)
нозофобија (F45.2)

### F40.8 Други фобични анксиозни растројства

### F40.9 Фобично анксиозно растројство, неозначено

Фобија ИН
Фобична состојба ИН

## F41 Други анксиозни растројства

Растројства кај кои појавите на анксиозност се главниот симптом и кои не се ограничени на која да било посебна ситуација во околината. Исто така можат да бидат присутни депресивни и опсесивни симптоми, па дури и елементи на фобична анксиозност, под услов да се јасно секундарни и да се помалку тешки.

### F41.0 Панично растројство [епизодна пароксизмална анксиозност]

∇ 0511

Значаен белег се повратните напади на тешка анксиозност (паника), што не се ограничени на која да било посебна ситуација или на збир на околности, па според тоа се непредвидливи. Како и кај други анксиозни растројства, доминантни симптоми се брзо почнување на срцебиење, болки во градите, чувство на задушување, вртоглавица и чувство на нереалност (деперсонализација или дереализација). Често има и секундарен страв од умирање, губење на

контролата или од полудување. Паничното растројство не треба да се постави како главна дијагноза ако пациентот во времето кога започнуваат нападите има депресивно растројство, па во такви околности нападите на паника можно е да се секундарни во однос на депресијата.

Паника:
- напад
- состојба

***Исклучува:*** панично растројство со агорафобија (F40.01)

## F41.1 Генерализирано анксиозно растројство

Анксиозност што е генерализирана и постојана, но не е и ограничена, или дури силно предоминантна во која да било определена околност во средината ( т.е. таа “ слободно рее“). Доминантните симптоми се променливи, вклучуваат поплаки за постојана нервозност, треперење, мускулна напнатост, потење, зашеметеност, срцебиење, вртоглавица и тежина во епигастриумот. Често се изразуваат стравувања дека пациентот или некој негов близок набргу ќе се разболи или ќе доживее несреќа.

Анксиозна:
- невроза
- реакција
- состојба

***Исклучува:*** неврастенија (F48.0)

## F41.2 Мешано анксиозно и депресивно растројство

Оваа категорија треба да се употребува кога симптомите на анксиозност и депресија се едновремено присутни, при што ниту еден не е јасно предоминантен ниту пак едниот или другиот тип на симптоми до таа мера е присутен за да ја оправда дијагнозата ако се разгледуваат одделно. Кога се присутни симптоми и на анксиозност и на депресија, и ако се доволно тешки да оправдаат поединечни дијагнози, треба да се забележат обете дијагнози, а оваа категорија не треба да се употреби.

Анксиозна депресија (блага или непостојана)

## F41.3 Други мешани анксиозни растројства

Симптоми на анксиозност мешани со белези од други растројства во F42–F48. Ниту еден тип од симптомите не е доволно тежок да ја оправда дијагнозата ако се разгледуваат одделно.

## F41.8 Други означени анксиозни растројства

Анксиозна хистерија

## F41.9 Анксиозно растројство, неозначено

Анксиозност ИН

# F42 Опсесивно-компулсивно растројство

Основен белег се повратни опсесивни мисли или принудни постапки. Обсесивните мисли се идеи, слики и поттици што постојано и стереотипно навлегуваат во свеста на пациентот. Тие речиси постојано се измачувачки, а пациентот често безуспешно се обидува да им се спротистави. Тие, меѓутоа, се препознаваат како негови или нејзини сопствени мисли, иако се недоброволни и често одвратни. Принудните постапки или ритуали се стереотипни обноски што постојано се повторуваат. Тие не се својствено пријатни, ниту пак завршуваат со извршување на суштинско корисни задачи. Нивна функција е да спречат некои за пациентот објективно неверојатни настани што често му нанесуваат штета или во кои тој нанесува штета, а за кои се плаши дека инаку би можеле да му се случат. Обично оваа обноска пациентот ја препознава како бесмислена и залудна, па тој прави повторни обиди да и се спротистави. Анксиозноста е речиси постојано присутна. Ако постои спротиставување на принудните постапки, анксиозноста се влошува.

***Вклучува:*** ананкастична невроза
опсесивно-компулсивна невроза

***Исклучува:*** опсесивно-компулсивна личност (растројство) (F60.5)

## F42.0 Предоминантно опсесивни мисли или руминации

Тие можат да се во форма на идеи, ментални слики или импулси да се дејствува што речиси секогаш е мачно за лицето. Понекогаш мислите се бесполезни, тие се бескрајни разгледувања на алтернативи придружени со неспособност да се

донесат тривијални, но потребни решенија во секојдневниот живот. Соодносот меѓу опсесивните руминации и депресијата е особено близок, а дијагнозата на опсесивно-компулсивното растројство треба да има предимство само ако руминациите се јавуваат или постојат во отсуство на депресивна епиозода.

### F42.1 Предоминантно принудни постапки [опсесивни ритуали]

Повеќето од принудните постапки се однесуваат на чистење ( особено миење раце), повторувано контролирање за да се осигура дека ќе се спречи појавата на некоја опасна ситуација, или пак на ред и на чистота. Во основата на видливата обноска е страв, обично од опасност како за пациентот, така и предизвикана од него, а ритуалот е бездејствен или пак е симболичен обид да се острани таа опасност.

### F42.2 Мешани опсесивни мисли и акти

### F42.8 Други опсесивно-компулсивни растројства

### F42.9 Опсесивно-компулсивно растројство, неозначено

## F43 Реакција на тежок стрес и растројства во приспособувањето

Оваа категорија се разликува од другите во тоа што таа опфаќа растројства што се идентификуваат не само врз основа на симптомите и текот, туку и преку постоењето на едно или две причински влијанија: извонредно стресен настан во животот што предизвикува акутна реакција на стрес, или значајна промена во животот што условува постојано непријатни околности, што резултираат во растројство во приспособувањето. Иако помалку тежок психосоцијален стрес (“ животни настани“) може да го забрза почетокот, или да придонесе за појавувањето на многу широк спектар растројства класифицирани на други места во оваа глава, неговата етиолошка важност не е секогаш јасна, па кај секој случај ќе се најде зависност од индивидуалната, често идиосинкратична ранливост, т.е. животните случки не се ниту потребни ниту доволни да го објаснат јавувањето и формата на растројството. Наспроти тоа, растројствата опфатени овде, се смета дека секогаш произлегуваат како директна последица на акутен тежок стрес или продолжена траума. Стресните настани или продолжените непријатни околности се примарни и решавачки причински фактори, а растројството не би се појавило без нивно дејствување. Растројствата во овој дел според тоа треба да се разгледуваат како маладаптивни одговори на тежок или подолготраен стрес, при што тие ги попречуваат успешните одбрамбени механизми и доведуваат до проблеми во социјалното функционирање.

### F43.0 Акутна реакција на стрес

Преодно растројство што се развива кај личности без друго видливо ментално растројство како одговор на исклучителен телесен и душевен стрес што обично се смирува за неколку часа или дена. Ранливоста на единката и нејзините адаптивни капацитети играат улога во појавувањето и тежината на акутните реакции на стрес. Симптомите покажуваат типично мешана и променлива слика и вклучуваат почетен стадиум на “вчудовиденост“ со извесно стеснување на полето на свеста и стеснување на вниманието, неспособност да се сфатат стимулите и дезориентација. Оваа состојба може да биде проследена било со натамошно повлекување од околната ситуација ( до степен на дисоцијативен ступор-F44.2), или со вознемиреност и претерана активност (реакција на бегање или фуга). Често се присутни вегетативни знаци на панична анксиозност (тахикардија, потење, црвенеење). Симптомите обично се јавуваат за неколку минути по дејствувањето на стресниот стимул или настан, а се губат за два до три дена (често за неколку часа). Може да има делумна или целосна амнезија (F44.0) за епизодата. Ако симптомите траат, треба да се размислува за промена на дијагнозата.

Акутна:
• реакција на криза
• реакција на стрес
Боречка исцрпеност
Кризна состојба
Психички шок

### F43.1 Посттрауматско стресно растројство

Се јавува како одложен или продолжен одговор на стресен настан или ситуација ( било од кратко или долго траење) од извонредно заканувачка или катастрофална природа која веројатно ќе предизвика первазивно неспокојство речиси кај секого. Предиспозиционите фактори, како што се цртите на личноста ( на пример компулсивна, астенична) или претходна историја на невротска болест може да го спуштат прагот за развој на синдромот или да го влошат неговиот тек, но тие не се ниту доволни ниту потребни да ја објаснат неговата појава. Типичните белези вклучуваат епизоди на повторувано преживување на траумата во наметнатите сеќавања ( “ флешбегс“), во соништата или во ноќните мори што се јавуваат на постојна основа на чувство на “ здрвеност“ и емоционална отапеност, издвоеност од другите луѓе, рамнодушност кон околината, анхедонија и одбегнување на активности и ситуации што потсетуваат на траумата. Обично постои состојба на вегетативна пренадразливост со претерана будност и засилена

реакција на исплашеност и несоница. Анксиозноста и депресијата се често здружени со погорните симптоми и знаци, а суицидалните размислувања не се ретки.. Почетокот следи по траума со период на латенција што може да се протега од неколку недели до месеци. Текот е променлив, но оздравување може да се очекува кај повеќето случаи. Кај мал дел од случаите состојбата може да има хроничен тек во текот на повеќе години со можно преминување во постојана промена на личноста (F62.0).

Трауматска невроза

### F43.2 Растројства на приспособувањето

Состојби на субјективно страдање и емоционално растројство, што обично го нарушуваат социјалното функционирање и остварување, а се јавуваат во период на адаптација на значајни животни промени или на стресни животни настани. Стресот може да го оштети интегритетот на социјалната мрежа на личноста ( тагување за починат, разделба) или на поширокиот систем на општествена поддршка и вредност ( миграција, статус на бегалец) или пак да претставува значаен развоен период или криза (одење на училиште, станување родител, неуспех да се постигнат посакуваните лични цели, пензионирање). Индивидуалната предиспозиција или ранливост игра важна улога во ризикот за појавување и обликување на манифестациите на растројствата на приспособувањето, но сепак се смета дека состојбата не би се појавила без стресот. Манифестациите се изменливи и вклучуваат депресивно расположение, анксиозност или загриженост ( или смеса на обете), чувства на неспособност за адаптација, за планирање или за продолжување во сегашната ситуација, како и извесен степен на неспособност за извршување на секојдневните активности. Растројствата во обноските може да бидат придружен белег особено кај адолесцентите. Предоминантен белег може да биде кратка или продолжена депресивна реакција или растројство на други емоции и обноски.

Културен шок
Реакција на жалење
Хоспитализам кај деца

***Исклучува:*** сепарациона анксиозност во дејството (F93.0)

### F43.8 Други реакции на тежок стрес

### F43.9 Реакција на тежок стрес, неозначено

## F44 Дисоцијативни [конверзивни] растројства

Општите теми што се заеднички за дисоцијативните или конверзивните растројства се делумна или целосна загуба на нормалната интеграција меѓу сеќавањата за минатото, свесноста за идентитетот и непосредните осети и контролата на телесните движења. Сите типови на дисоцијативни растројства имаат тенденција по неколку недели или месеци да попуштат особено ако нивниот почеток е поврзан со трауматски настан во животот. Похронични растројства особено парализа и анестезии, може да се развијат ако почетокот е поврзан со неразрешливи проблеми или тешкотии во односите со луѓето. Овие растројства порано беа класифицирани како разни типови на “конверзивна хистерија“. Се претпоставува дека се од психогено потекло, а временски се тесно поврзани со трауматски настани, со нерешливи или неподносливи проблеми, или со нарушени односи. Симптомите често го претставуваат сфаќањето на пациентот како би се манифестирала телесната болест. Медицинското испитување и претрага не открива присуство на кое да било познато телесно или невролошко растројство. Кон тоа постои податок дека губењето на функцијата е израз на емоционален конфликт, или на емоционални потреби. Симптомите може да се развијат во тесна врска со психолошкиот стрес и често се јавуваат одеднаш. Тука се вклучени само растројства на телесните функции што нормално се под волева контрола и загуба на осетите. Растројствата кои вклучуваат болка и други сложени телесни осети што се под контрола на вегетативниот нервен систем се класифицираат како растројства на соматизацијата (F45.0). Можноста од подоцнежно појавување на тешки телесни или психијатриски растројства секогаш треба да се има на ум.

***Вклучува:*** конверзивна:
- хистерија
- реакција

хистерија
хистерична психоза

***Исклучува:*** симулирање [свесно симулирање] (Z76.5)

### F44.0 Дисоцијативна амнезија

Главен белег е загубата на сеќавањето, обично за значајни недамнешни настани, што не настанала поради органско душевно растројство и што е преголема за да може да биде објаснета со обична заборавеност или замор. Амнезијата обично е сосредоточена на трауматски настани, како што се несреќни случаи или неочекувана жал и обично е делумна и селективна. Целосна и генерализирана амнезија е ретка и обично е дел од фуга (F44.1). Ако е случајот таков,

растројството треба да биде класифицирано како такво. Не треба да се постави дијагноза, ако постојат органски растројства на мозокот, труење или тежок замор.

***Исклучува:*** амнестичко растројство предизвикано од алкохол или од други психоактивни супстанции (F10–F19 со заеднички четврти знак .6)
амнезија:
- антероградна (R41.1)
- ИН (R41.3.)
- ретроградна (R41.2)

неалкохолен органски амнезички синдром (F04.9)
постиктална амнезија кај епилепсија (G40.-)

## F44.1 Дисоцијативна фуга

Дисоцијативната фуга ги има сите белези на дисоцијативната амнезија плус промислено патување надвор од вообичаената дневна маршрута. Иако има амнезија за времетраењето на фугата, обноските на пациентот во тоа време може на независни набљудувачи да им изгледаат сосема нормални.

***Исклучува:*** постиктална фуга кај епилепсија (G40.-)

## F44.2 Дисоцијативен ступор

Дисоцијативниот ступор се дијагностицира врз основа на длабокото намалување или отсуство на волеви движења и на нормалниот одговор на надворешните стимули како што се светлина, врева и допир, но испитувањето и иследувањето не даваат докази за соматска причина. Кон тоа постои позитивен доказ за психогено предизвикување во вид на недамнешни стресни настани или проблеми.

***Исклучува:*** органско кататоно растројство (F06.1)
ступор:
- кататон (F20.2)
- депресивен (F31–F33)
- манијачен (F30.2)
- ИН (R40.1.)

## F44.3 Растројства на транс и опседнување

Растројства каде што има привремена загуба на чувството за личниот идентитет и целосна свесност за околината. Тука вклучи само состојби на транс што се неволеви и непожелни, а се случуваат надвор од религиозно и културно прифатени ситуации.

***Исклучува:*** состојби поврзани со:
- акутни и преодни психотични растројства (F23.-)
- органско растројство на личноста (F07.0)
- посткомоционален синдром (F07.2)
- труење со психоактивна супстанција (F10–F19 со заеднички четврти знак .0)
- шизофренија (F20.-)

## F44.4 Дисоцијативни моторни растројства

Во најчестите видови спаѓа губењето на способноста за целосно движење на екстремитет или екстремитети. или на дел од екстремитет или екстремитети. Може да има голема сличност со тукуречи кој-годе вид атаксија, апраксија, акинезија, афонија, дизатрија, дискинезија, напади или парализа.

Психогена:
- афонија
- дисфонија

## F44.5 Дисоцијативни конвулзии

Дисоцијативните конвулзии според движењата можат да бидат многу слични на епилептичните напади, но каснување на јазикот, модрини од паѓање и инконтиненција на урина се ретки, а свеста е запазена, или заменета со состојба на ступор или транс.

## F44.6 Дисоцијативна анестезија и загуба на осетите

Анестетичките зони на кожата често имаат такви граници што е јасно дека тие се поврзани со сфаќањето на пациентот за функционирањето на телото, а не со медицинските знаења. Може да има загуба на разликување меѓу сензорните модалитети што не е настаната поради невролошка лезија. Загубата на осетите може да биде придружена со поплаки за парестезии. Загубата на видот и слухот кај дисоцијативните растројства ретко е потполна.

Психогена глувост

### F44.7 Мешани дисоцијативни [конверзивни] растројства

Комбинација на растројства означени во F44.0–F44.6

## F44.8 Други дисоцијативни [конверзивни] растројства

### ⊗44.80 Ganser-ов синдром

### ⊗F44.81 Мултипно растројство на личноста

### ⊗F44.82 Преодни дисоцијативни [конверзивни] растројства кои се јавуваат во детството и адолесценцијата

### ⊗F44.88 Други означени дисоцијативни [конверзивни] растројства

Психогена конфузија

### F44.9 Дисоцијативно [конверзивно] растројство, неозначено

## F45 Соматоформни растројства

Главен белег е повторливо прикажување на телесни симптоми со постојани барања за медицински испитувања, наспроти повторливите негативни наоди и потврди од лекари дека симптомите немаат телесна основа. Ако се присутни какви да било телесни растројства, тие не ги објаснуваат природата и опсегот на симптомите и страдањата и преокупираноста на пациентот.

***Исклучува:*** дисоцијативни растројства (F44.-)
- скубење коса (F98.4)
- лалација (F80.0)
- шушкав говор (F80.8)
- гризење нокти (F98.8)
- психолошки фактори или фактори на обноските придружени со растројства или болести класифицирани на друго место (F54)
- нарушување на сексуалната функција што не е предизвикано од органско растројство или болест (F52.-)
- цицање прст (F98.8)
- тикови (во детството и адолесценцијата) (F95.-)
- Tourette-ов синдром (F95.2)
- трихотиломанија (F63.3)

### F45.0 Соматизационо растројство

Главен белег се бројни, повратни и често изменливи телесни симптоми, со траење од најмалку две години. Повеќето од пациентите имаат долготрајна и комплицирана историја на контакт како со општа така и со специјалистичка здравствена служба, при што се правени бројни испитувања што биле негативни или се извршени непотребни експлоративни операции. Симптомите можат да се однесуваат на кој и да било дел или систем од телото. Текот на растројството е хроничен и изменлив, а често е здружен со тешки нарушувања на социјалните, интерперсоналните и семејните обноски. Пократкотрајните (помалку од две години) и помалку забележливите обрасци на симптоми треба да бидат класифицирани под недиференцирани соматоформни растројства (F45.1).

Briquet-ово растројство
Мултипло психосоматско растројство

***Исклучува:*** симулирање [свесно симулирање] (Z76.5)

### F45.1 Недиференцирано соматоформно растројство

Кога соматоформните поплаки се многубројни, изменливи и упорни, а целосната и типична клиничка слика на соматизационото растројство не е исполнета, дијагнозата на недиференцираното соматоформно растројство треба да биде разгледана.

Недиференцирано психосоматско растројство

## F45.2 Хипохондриско растројство

Битен белег е постојаната преокупираност од можноста да се боледува од едно или повеќе тешки и прогресивни телесни растројства. Пациентите покажуваат постојани соматски поплаки или постојана преокупираност со сопствениот телесен изглед. Нормалните или вообичаени осети и појави често од пациентите се интерпретирани како ненормални и како измачувачки, а вниманието е обично свртено само кон еден или два органи или телесни системи. Често се присутни назначена депресија и анксиозност и може да оправдаат додатни дијагнози.

Телесно дисморфично растројство
Дисморфофобија (неналудничава)
Хипохондриска невроза
Хипохондријаза
Нозофобија

***Исклучува:*** налудничава дисморфофобија (F22.8)
фиксирани налудничавости за функциите и изгледот на телото (F22.-)

## F45.3 Соматоформна автономна дисфункција

Пациентот симптомите ги претставува како да се резултат на телесно растројство на систем или орган, што во голема мера или целосно се под вегетативна инервација и контрола т.е. кардиоваскуларниот, гастроинтестиналниот, респираторниот и урогениталниот систем. Обично симптомите се од два типа, но ниту еден од нив не упатува на телесно растројство на органот или системот на кој се однесуваат. Прво, има поплаки што се темелат на објективни знаци за вегетативно активирање како што се палпитации, потење, црвенеење, тремор и изрази на страв и неспокојство во врска со можноста за телесно растројство. Второ, постојат субјективни поплаки што се изменливи и неспецифични, како што се непостојани болки и страдања, чувство на жежење, тежина, напнатост, надуеност или растегнатост кои што пациентот ги припишува на специфичен орган или систем.

***Исклучува:*** психолошки фактори и фактори на обноските придружени со растројства или болести класифицирани на друго место (F54)

### ⊗F45.30 Соматоформно автономно нарушување, неозначен орган или систем

### ⊗F45.31 Соматоформно автономно нарушување, срце и кардиоваскуларен систем

Срцева невроза
Da Costa-ов синдром
Невроциркулаторна астенија

### ⊗F45.32 Соматоформно автономно нарушување, горен дел на гастроинтестинален тракт

Желудочна невроза
Психогена:
- аерофагија
- диспепсија
- пилороспазам

### ⊗F45.33 Соматоформно автономно нарушување, долен дел на гастроинтестинален тракт

Психогена:
- дијареја
- флатуленција
- синдром на иритативен колон

### ⊗F45.34 Соматоформно автономно нарушување, респираторен систем

Психогена:
- кашлица
- икање
- хипервентилација

### ⊗F45.35 Соматоформно автономно нарушување, генитоуринарен систем

Психогена:
- дисурија
- зачестено одење по мала нужда

⊗F45.38 Соматоформно автономно нарушување, друг означен орган или систем

⊗F45.39 Соматоформно автономно нарушување, мултипни органи или системи

### F45.4 Растројство со перзистентна соматоформна болка

Предоминантна поплака е постојаната, тешка и мачна болка, што не може целосно да се објасни со физиолошки процес или со телесно растројство, а која се јавува едновремено со емоционален конфликт, или со психосоцијални проблеми што се доволни да дозволат заклучок дека тие имаат главно причинско влијание. Резултатот е обично значително зголемена поддршка и внимание, било лична или медицинска. Болката за која се претпоставува дека е од психогено потекло, а се јавува во текот на депресивно растројство или шизофренија, не треба да се вклучува овде.

Психалгија
Психогена:
• болка во грбот
• главоболка
Растројство со соматоформна болка

***Исклучува:*** болка во грбот ИН (M54.9-)
болка:
• акутна (R52.0)
• хронична (R52.2)
• упорна (R52.1)
• ИН (R52.9)
тензиона главоболка (G44.2)

### F45.8 Други соматоформни растројства

Кои да било други растројства на осетот, функцијата и обноските, што не се резултат на телесно растројство и во чие што настанување вегетативниот нервен систем нема улога, а се ограничени на специфичен систем, или на делови од телото и што се временски тесно поврзани со стресни настани или проблеми.

Психогена:
• дисменореја
• дисфагија, вклучувајќи “глобус хистерикус“
• пруритус
• тортиколис
Крцкање со заби

### F45.9 Соматоформно растројство, неозначено

Психосоматско растројство ИН

## F48 Други невротски растројства

### F48.0 Неврастенија

Во манифестирањето на ова растројство постојат значителни културни варијации, при што се јавуваат два главни типа со битни преклопувања. Кај едниот тип главен белег е поплаката за зголемена замореност по ментален напор, често придружена со извесно опаѓање на работоспособноста или ефикасноста во извршувањето на дневните задачи. Душевната изморeност обично се опишува како непријатно вметнување на асоцијации и сеќавања што доведуваат до расејаност, тешкотии во концентрирањето и воопшто неефикасно мислење. Кај другиот тип нагласени се чувства на телесна или физичка слабост и исцрпеност и по само минимален напор, придружени со чувство на мускулни болки и неспособност за олабавување. Кај обата типа чести се бројни други непријатни телесни чувства како вртоглавица, тензиона главоболка и чувство на општа нестабилност. Исто така често се сретнуваат загриженост поради опаѓање на душевната и телесната благосостојба, раздразливост, анхедонија и различни послабо изразени и депресивни и анксиозни состојби. Спиењето е често нарушено во неговата почетна и средна фаза, но може исто така да биде изразена и хиперсомнија.

Синдром на исцрпеност

*Ако е потребно да се означи претходна телесна болест, употребете дополнителна шифра.*

***Исклучува:*** астенија ИН (R53)
исцрпеност од работа (Z73.0)
неугодност и замор (R53)
синдром на замор по вирусна инфекција (G93.3)
психастенија (F48.8)

F48.1 Синдром на деперсонализација-дереализација

Ретко растројство каде што пациентот спонтано се поплакува дека неговата ментална активност, телото и околината го менуваат квалитетот, така што стануваат нестварни, оддалечени или автоматизирани. Меѓу различните феномени на овој синдром, пациентите најчесто се жалат на загуба на емоциите и на чувство на отуѓување или одделување од нивното мислење, нивното тело или од реалниот свет. Наспроти драматичната природа на доживувањата, пациентот е свесен за нереалноста на промената. Сензориумот е нормален, а способноста за емоционално изразување е неоштетена. Симптоми на деперсонализација-дереализација може да се јават како дел од шизофрено, депресивно, фобично или опсесивно-компулсивно растројство што се дијагностицира. Во вакви случаи дијагнозата треба да биде онаа на главното растројство.

F48.8 Други означени невротски растројства

Dhat-ов синдром
Работна невроза, вклучувајќи грч за време на пишување
Психастенија
Психастенична невроза
Психогена синкопа

F48.9 Невротско растројство, неозначено

Невроза ИН

## СИНДРОМИ НА ОБНОСКИТЕ ПРИДРУЖЕНИ СО ФИЗИОЛОШКИ НАРУШУВАЊА И ФИЗИЧКИ ФАКТОРИ (F50–F59)

### F50 Растројства во хранењето

***Исклучува:*** анорексија ИН (R63.0)
исхрана:
• тешкотии и лошо спроведување (R63.3)
• растројство во раното детство или во детството (F98.2)
полифагија (R63.2)

F50.0 Анорексија нервоза

Растројство што се карактеризира со намерна загуба на телесната тежина започната и одржувана од пациентот. Најчесто се случува кај адолесцентни девојки и млади жени, но момчињата во адолесценција и млади мажи исто можат да бидат зафатени, како што е тоа можно и за деца што се наближуваат кон пубертетот и за постари жени се до менопаузата. Растројството е придружено со специфична психопатологија, при што како натурена и проценета идеја постои страв од дебелина и омрцлавеност на телесната фигура, па пациентите си наметнуваат стандарди на мала телесна тежина. Обично постои потхранетост од различна тежина со секундарни ендокрини и метаболични промени и нарушувања на телесното функционирање. Симптомите вклучуваат ограничувања во исхраната, претерано вежбање, предизвикано повраќање и прочистување и употреба на средства што го намалуваат апетитот и диуретици.

***Исклучува:*** загуба на апетитот:
• ИН (R63.0)
• психоген (F50.8)

F50.1 Атипична анорексија нервоза

Растројство што има некои од белезите на анорексија нервоза, но кај кое целокупната клиничка слика не ја оправдува таа дијагноза. На пример, еден од клучните симптоми како аменореја или изразен страв од дебелина може да се отсутни во присуство на изразена загуба на тежина и однос насочен кон намалување на тежината. Дијагнозата не треба да се поставува во присуство на познати телесни заболувања придружени со загуба на телесната тежина.

F50.2 Булимија нервоза

Синдром окарактеризиран со повторувани напади на неумерено јадење и претерана преокупација со контролата на телесната тежина, што доведува до образец на неумерено јадење придружено со повраќање или употреба на пургативи. Ова растројство има многу заеднички белези со анорексија нервоза, вклучувајќи и претерана загриженост за телесниот изглед и тежината. Повторуваните повраќања веројатно ќе предизвикаат нарушувања во телесните електролити и телесни компликации. Често, но не и секогаш, има историја на поранешна епизода на анорексија нервоза, во интервал од неколку месеци до неколку години.

Булимија ИН
Хиперорексија нервоза

### F50.3 Атипична булимија нервоза

Растројства што имаат некои белези на булимија нервоза, но кај кои што целокупната клиничка слика не ја оправдува таа дијагноза. На пример може да има повратни напади на прекумерно јадење и прекумерна употреба на средства за прочистување без значителна промена на тежината, но типичната претерана загриженост за телесната линија и загуба на тежина може да е отсутна.

### F50.4 Прекумерно јадење придружено со други психолошки растројства

Прекумерно јадење поради стресни настани, како жал поради смрт, несреќа, раѓање итн.

Психогено прекумерно јадење

***Исклучува:*** дебелина (E66.-)

### F50.5 Повраќање придружено со други психолошки нарушувања

Повторувано повраќање што се случува кај дисоцијативните растројства (F44.-) и кај хипохондриско растројство (F45.2) кое што не е само поради состојби класифицирани надвор од оваа глава. Оваа поткатегорија може исто така да биде употребувана покрај O21.- (прекумерно повраќање во бременоста) кога емоционалните фактори се предоминантни во предизвикувањето повторувано гадење или повраќање за време на бременост.

Психогено повраќање

***Исклучува:*** наузеја (R11)
повраќање ИН (R11)

### F50.8 Други растројства во исхраната

Пика кај возрасни
Психогена загуба на апетит

***Исклучува:*** пика во раното детство и во детството (F98.3)

### F50.9 Растројство во исхраната, неозначено

## F51 Неоргански растројства на спиењето

Во многу случаи нарушувањето на спиењето е еден од симптомите на друго растројство, било душевно или телесно. Дали растројството на спиењето кај одреден пациент е независна состојба или едноставно еден од белезите на друго растројство класифицирано на друго место во оваа или друга глава, треба да се определи врз база на клиничката слика и текот, како и врз база на тераписките размислувања и приоритети за време на прегледот. Воопшто, ако растројството на спиењето е една од главните поплаки и се согледува како состојба сама по себе, постоечката шифра треба да се употреби заедно со други соодветни дијагнози што ја опишуваат психопатологијата и патофизиологијата, што се во основата кај секој случај. Оваа категорија ги опфаќа само оние растројства на спиењето каде што се смета дека емоционалните причини се примарен фактор и што не се настанати поради телесни растројства, што можат да бидат дијагностицирани и класифицирани на друго место.

***Исклучува:*** растројства на спиењето (органски) (G47.-)

### F51.0 Неорганска несоница

Состојба на недоволен квантитет и/или квалитет на спиењето што трае значителен временски период, вклучувајќи тешкотии во заспивањето, тешкотии да се одржи спиењето и рано конечно будење. Инсомнијата е чест симптом кај многу душевни и телесни растројства и треба да биде класифицирана овде заедно со основното растројство само ако доминира во клиничката слика.

***Исклучува:*** инсомнија (органска) (G47.0)

### F51.1 Неорганско прекумерно спиење

Хиперсомнијата е дефинирана како состојба било на прекумерна дневна сонливост или напади на спиење (што не се објаснуваат со недоволна мера на спиење) или продолжен период кон целосна будност по будењето. Во отсуство на органски фактор за појавувањето на прекумерно спиење, оваа состојба обично е придружена со душевни растројства.

***Исклучува:*** хиперсомнија (органска) (G47.1)
нарколепсија (G47.4)

### F51.2 Неорганско растројство на ритамот спиење-будност

Недостиг на синхроност во распределбата меѓу спиењето и будноста и на бараниот ритам спиење-будност од околината на личноста, што доведува до поплака било на несоница било на прекумерно спиење.

Психогена инверзија на:
- деноноќност }
- ноќнодневниот } ритам
- спиење }

***Исклучува:*** Растројства на распоредот спиење-будност (органски) (G47.2)

### F51.3 Одење во сон [сомнамбулизам]

Состојба на изменета свест во која феномените на спиење и будност се комбинирани. За време на епизодата на одење во сон, лицето станува во кревет, обично во текот на првата третина од ноќното спиење и почнува да оди околу, покажувајќи ниски нивоа на свесност, реактивност и моторна умешност. По разбудувањето обично нема сеќавање за настанот.

### F51.4 Стравотии во спиење [ноќни стравотии]

Ноќни епизоди на прекумерен страв и паника придружени со интензивно испуштање гласови, движење и високи нивоа на вегетативно празнење. Лицето седнува или станува обично за време на првата третина на ноќното спиење, панично врискајќи. Често истрчува до вратата како да се обидува да се спаси иако многу ретко ја напушта собата. Сеќавањето за настанот, ако воопшто постои, е многу ограничено (обично за една или две фрагментарни ментални слики).

### F51.5 Ноќни мори

Доживувања во сон оптоварени со анксиозност и страв. Постои многу детално сеќавање за содржината на сонот. Доживувањето за време на сонот е многу живо и обично содржи теми што се однесуваат на закани за преживувањето, сигурноста или себеценењето. Многу често постои враќање на исти или слични застрашувачки теми во ноќните мори. За време на типична епизода постои до извесен степен вегетативно испразнување, но без забележливо испуштање гласови или движење на телото. При будењето лицето брзо станува будно и ориентирано.

Анксиозен сон

### F51.8 Други неоргански растројства на спиењето

### F51.9 Неорганско растројство на спиењето, неозначено

Емоционално растројство на спиењето ИН

## F52 Сексуална дисфункција, непредизвикана од органско растројство или болест

Сексуална дисфункција што опфаќа разни облици во кои единката е неспособна да учествува во сексуални односи како што би сакала. Сексуалниот одговор е психосоматски процес, а и психолошкиот и соматскиот процес обично имаат улога во настанувањето на сексуалната дисфункција.

***Исклучува:*** Dhat-ов синдром (F48.8)

### F52.0 Недостиг или загуба на сексуална желба

Загубата на сексуална желба е главниот проблем и не е секундарна во однос на другите сексуални тешкотии како што се неуспешна ерекција или и дисп-ареунија.

Фригидност
Растројство на хипоактивна сексуална желба

### F52.1 Сексуална одвратност и недостиг на сексуално задоволство

Или можноста за сексуален однос предизвикува доволен страв или анксиозност, при што сексуалната активност се одбегнува (сексуална одвратност), или пак иако сексуалниот одговор е нормален и се доживува оргазам, но нема соодветно задоволство ( недостиг на сексуално задоволство).

Анхедонија (сексуална)

F52.2 **Неуспешен генитален одговор**

Главниот проблем кај мажите е нарушена ерекција (тешкотија во развивање и одржување соодветна ерекција за задоволувачки однос). Кај жените главен проблем е сувоста на вагината или неможност да се подмачка.

Растројство во сексуалната возбудливост на жената
Растројство во ерекцијата кај мажот
Психогена импотенција

***Исклучува:*** импотенција од органско потекло (N48.4)

F52.3 **Нарушување на оргазмот**

Оргазмот или не настапува или е изразито задоцнет.

Закочен оргазам (машки)(женски)
Психогена аноргазмија

F52.4 **Предвремена ејакулација**

Неспособност доволно да се контролира ејакулацијата за обата партнера да уживаат во сексуалниот однос.

F52.5 **Неоргански вагинизам**

Спазам на мускулите од пелвичната база што ја опкружуваат вагината, што доведува до затворање на вагиналниот отвор. Навлегувањето на пенисот е или невозможно или болно.

Психоген вагинизам

***Исклучува:*** вагинизам (органски) (N94.2)

F52.6 **Неорганска диспареунија**

Диспареунија ( или болка за време на сексуален однос) се јавува и кај жените и кај мажите. Таа често може да се припише на локалната патологија, но тогаш треба соодветно да биде категоризирана под соодветната патолошка состојба. Оваа категорија треба да се употреби само ако нема примарна неорганска сексуална дисфункција (т.е. вагинизам или сувост на вагината).

Психогена диспареунија

***Исклучува:*** диспареунија (органска) (N94.1)

F52.7 **Прекумерен сексуален порив**

Нимфоманија
Сатиријаза

F52.8 **Други сексуални дисфункции, непредизвикана од органско растројство или болест**

F52.9 **Неозначена сексуална дисфункција, непредизвикана од органско растројство или болест**

## F53 Душевни растројства и растројства во обноските поврзани со пуерпериумот, некласифицирани на друго место

∇ 0505

Оваа категорија ги содржи само оние душевни растројства поврзани со пуерпериумот (што почнуваат во текот на шесте недели по раѓањето) и што не одговараат на критериумите за растројствата класифицирани на друго место во оваа глава, било поради недоволно расположливи информации, или пак поради тоа што се смета дека се присутни посебни дополнителни клинички белези, што нивното класифицирање на друго место го прават несоодветно.

F53.0 **Благи душевни растројства и растројства во обноските поврзани со пуерпериумот, некласифицирани на друго место**

Депресија:
- постнатална ИН
- постпартална ИН

F53.1 **Тешки душевни растројства и растројства во обноските поврзани со пуерпериумот, некласифицирани на друго место**

Пуерперална психоза ИН

F53.8 Други душевни растројства и растројства во обноските поврзани со пуерпериумот, некласифицирани на друго место

Постпартум:
- депресија }
- дисфорија } ИН
- нарушување на расположението }
- тага }

F53.9 Душевни растројства во пуерпериумот, неозначено

## F54 Психолошки фактори и фактори на обноските поврзани со растројства или болести класифицирани на друго место

Оваа категорија треба да се употреби за да се забележи присуство на психолошки влијанија или влијанија на обноските за кои се смета дека имаат главна улога во етиологијата на телесните растројства што можат да бидат класифицирани во други глави. Кои да било настанати душевни растројства обично се благи и често продолжени (како загриженост, емоционален конфликт, страв), а сами не ја оправдуваат употребата на која да било категорија во оваа глава.

Примери за употреба на оваа категорија се:
- астма F54 и J45.-
- дерматит F54 и L23–L25
- гастричен улцер F54 и K25.-
- мукозен колит F54 и K58.-
- улцеративен колит F54 и K51.-
- уртикарија F54 and L50.-

Психолошки фактори што дејствуваат врз телесните состојби

*Ако е потребно да се означи придружно телесно растројство употребете дополнителна шифра.*

***Исклучува:*** главоболка од тензионен тип (G44.2)

## F55 Злоупотреба на супстанции што не предизвикуваат зависност

Можат да бидат злоупотребени голем број лекови и народни лекарства, но особено значајни групи се:
(а) психотропни лекови што не предизвикуваат зависност, како што се антидепресивите,
(б) средства за прочистување и
(в) аналгетици што можат да се купат без рецепт, како аспиринот и парацетамолот.

Постојаната употреба на овие супстанции често опфаќа непотребни контакти со медицинскиот или помошниот персонал, и понекогаш е придружена со штетни телесни дејства на супстанциите. Пробите да се одврати од или да се забрани употребата на супстанцијата често се проследени со отпор; за лаксативите и аналгетиците ова може да биде и наспроти предупредувањата за ( или дури и развој на) телесно оштетување како нарушена функција на бубрезите и електролитни растројства. Иако обично е јасно дека пациентот има силна мотивација да ја земе супстанцијата, зависност и апстиненцијални симптоми не се развиваат како што е случај со психоактивните супстанции означени во F10–F19.

Навика за прочистување

Злоупотреба на:
- антациди
- растителни или народни лекарства
- стероиди или хормони
- витамини

***Исклучува:*** злоупотреба на психоактивни супстанции што предизвикуваат зависност (F10–F19)

⊗F55.0 Антидепресанти

⊗F55.1 Лаксативи

⊗F55.2 Аналгетици

⊗F55.3 Антациди

⊗F55.4 Витамини

⊗F55.5 Стероиди или хормони

⊗F55.6 Означени растителни или народни лекарства

⊗F55.8 Други супстанции што не предизвикуваат зависност

⊗F55.9 Неозначено

**F59 Неозначени синдроми на обноските придружени со физиолошки нарушувања и физички фактори**

Психогено физилошко растројство ИН

## РАСТРОЈСТВА НА ЛИЧНОСТА И ОБНОСКИТЕ КАЈ ВОЗРАСЕН (F60–F69)

Овој блок содржи бројни состојби и примери на обноски што имаат клиничко значење и поседуваат тенденција да бидат трајни, а се чини дека се израз на карактеристичниот животен стил на единката и начинот на нејзиниот однос спрема себеси и спрема други. Некои од овие состојби и примери на обноски се јавуваат рано во текот на развојот на личноста како резултат и на конституционалните фактори и на социјалното искуство, додека другите се стекнуваат подоцна во животот. Специфичните растројства на личноста (F60.-), мешовити и други растројства на личноста (F61.-), и постојани промени на личноста (F62.-) се длабоко вкоренети и постојани промени на обноските што се појавуваат како крути одговори на бројни лични и општествени ситуации. Тие претставуваат екстремни и значајни девијации на начинот на кој просечните луѓе во дадена култура сфаќаат, мислат, чувствуваат и особено се обносуваат кон други. Ваквите примери на обноски имаат тенденција да бидат стабилни и да опфатат многу области од обноските и психолошкото функционирање. Тие се често, но не секогаш, придружени со различен степен на субјективно страдање и проблеми во извршувањето на општествените обврски.

**F60 Специфични растројства на личноста**

∇ 0512

Ова се тешки растројства на личноста и на тенденциите во нејзините обноски што не се директен резултат на болест, повреда или друг инсулт на мозокот, или пак на друго психијатриско растројство; обично опфаќаат неколку подрачја на личноста; речиси секогаш се придружени со значајно страдање на личноста и со општествени сломови манифестирајќи се обично од дејството и адолесценцијата низ зрелата возраст.

F60.0 Параноидно растројство на личноста

Растројство на личноста што се карактеризира со прекумерна чувствителност кон назадување, непростување на навредите; сомничавост и склоност да се искривуваат доживувањата со погрешно толкување на неутралните или пријателските постапки на другите како непријателски или како презирање; со неоправдани повратни сомневања во сексуалната верност на брачниот другар, или на сексуалниот партнер; и со воинственост и тврдоглавост во остварувањето на своите права. Може да има прекумерно чувство на сопствено значење и често прекумерно чувство на сопствена сплетканост.

Личност (растројство):
- експанзивно параноидна
- фанатична
- параноидна
- кверулант
- сензитивно параноидна

***Исклучува:*** параноја
- ИН (F22.0)
- кверуланс (F22.8)

параноидна:
- психоза (F22.0)
- шизофренија (F20.0.)
- состојба (F22.0)

F60.1 Шизоидно растројство на личноста

Растројство на личноста окарактеризирано со повлекување од афективните, општествените и други контакти со склоност кон фантазирање, осамени активности и интроспекција. Има ограничени способности за изразување на чувствата и за доживување задоволство.

***Исклучува:*** Asperger-ов синдром (F84.5)
налудничаво растројство (F22.0)
шизоидно растројство во детството (F84.5)
шизофренија (F20.-)
шизотипно растројство (F21)

## F60.2 Дисоцијално растројство на личноста

Растројство на личноста окарактеризирано со непочитување на општествените обврски и груба незаинтересираност за чувствата на другите. Постои голема неусогласеност меѓу обносувањето и широко прифатените општествени норми. Обносувањето не се менува лесно, наспроти неповолните искуства, вклучувајќи ја тука и казната. Ваквите лица одвај поднесуваат фрустрации; прагот за изразување на агресија, вклучувајќи го и насилството, им е низок; имаат тенденција да ги обвинуваат другите, или да нудат уверливи рационализации за обноските што ги довеле во конфликт со општеството.

Личност (растројство):
- аморална
- антисоцијална
- асоцијална
- психопатска
- социопатска

***Исклучува:*** растројства во обноските (F91.-)
емоционално нестабилна личност (F60.3)

## F60.3 Емоционално нестабилна личност

Растројство на личноста окарактеризирано со конечна тенденција да се постапува импулсивно и без водење сметка за последиците; расположението е непредвидливо и каприциозно. Има склоност кон емоционални избивања и неспособност да се контролира експлозивното обносување. Постои склоност кон расправија и конфликт со други, особено кога се оневозможуваат или критикуваат импулсивните акти. Можат да се разликуваат два типа: импулсивен тип окарактеризиран предоминантно со емоционална нестабилност и немање контрола на импулсите, и граничен тип, окарактеризиран кон тоа и со нарушување на сликата за себе, за целите и внатрешните склоности, со хронични чувства на празнина, со интензивни и нестабилни интерперсонални односи и со склоност за себеуништувачко обносување, вклучувајќи суицидални гестови и обиди.

***Исклучува:*** дисоцијално растројство на личноста (F60.2)

### ⊗F60.30 Импулсивен тип

Личност (растројство):
- агресивна
- експлозивна

### ⊗F60.31 Граничен тип

## F60.4 Хистрионично растројство на личноста

Растројство на личноста окарактеризирано со плиток и лабилен афект, самодраматизирање, театралност, претерано изразување на емоциите, сугестибилност, егоцентричност, угодување на сопствените наклоности, недоволна грижа за другите, голема чувствителност и постојано барање на признавање, возбуда и внимание.

Личност (растројство):
- хистерична
- психоинфантилна

## F60.5 Ананкастично растројство на личноста

Растројство на личноста окарактеризирано со чувство на сомнение, перфекционизам, прекумерна совесност, контролирање и преокупираност со детали, тврдоглавост, претпазливост и крутост. Може да има упорни и непријатни мисли и импулси што не ја достигнуваат тежината како кај опсесивно-компулсивното растројство.

Личност (растројство):
• компулсивна
• опсесивна
опсесивно-компулсивна

***Исклучува:*** опсесивно-компулсивно растројство (F42.-)

### F60.6 Анксиозно растројство на личноста [одбегнувачка]

Растројство на личноста окарактеризирано со чувство на напнатост и страв, несигурност и инфериорност. Има постојан копнеж да се биде сакан и прифатен, преосетливост на одбивање и критики со ограничено приврзување кон луѓето и склоност да се одбегнуваат извесни активности преку преувеличување на можните опасности или ризици во секојдневните ситуации.

### F60.7 Зависна личност

Растројство на личноста окарактеризирано со первазивно пасивно потпирање врз други луѓе при донесување на големи или мали животни одлуки, голем страв од напуштање, чувство на беспомошност и некомплетност, пасивно покорување на желбите на постарите и на другите, како и слаб одговор на барањата од секојдневниот живот. Се покажува недостиг на интелектуална и емоционална моќ, а често постои и склоност одговорноста да се префрли на други.

Личност (растројство):
• астенична
• несоодветна
• пасивна
• себепоразувачка

### F60.8 Други специфични растројства на личноста

Личност (растројство):
• 'haltlose' тип
• ексцентрична
• незрела
• нарцистична
• пасивно-агресивна
• психоневротична

### F60.9 Растројство на личноста, неозначено

Невроза на карактерот ИН
Патолошка личност ИН

## F61 Мешани и други растројства на личноста

Оваа категорија е наменета за растројства на личноста што често создаваат проблеми, но не покажуваат специфичен пример на симптоми што го карактеризираат растројството опишано во F60.-. Како резултат на тоа тие често потешко се дијагностицираат отколку растројствата во F60.-.

Примерите вклучуваат:
• мешани растројства на личноста со белези на повеќето од растројствата во F60.- , но без предоминантен збир симптоми што би овозможиле поспецифична дијагноза.
• непријатни промени на личноста, што не е можно да се класифицираат во F60.- или F62.-, и се сметаат како секундарни на главната дијагноза на едновремено постојно афективно или анксиозно растројство.

***Исклучува:*** нагласување на карактеристиките на личноста (Z73.1)

## F62 Трајни промени на личноста, што не можат да се припишат на оштетување и на болест на мозокот

Растројства на возрасна личност и обноските што се јавиле кај лица без претходни растројства на личноста по изложување на катастрофален или прекумерно продолжен стрес или по тешка психијатриска болест. Дијагнозата треба да се постави само ако постои доказ за дефинитивна и постојана промена во начините како личноста ги согледува, се обносува или мисли за околината и себеси. Промените на личноста треба да се значајни и придружени со нееластично и лошо обносување што не постоело пред да биде изложена на патогено дејство. Промената не треба да биде директна манифестација на друго душевно растројство, или резидуален симптом на кое да било претходно душевно заболување.

***Исклучува:*** растројства на личноста и на обноските поради болест, оштетување и дисфункција на мозокот (F07.-)

## F62.0 Постојана промена на личноста по преживеана катастрофа

Постојаната промена на личноста, што постои барем најмалку две години по изложеност на катастрофален стрес. Стресот мора да биде толку екстремен што не е потребно да се разгледува ранливоста на личноста за да се објасни неговото силно дејство врз неа. Растројството е окарактеризирано со непријателски и недоверлив однос спрема светот со општествено повлекување, чувство на празнина и безнадежност, хронично чувство на “работ“, на хронична загрозеност и отуѓеност. Посттрауматски стресни растројства (F43.1) можат да му претходат на овој тип на промена на личноста.

Промена на личноста по:
- искуства од концентрационен логор
- катастрофи
- продолжено:
  - заробеништво со заканувачки можности да се биде убиен
  - изложеност на по живот опасни ситуации како што е да се биде жртва на тероризам
- тортура

***Исклучува:*** посттрауматско стресно растројство (F43.1)

## F62.1 Постојана промена на личноста по психијатриска болест

Промена на личноста, што трае најмалку две години, а што може да се припише на трауматско доживување поради тешка психијатриска болест. Промената не може да биде објаснета со претходно растројство на личноста и треба да се разликува од резидуалната шизофренија и другите состојби на нецелосно оздравување од претходно душевно растројство. Ова растројство се карактеризира со прекумерна зависност и барања од другите; со убеденост за изменетост и стигматизираност од болеста, што доведува до неспособност да се создаде и одржи близок и доверлив однос со луѓето и до општествена изолација; пасивност, намален интерес и намалено ангажирање во активностите за одмор и рекреација; постојани поплаки на болеста што можат да бидат придружени со хипохондриски поплаки и болно обносување; дисфорично и менливо расположение што не е резултат на присуство на ментална болест или на претходно ментално растројство со резидуални афективни симптоми; и долготрајни проблеми во општественото и работното функционирање.

## F62.8 Други постојани промени на личноста

Синдром на хронична болка на личноста

## F62.9 Постојана промена на личноста, неозначено

# F63 растројства на навиките и импулсите

Оваа категорија опфаќа определени растројства што не можат да бидат класифицирани во други категории. Тие се карактеризираат со повторувани постапки што немаат јасна рационална мотивација, не можат да бидат контролирани и општо им нанесуваат штета на интересите на личноста и на други лица. Пациентот соопштува дека обносувањето е придружено со поттик да дејствува. Причината на овие растројства не е објаснета и тие се заедно групирани поради широките описни сличности, а не поради тоа што се знае дека имаат некој друг заеднички белег.

***Исклучува:*** вообичаена прекумерна употреба на алкохол и психоактивни супстанции (F10–F19)
растројства на импулсите и навиките во врска со сексуалното обносување (F65.-)

## F63.0 Патолошко коцкање

Ова растројство се состои од чести, повторувани епизоди на коцкање што доминираат со животот на пациентот и се штетни за општествените, работните, материјалните и семејните вредности и обврски.

Компулсивно коцкање

***Исклучува:*** прекумерно коцкање кај манијачни пациенти (F30.-)
коцкање и обложување ИН (Z72.6)
коцкање кај дисоцијално растројство на личноста (F60.2)

## F63.1 Патолошко подметнување на пожари [пироманија]

Растројство окарактеризирано со многубројни акти или обиди за подметнување пожари на имоти или на други објекти, без видлив мотив и со постојана преокупираност со теми во врска со огнот и горењето. Ова обносување често е здружено со чувство на зголемена напнатост пред актот и со интензивна возбуда веднаш по неговото извршување.

***Исклучува:*** подметнување пожар (од)(под):

• возрасен со дисоцијално растројство на личноста (F60.2)
• труење со алкохол или психоактивна супстанција (F10–F19 со заеднички четврти знак .0)
• како причина за набљудување поради суспектно ментално растројство (Z03.2)
растројства во обноските (F91.-)
• органски душевни растројства (F00–F09)
• шизофренија (F20.-)

## F63.2 Патолошко крадење [клептоманија]

Растројство окарактеризирано со повторуван неуспех на спротиставување на поттик да се крадат предмети што не се за лична употреба или за парична добивка. Предметите наместо тоа може да се отфрлат, да се раздадат или собираат. Ова обносување обично е придружено со зголемено чувство на напнатост пред, и со чувство на задоволство за време и веднаш по актот.

***Исклучува:*** депресивно растројство со крадење (F31–F33)
органски ментални растројства (F00–F09)
крадење по продавници како причина за набљудување за суспектно ментално растројство (Z03.2)

## F63.3 Трихотиломанија

Растројство окарактеризирано со забележливо губење на косата поради повторувани безуспешни обиди да се спротистави на импулсите за кубење на косата. Обично му претходи нараснувачка напнатост и е проследено со чувство на олеснување или задоволство. Дијагнозата не треба да се постави ако постои претходно воспаление на кожата или пак ако губењето е одговор на налудничавост или халуцинација.

***Исклучува:*** стереотипни движења со тегнење на косата (F98.4)

## F63.8 Други растројства на навиките и импулсите

Други видови на постојано повторливо маладаптивно обносување што не се секундарни на препознатлив психијатриски синдром и кај кои се чини дека пациентот повторно не успева да се спротистави на импулсите да се обносува така. Има продромален период на напнатост со чувство на олеснување во времето на дејствување.

Интермитентно експлозивно растројство

## F63.9 Растројство на навиките и импулсите, неозначено

# F64 Растројства на половиот идентитет

## F64.0 Транссексуализам

Желба да се живее и да се биде прифатен како член на спротивниот пол, обично придружено со чувство на непријатност, или несоодветност во врска со сопствениот анатомски пол и со желба за хируршко или хормонално лекување со цел сопственото тело да се направи што поадекватно со она од саканиот пол.

## F64.1 Трансвеститизам со двојна улога

Носење алишта од спротивниот пол во текот на дел од животот на индивидуата со цел да се ужива во привременото доживување на припаѓање на спротивниот пол, но без каква да било желба за попостојана промена на полот или за придружна хируршка преправка и без сексуално возбудување при облекувањето на алиштата од спротивниот пол.

Растројство на половиот идентитет во адолесценцијата или во зрелата возраст, од нетранссексуален тип.

***Исклучува:*** фетишистички трансвеститизам (F65.1)

## F64.2 Растројство на половиот идентитет во детството

Растројство што обично се појавува во раното детство (и секогаш далеку пред пубертетот) и што се карактеризира со постојано и интензивно психолошко страдање околу сопствениот пол, заедно со желбата да се биде ( или инсистирање дека е) од другиот пол. Има постојана преокупираност со алиштата и активностите на спротивниот пол и негирање на сопствениот пол. Дијагнозата подразбира длабоко нарушување на нормалниот полов идентитет; само момчешки обносувања кај девојчињата или девојчински обносувања кај момчињата не се доволни. Растројствата на половиот идентитет кај лица што достигнале и навлегле во пубертет тука не треба да бидат класифицирани, а се класифицираат во F66.-.

***Исклучува:*** егодистонична сексуална ориентација (F66.1)

растројство на половото созревање (F66.0)

## F64.8 Други растројства на половиот идентитет

## F64.9 Растројства на половиот идентитет, неозначено

Растројство на половата улога ИН

# F65 Растројства на сексуалната склоност

***Вклучува:*** парафилии

## F65.0 Фетишизам

Потпирање на некој нежив предмет како стимул за сексуално надразнување и задоволување. Многу фетиши се продолжетоци на човековото тело, како предмети од облека или чевли. Други чести примероци се карактеризирани со материјали како што се гума, пластика или кожа. Фетишните објекти се изменливи според значењето за личноста. Во некои случаи тие едноставно служат за да го засилат сексуалното возбудување што се постигнува на вообичаен начин ( т.е. барање партнерот да облече посебна облека).

## F65.1 Фетишистички трансвеститизам

Носење облека од спротивниот пол главно за да се постигне полова возбуда и да се создаде изглед на лице од спротивен пол. Фетишистичкиот трансвеститизам се разликува од транссексуалниот трансвеститизам според неговата јасна придруженост со сексуалното надразнување и според силната желба да се соблечат алиштата по доаѓањето на оргазмот и опаѓањето на сексуалната возбуда. Тој може да се јави како порана фаза во развојот на транссексуализмот.

Трансвеститен фетишизам

## F65.2 Егзибиционизам

Повратна или постојана тенденција гениталиите да се покажуваат на непознати лица ( обично од спротивен пол) или на луѓе на јавни места, без да се повикуваат или со нив да се има намера за поблизок допир. Обично има, но не и постојано сексуално возбудување во време на изложувањето, а актот обично е проследен со онанија.

## F65.3 Воајеризам

Повторувачка или постојана тенденција да се набљудуваат луѓе ангажирани во сексуални активности или кои вршат интимни активности како на пример соблекување. Ова се чини без набљудуваните лица да се свесни за тоа и обично доведува до сексуална возбуда и онанија.

## F65.4 Педофилија

Сексуална склоност спрема деца, момчиња или девојчиња или спрема едните и другите обично на пубертетска или рана пубертетска возраст.

## F65.5 Садомазохизам

Склоност спрема сексуална активност која нанесува болка или понижување или потчинување. Ако лицето повеќе сака да е подложено на вакво стимулирање тогаш се работи за мазохизам; ако пак лицето дејствува за да се возбуди се работи за садизам. Често единката постигнува полова возбуда со садистички и мазохистички активности едновремено.

Мазохизам
Садизам

## F65.6 Мултипли растројства на сексуалната склоност

Понекогаш кај едно лице се јавува повеќе од една полова ненормална склоност, без некоја да има предимство. Најчеста комбинација е фетишизмот, трасвеститизмот и садомазохизмот.

## F65.8 Други растројства на сексуалната склоност

Разновидност на други примери на сексуална склоност и активности, вклучувајќи срамотни телефонски повици, триење од луѓето во толпа за да се постигне сексуално задоволство, сексуални активности со животни и странгулација или аноксија за да се интензивира сексуалното задоволство.

Фротеризам
Некрофилија

F65.9 Растројство на сексуалната склоност, неозначено
Сексуална изопаченост ИН

## F66 Психолошки растројства и растројства во обноските поврзани со сексуалниот развој и ориентација

*Забелешка:* Половата ориентација самата по себе не треба да се смета за растројство.

F66.0 Растројство на сексуалното созревање
Пациентот страда поради несигурноста во сопствениот полов идентитет или сексуална ориентација, што предизвикува анксиозност или депресија. Најчесто ова се случува кај адолесценти што не се сигурни дали се хомосексуалци, хетеросексуалци или бисексуалци во својата ориентација, или кај лица кои по период на очевидно стабилна полова ориентација ( често во рамките на долготраен однос) наоѓаат дека нивната сексуална ориентација се менува.

F66.1 Егодистонична сексуална ориентација
Половиот идентитет или сексуалната склоност (хетеросексуална, хомосексуална, бисексуална или препубертетска) не се под сомневање, но личноста би сакала тие да се подруги поради придружните психолошки растројства и растројства во обносувањето, и може да бара лекување за да ги промени.

F66.2 Растројство во сексуалниот однос
Половиот идентитет или сексуалната ориентација (хетеросексуална, хомосексуална или бисексуална) се одговорни за тешкотиите во создавањето и во одржувањето на односи со сексуалниот партнер.

F66.8 Други развојни психосексуални растројства

F66.9 Психосексуално развојно растројство, неозначено

## F68 Други растројства на личноста и обноските кај возрасни

F68.0 Обработка на телесните симптоми поради психолошки причини
Телесните симптоми што се споиви со или првобитно се јавуваат поради потврдено телесно растројство, болест или онеспособеност, стануваат преувеличани или продолжени поради психолошката состојба на пациентот. Пациентот обично се чувствува непријатно и е вознемирен поради болката или онеспособеноста и често е преокупиран со грижи, што може да се оправдани поради можноста за пролонгирана или прогресивна онеспособеност или болка.

Компензациона невроза

F68.1 Намерно предизвикување или симулирање симптоми или онеспособеност, било телесни или психолошки [лажно растројство]
Пациентот повторувано симулира симптоми без видлива причина и може дури да си нанесе и самоповреда за да предизвика симптоми или знаци. Мотивацијата е нејасна и се претпоставува внатрешна, а со цел да се прифати улога на болен. Растројството е често комбинирано со назначени растројства на личноста и обноските.

Синдром на вечен пациент
Синдром на Минхаузен
Пациент што талка

***Исклучува:*** артефицијален дерматитис (L98.1)
лице што симулира болест (со јасна мотивација) (Z76.5)

F68.8 Други означени растројства на личноста и обноските кај возрасни
Растројство на карактерот ИН
Растројство во односите ИН

## F69 Неозначено растројство на личноста и обноските кај возрасни

# ДУШЕВНА ЗАОСТАНАТОСТ (F70–F79)

∇ 0531

Состојба на сопрен или нецелосен развој на умот, што особено се карактеризира со оштетување на знаењата што се јавуваат за време на развојниот период, знаења што придонесуваат за вкупното ниво на интелигенцијата, т.е. на сознајните, јазичните, моторните и социјалните способности. Заостанатоста може да се јави со или без некоја друга душевна или телесна состојба.

Степените на душевна заостанатост конвенционално се проценуваат со стандардизирани тестови за интелигенција. Тие можат да бидат надополнети со скали што ја проценуваат социјалната прилагодливост во дадена средина. Овие мери обезбедуваат приближни показатели за степенот на душевната заостанатост. Дијагнозата исто така ќе зависи од целосната процена на интелектуалното функционирање од искусен дијагностичар.

Интелектуалните способности и социјалното приспособување можат во текот на времето да се менуваат, и колку и да се лоши со обука и рехабилитација можат да се подобрат. Дијагнозата треба да се темели врз сегашните нивоа на функционирање.

*Употребете дополнителна шифра да ги означите придружните состојби како аутизам, други растројства во развојот, епилепсија, растројства на обносувањето или тешки телесни оштетувања.*

Следниве четиризначни потподелби се употребуваат со категориите F70–F79 за да се идентификува степенот на оштетувањето на обносувањето:

.0 Со тврдење дека нема, или дека постои минимално оштетување на обносувањето
.1 Значајно оштетување на обносувањето што бара внимание или лекување
.8 Други оштетувања на обносувањето
.9 Без спомнување на оштетување на обносувањето

## F70 Лесна душевна заостанатост

Коефициентот на интелигенција приближно се движи од 50 до 69 (кај возрасни душевна возраст е од 9 до под 12 години). Веројатно ќе резултира со извесни тешкотии во школувањето. Многу возрасни ќе бидат способни да работат и да одржуваат добри општествени односи и да придонесуваат на општеството.

***Вклучува:*** слабоумност
лесна душевна субнормалност

## F71 Умерена душевна заостанатост

Коефициентот на интелигенција приближно се движи од 35 до 49 (кај возрасни душевна возраст е од 6 до под 9 години). Веројатно ќе резултира со изразит развоен застој во детството но повеќето ќе научат да развијат одреден степен на независност во грижата за самите себе и да стекнат соодветни комуникациски и академски вештини. Возрасните ќе имаат потреба од различен степен на поддршка за да можат да живеат и работат во општеството.

***Вклучува:*** умерена душевна субнормалност

## F72 Тешка душевна заостанатост

Коефициентот на интелигенција приближно се движи од 20 до 34 (кај возрасни душевна возраст е од 3 до под 6 години). Веројатно ќе има потреба од постојана поддршка.

***Вклучува:*** тешка душевна субнормалност

## F73 Длабока душевна заостанатост

Коефициентот на интелигенција е под 20 (кај возрасни, душевна возраст под 3 години). Резултира со тешко ограничување за сопствената грижа, континенција, комуницирање и движење.

***Вклучува:*** длабока душевна субнормалност

## F78 Друга душевна заостанатост

## F79 Неозначена душевна заостанатост

*Вкључува:* душевен:
- дефицит ИН
- субнормалност ИН

# РАСТРОЈСТВА ВО ПСИХОЛОШКИОТ РАЗВОЈ (F80–F89)

Растројствата вклучени во овој блок имаат заеднички:
(а) постојан почеток во претшколскиот период или детството;
(б) оштетување или заостанување во развојот на функциите што се во тесна врска со биолошкото созревање на централниот нервен систем; и
(в) постојан тек без ремисии и рецидиви. Во повеќето случаи зафатени се јазикот, видовопросторните способности и моторната координација.
Обично застојот во развојот постои пред да може сигурно да се открие и се намалува како што детето расте, иако благ дефицит често останува во зрелата возраст.

## F80 Специфични говорни и јазични развојни растројства

Растројства во кои нормалните обрасци на усвојување на јазикот се нарушени во раните стадиуми на развој. Состојбите не можат директно да се припишат на невролошките ненормалности или на ненормалностите во механизмите на говорот, на сензорните оштетувања, на душевната заостанатост или на факторите на средината. Специфичните растројства во развојот на говорот и јазикот често се проследени со придружни проблеми како што се тешкотии во читањето и спелувањето, ненормалности во интерперсоналните односи и растројства во емоциите и обноските.

### F80.0 Специфично растројство на говорната артикулација

Специфично растројство во развојот кога детето ги употребува говорните гласови под соодветното ниво за неговата душевна возраст, при што постои нормално ниво на јазичните способности.

Развојно:
- фонолошко растројство
- растројство на говорната артикулација

Дислалија
Функционално растројство на говорната артикулација
Лалација

*Исклучува:* оштетување на говорната артикулација (поради):
- афазија ИН (R47.0)
- апраксија (R48.2)
- загуба на слухот (H90–H91)
- душевна заостанатост (F70–F79)
- со растројства во развојот на јазикот:
  - експресивно (F80.1)
  - рецептивно (F80.2)

### F80.1 Растројство на изразниот јазик

Специфично развојно растројство во кое способноста на детето да го употребува изразниот говорен јазик е значително под соодветното ниво за душевната возраст, но каде што разбирањето на јазикот е во нормални граници. Може, но не мора да има ненормалности во артикулацијата.

Развојна дисфазија или афазија, експресивен тип

*Исклучува:* стекната афазија со епилепсија [Landau-Kleffner] (F80.3)
развојна дисфазија или афазија, рецептивен тип (F80.2)
дисфазија и афазија ИН (R47.0)
елективен мутизам (F94.0)
душевна заостанатост (F70–F79)
первазивни развојни растројства (F84.-)

### F80.2 Растројство во разбирањето на јазикот

Специфично развојно растројство во кое способноста на детето да го разбере јазикот е под соодветното ниво за неговата душевна возраст. Практично во сите случаи изразниот јазик ќе биде значително оштетен, а чести се и ненормалности во создавањето на гласовите.

Конгенитална аудитивна имперцепција
Развојна:
• дисфазија или афазија, рецептивен тип
• Wernicke-ова афазија
Глувост за зборови

***Исклучува:*** стекната афазија со епилепсија [Landau-Kleffner] (F80.3)
аутизам (F84.0–F84.1)
дисфазија и афазија:
• експресивен тип (F80.1)
• ИН (R47.0)
елективен мутизам (F94.0)
јазично заостанување поради глувост (H90–H91)
душевна заостанатост (F70–F79)

## F80.3 Стекната афазија со епилепсија [Landau-Kleffner]

Растројство во кое детето, што претходно имало нормален напредок во развојот на јазикот, ја губи способноста и за разбирање на јазикот и за изразување, но ја зачувува општата интелигенција; почетокот на растројството е придружен со пароксизмални ненормалности во ЕЕГ и во најголемиот број од случаите со епилептични напади. Обично почетокот е меѓу три и седум годишна возраст при што способностите се губат за неколку дена или недели. Временската поврзаност меѓу почетокот на нападите и губењето на јазикот е променлива, при што едното му претходи на другото ( кружно едно по друго) во текот на неколку месеци до две години. Се укажува на воспалителен енцефалитичен процес како можна причина за ова растројство. Околу две третини од пациентите остануваат со повеќе или помалку тешко оштетување на способноста за разбирање на јазикот.

***Исклучува:*** афазија (поради):
• аутизам (F84.0–F84.1)
• дезинтегративни растројства во детството (F84.2–F84.3)
• ИН (R47.0)

## F80.8 Други развојни растројства на говорот и јазикот

Шушкање

## F80.9 Развојно растројство на говорот и на јазикот, неозначено

Растројство на јазикот ИН

# F81 Специфични развојни растројства на школските способности

Растројства во кои нормалните обрасци за здобивање способности се нарушени уште во раните стадиуми на развојот. Тие не се едноставна последица од немањето можности да се учи, не се резултат само на душевната заостанатост и не се резултат на која било форма на стекната мозочна траума или болест.

## F81.0 Специфично растројство на читањето

Главен белег е специфично и значително оштетување на развојот на способностите за читање што не може единствено да се објасни со душевната возраст, со проблемите на остришата на видот, или со несоодветно школување. Способноста да се разбере прочитаното, препознавањето на читаниот збор, читањето на глас и извршувањето на задачите што се потребни за читање, сите заедно можат да бидат оштетени. Тешкотиите во спелувањето често се здружени со специфични растројства во читањето и често остануваат во адолесценцијата дури и по извесен напредок во читањето. Често на специфичните развојни растројства во читањето им претходи историја на растројства во развојот на говорот или јазикот. Истовремени растројства во емоциите и обноските се чести во текот на школската возраст.

“ Читање наназад“
Развојна дислексија
Специфично заостанување во читањето

***Исклучува:*** алексија ИН (R48.0)
дислексија ИН (R48.0)
тешкотии во читањето секундарни на емоционални растројства (F93.-)

## F81.1 Специфични растројства на спелувањето

Главен белег е специфично и значително растројство на развојот на способностите за спелување во отсуство на историја за специфично растројство на читањето, што не може единствено да се објасни со ниската душевна возраст, со проблемите на острината на видот, или со несоодветно школување. Оштетени се и способностите за усно спелување и за точно пишување зборови.

Специфична заостанатост во спелувањето ( без растројство во читањето)

***Исклучува:*** аграфија ИН (R48.8) тешкотии во спелувањето:
- придружени со растројство во читањето (F81.0)
- поради несоодветно подучување (Z55.8)

## F81.2 Специфични растројства на способностите за сметање

Опфаќа специфично оштетување на способностите за сметање што не може да се објасни само со општата душевна заостанатост или со несоодветно школување. Дефицитот првенствено се однесува на основните математички способности за собирање, одземање, множење и делење, а помалку на оштетување на поапстрактните математички способности што се од значење во алгебрата, тригонометријата, геометријата или во сметањето.

Развојна:
- акалкулија
- растројство во сметањето
- Gerstmann-ов синдром

***Исклучува:*** акалкулија ИН (R48.8)
тешкотии во сметањето:
- придружени со растројство во читањето или спелувањето (F81.3)
- поради несоодветно подучување (Z55.8)

## F81.3 Мешани растројства на школските способности

Лошо дефинирана резидуална категорија каде што и математичките способности и способностите за читање и спелување се значително оштетени, но каде што растројството не може единствено да се објасни преку општото душевно заостанување или несоодветното школување. Треба да се употребува за растројства што одговараат на критериумите било за F81.2 или F81.0 или F81.1.

***Исклучува:*** специфични:
- растројство на математичките способности
- растројство во читањето (F81.0)
- растројство во спелувањето (F81.1)

## F81.8 Други развојни растројства на школските способности

Развојно растројство на експресивното пишување

## F81.9 Развојно растројство на школските способности, неозначено

Неспособност за стекнување знаења ИН
Учење:
- неспособност ИН
- растројство ИН

# F82 Специфично развојно растројство на моторната функција

Растројство во кое главен белег е сериозното оштетување на развојот на моторната координација што не може единствено да се објасни со општата интелектуална заостанатост или со кое да било специфично конгенитално или стечено невролошко растројство. Сепак, во повеќето случаи внимателното клиничко испитување покажува изразени незрелости во нервниот развој, како што се хореиформни движења на слободните екстремитети или огледални движења и други придружени моторни појави, како и знаци за оштетување на фината и грубата моторна координација.

Синдром на несмасно дете
Развојно:
- растројство на координацијата
- диспраксија

***Исклучува:*** ненормалност во одот и движењето (R26.-)
недостаток на координација:

• ИН (R27.-)
• секундарна поради ментална заостанатост (F70–F79)

## F83 Мешани специфични развојни растројства

Резидуална категорија на растројства кај кои постои смеса на специфични развојни растројства на говорот и јазикот, на школските способности и на моторното функционирање при што ниту едно растројство не е доволно предоминантно за да ја сочини примарната дијагноза. Оваа мешана категорија треба да се употреби само кога има значително преклопување меѓу секое од овие специфични развојни растројства. Растројствата обично, но не секогаш се придружени со извесен степен на општо оштетување на сознајните функции. Затоа оваа категорија треба да се употреби кога постојат растројства што одговараат на два или повеќе критериуми од F80.-, F81.- и F82.

## F84 Первазивни развојни растројства

Група растројства окарактеризирани со квалитативни ненормалности во реципрочните социјални интеракции и промени на обрасците на комуницирање и со ограничен, стереотипен и повторуван репертоар на интереси и активности. Овие квалитативни ненормалности се первазивен белег во функционирањето на личноста во сите ситуации.

*Употребете дополнителна шифра да означите која било придружна медицинска состојба и душевна заостанатост.*

### F84.0 Детски аутизам

Тип на первазивно развојно растројство што се дефинира со:
(а) постоење на ненормален или оштетен развој што се појавува пред третата година од животот, и
(б) со карактеристичен тип на ненормално функционирање во сите три подрачја на психопатологијата: реципрочна социјална интеракција, комуникација и ограничено, стереотипно и повторувано однесување. Освен овие специфични дијагностички белези, чести се цела низа други неспецифични проблеми како фобии, растројства на сонот и исхраната, напади на бес и ( кон себе насочена) агресија.

Аутистичко растројство
Инфантилен:
• аутизам
• психоза
Kanner-ов синдром

***Исклучува:*** аутистичка психопатија (F84.5)

### F84.1 Атипичен аутизам

Тип первазивно развојно растројство кое од детски аутизам се разликува било според возраста кога започнува, било според тоа што не ги исполнува трите групи на дијагностички критериуми. Оваа поткатегорија треба да биде употребувана кога постои ненормален или оштетен развој присутен само по третата година од животот и недостиг на доволно видливи ненормалности во една или две од трите подрачја на психопатологијата потребни за дијагноза на аутизам ( т.е. реципрочни социјални интеракции, комуникација и ограничено, стереотипно и повторливо однесување) наспроти постоењето на карактеристични ненормалности во друга(и) област(и). Атипичниот аутизам најчесто се јавува кај длабоко заостанати лица и кај лица со тешки специфични развојни растројства во разбирањето на јазикот.

Атипична детска психоза
Ментална ретардација со аутистични белези

*Употребете додатна шифра(F70–F79), ако е потребно да се означи душевна заостанатост.*

### F84.2 Rett-ов синдром

Состојба до сега најдена само кај девојчиња, кај кои очевидно нормалниот ран развој е проследен со делумна или целосна загуба на говорот и способностите за движење и употреба на шепите, заедно со забавување на растењето на главата, што обично започнува меѓу 7 и 24 месец од животот. Карактеристични се губењето на смислени движења на шепите, стереотипни кршења на шепите и хипервентилација. Социјализацијата и развојот на играта се запрени, но социјалните интереси имаат тенденција да бидат одржани. Атаксијата на трупот и апраксијата почнуваат да се развиваат околу четвртата година од животот, а често следат и хореоатетоидни движења. Речиси секогаш се развива тешка ментална заостанатост.

### F84.3 Друго дезинтегративно растројство во детството

Тип первазивно развојно растројство што се дефинира со период на целосно нормален развој пред почетокот на растројството проследено со дефинитивна загуба на претходно здобиените способности во неколку области на развојот

во текот на неколку месеци. Типично ова е придружено со општа загуба на интересите за околината, со стереотипни, повторувани моторни манириизми и со ненормалности во оптштествените интеракции и комуникации, слични на аутизам. Во некои случаи може да се покаже дека растројството настанува поради придружена енцефалопатија, но дијагнозата треба да се постави врз основа на белезите во обносувањето.

Детска деменција
Дезинтегративна психоза
Heller-ов синдром
Симбиотична психоза

*Употребете додатна шифра да означите која било придружна невролошка состојба.*

***Исклучува:*** Rett-ов синдром (F84.2)

### F84.4 Хиперкинетско растројство придружено со душевно растројство и со стереотипни движења

Лошо дефинирано растројство со несигурна нозолошка вредност. Категоријата е наменета да вклучи група деца со тешка душевна заостанатост ( коефициент на интелигенција под 34) што покажува изразити проблеми во хиперактивноста и во вниманието, како и стереотипни обносувања. Тие покажуваат тенденција да немаат корист од стимулативни лекови (за разлика од тие со коефициент на интелигенција во нормален опсег) и може, ако им се дадат стимуланси да покажат тешка дисфорична реакција (понекогаш со психомоторна забавеност). Во адолесценцијата хиперактивноста има тенденција да биде заменета со хипоактивност (образец што не е вообичаен кај хиперкинетски деца со нормална интелигенција). Овој синдром често е придружен со бројни задоцнувања во развојот, било специфични или целосни. Не е познато до кој степен образецот на обносувањето е функција на низок коефициент на интелигенција или на органско оштетување на мозокот.

### F84.5 Asperger-ов синдром

Растројство со несигурна нозолошка вредност, окарактеризирано со истиот вид квалитативни ненормалности на реципрочна социјална интеракција што го карактеризираат аутизмот, заедно со ограничен, стереотипен и повторувачки репертоар на интереси и активности. Од аутизам се разликува примарно по фактот дека нема општ застој или забавување на развојот на јазикот и сознанието. Ова растројство е често придружено со изразена несмасност. Ненормалностите имаат изразена тенденција да продолжат да постојат во адолесценцијата и во зрелиот живот. Психотични епизоди повремено се јавуваат во раните години на животот на возрасниот.

Аутистичка психопатија
Шизоидно растројство во детството

### F84.8 Други первазивни развојни растројства

### F84.9 Первазивно развојно растројство, неозначено

## F88 Други растројства во психолошкиот развој

Развојна агнозија

## F89 Неозначено растројство во психолошкиот развој

Развојно растројство ИН

# РАСТРОЈСТВА ВО ОБНОСКИТЕ И ЕМОЦИИТЕ ШТО ОБИЧНО ПОЧНУВААТ ВО ДЕТСТВОТО И АДОЛЕСЦЕНЦИЈАТА

# (F90–F98)

## F90 Хиперкинетички нарушувања

Група растројства што се карактеризираат со ран почеток (вообичаено во првите пет години од животот), со недостиг на истрајност во активностите што бараат когнитивно ангажирање и тенденција да се преминува од една на друга активност без некоја да се заврши, заедно со дезорганизирана, лошо регулирана и прекумерна активност. Може да бидат придружени и неколку други ненормалности. Хиперкинетските деца често се невнимателни и импулсивни, склони кон несреќи, имаат дисциплински проблеми пред с# заради непромислено кршење на правилата,отколку намерна непокорност. Нивните односи со возрасните често се социјално откачени, со недостаток на нормална претпазливост и

резервираност Тие не се популарни кај другите деца и може да станат изолирани. Нарушувањето на когнитивните функции е честа појава, а специфичните заостанувања во моторниот развој и во развојот на говорот се непропорционално чести. Секундарните компликации вклучуваат асоцијално обносување и ниско ниво на себепочитување.

***Исклучува:*** анксиозни растројства(F41.-)
растројство на расположението [афектот] (F30–F39)
перварзивни развојни растројства (F84.-)
шизофренија (F20.-)

### F90.0 Растројство во активноста и вниманието

Дефицит на внимание:
растројство со хиперактивност
хиперактивно растројство
• синдром со хиперактивност

***Исклучува:*** хиперкинетичко растројство придружено со растројство во обносувањето (F90.1)

### F90.1 Хиперкинетско растројство во обносувањето

Хиперкинетско растројство придружено со растројство во обносувањето

### F90.8 Други хиперактивни растројства

### F90.9 Хиперактивно растројство, неозначено

Хиперактивна реакција во детството или адолесценцијата ИН
Хиперактивен синдром ИН

## F91 Растројства во обносувањето

Растројства што се карактеризираат со повторувани и постојани примери на дисоцијални, агресивни и предизвикувачки обноски. Кога ваквите обноски ќе достигнат ниво на изразито прекршување на прифатливите општествени очекувања , тоа може да биде потешко од обична детска палавост или адолесцентна бунтовност и треба да подразбира долготраен образец на обносување ( шест или повеќе месеци) . Карактеристиките растројството во обносувањето, исто така, може да бидат симптоматични за други психијатриски состојби, кога основната психијатриска дијагноза треба да има предимство. Примерите за обноски врз кои се темели дијагнозата опфаќаат прекумерни тепачки или застрашување, суровост кон други лица или животни, жестока деструктивност кон имотот, подметнување пожари, крадење, повторувано лажење, бегање од училиште и бегање од дома, невообичаено чести и жестоки напади на бес и непослушност. Секоја од овие постапки, ако е нагласена, доволна е за дијагнозата, но не и изолираните дисоцијални акти .

***Исклучува:*** растројства на расположението [афектот] (F30–F39)
перварзивни развојни растројства(F84.-)
шизофренија (F20.-)
пропратени со:
емоционални растројства (F92.-)
• хиперактивни нарушувања (F90.1)

### F91.0 Растројство на обноските ограничено на семејната средина

Растројство во обносувањето што опфаќа дисоцијално или агресивно обносување( не само спротивставувачко, бунтовно, разорувачко обносување), во кое изменетото обносување целосно е , или речиси целосно, ограничено на домот и на интеракција со членовите на потесното семејство или непосредното домаќинство. Растројството налага да бидат исполнети општите критериуми за F91.-; а тешко нарушените односи родител-дете сами по себе не се доволни за да се постави дијагнозата.

### F91.1 Несоцијализирано обносување

Растројство што се карактеризира со комбинација на постојано дисоцијално или агресивно обносување (што одговара на општите критериуми за F91.-, но не опфаќа само од спротивставувачко, бунтовно разузнавачко обносување) со значителни первазивни ненормалности во односите на единката со други деца.

Растројство на обносувањето, солитерно агресивен тип
Несоцијализирано агресивно растројство

## F91.2 Растројство на социјализираното обносување

Растројство кое опфаќа постојано дисоцијално или агресивно обносување (што ги исполнува општите критериуми за F91.-, но не опфаќа само спротивставувачко, бунтовно и разорувачко обносување) се јавува кај лица кои генерално се добро интегрирани во групата на врсници.

Растројство во обносувањето, групен тип
Групна деликвенција
Престапи во контекст на членување во банда
Крадење во друштво со други
Бегање од училиште

## F91.3 Растројство кое се карактеризира со противење и пркос

Растројство во обносувањето, кое обично се јавува кај помлади деца и примарно се карактеризира со изразена пркос, непослушно, деструктивно обносување што не опфаќа деликвентнски постапки или поекстремни форми на агресивно или дисоцијално обносување. Растројството бара исполнување на општите критериуми за F91.-; дури и поштетно и полошо обносување не е доволно за поставување на дијагноза. Треба да се внимава пред да се употреби оваа категорија, особено кај постарите деца, бидејќи растројството во обносувањето што е клинички значајно вообичаено е придружено со дисоцијално или агресивно обносување, кое надминува едноставен пркос, непослушност или деструктивност.

## F91.8 Други растројства во обносувањето

## F91.9 Растројство во обносувањето, неозначено

Детско:
растројство во обносувањето ИН
• растројство во обносувањето ИН

# F92 Мешани растројства во обносувањето и емоциите

Група растројства што се карактеризираат со комбинација на постојано агресивно, дисоцијално или пркосно обносување со јасни и изразени симптоми на депресија, анксиозност или други емоционални пречки. Треба да бидат исполнети критериумите како за растројство во обносувањето во детството(F9l.-) и емоционални растројства во детството (F93.-) или дијагноза за невроза кај возрасен (F40–F48) или растројство на расположението (.

## F92.0 Депресивно растројство во обносувањето

Оваа категорија бара комбинација на растројство во обноските () со постојано и изразено депресивно расположение (F32.-), што се манифестира со симптоми, како што се, прекумерна душевна мака, губење на интересот и задоволството од вообичаените активности, себеобвинување и безнадежност; нарушување на спиењето или апетитот исто така можат ад бидат присутни.

Растројство во обносувањето F91.- придружено со депресивно растројство кај F32.-

## F92.8 Други мешани растројства во обносувањето и емоциите

Оваа категорија бара комбинација на растројство во обносувањето (F91.-) со постојани и изразени емоционални симптоми, како, анксиозност опсесии или компулзии, деперсонализација или дереализација, фобии или хипохондријаза.

Растројство во обносувањето кај F91.- придружено со:
емоционално растројство кајF93.-
• невротско растројство кај F40–F48

## F92.9 Мешано растројство на обносувањето и емоциите, неозначено

# F93 Емоционални растројства со почеток специфичен за детството

Главно преувеличување на нормалните развојни трендови, а не феномени кои се квалитативно ненормални сами по себе. Соодветноста во развојот се користи како клучна дијагностичка карактеристика во дефинирањето на разликите помеѓу овие емоционални растројства чиј почеток е специфичен за детството и невротските растројства (F40–F48).

***Исклучува:*** кога е придружено со растројство во обносувањето (F92.-)

## F93.0 Сепарациона анксиозност во детството

Се дијагностицира само кога стравот од одделување го чини фокусот на анксиозноста и кога истата за прв пат се јавува во текот на раните години на детството. Таа се разликува од нормалната сепарациона анксиозност кога нејзиниот степен (јачина) која е статистички невообичаена (вклучувајќи ненормално постоење и по вообичаената возраст), и кога е придружена со значајни проблеми во социјалното функционирање.

***Исклучува:*** растројство на расположението [афектот] (F30–F39)
невротични растројства (F40–F48)
фобично анксиозно растројство во детството (F93.l)
социјално анксиозно растројство во детството (F93.2)

## F93.1 Фобично анксиозно растројство во детството

Стравови во детството што демонстрираат изразена специфичност за развојна фаза и се јавуваат (до извесен степен) кај повеќето деца, но се од ненормална јачина. Другите стравови што се јавуваат во детството, што не се дел од нормалниот психосоцијален развој (на пример, агорафобија) треба да се означат со шифра под соодветната категорија во делот F40–F48.

***Исклучува:*** генерализирано анксиозно растројство (F41.1)

## F93.2 Социјално анксиозно растројство во детството

Ова растројство се карактеризира со претпазливост од туѓинци и социјален страв или анксиозност кога се соочува со нови, туѓи или социјално заканувачки ситуации. Оваа категорија треба да се употребува само кога ваквите стравови ќе се јават во текот на раните години и се невообичаени и според степенот и според придруженоста со проблемите во социјалното функционирање.

Одбегнувачко растројство во детството или адолесценцијата

## F93.3 Ривалство меѓу брат и сестра

Кај повеќе мали деца, по раѓање на помлад брат и сестра, се јавува извесен степен на емоционално нарушување. Ривалството меѓу браќата и сестрите треба да се дијагностицира, доколку степенот и траењето на нарушувањето се статистички невообичаени и се придружени со ненормалности во социјална интеракција.

Љубомора на брат/сестра

## F93.8 Други емоционални растројства во детството

Растројство на идентитетот
Прекумерна анксиозност

***Исклучува:*** растројство на половиот идентитет во детството (F64.2)

## F93.9 Емоционално растројство во детството, неозначено

# F94 Растројство на социјалното функционирање со почеток специфичен за детството и адолесценцијата

Прилично хетерогена група на растројства што имаат заеднички ненормалности во социјалното функционирање што започнуваат во текот на развојниот период, но кои (за разлика од первазивните развојни растројства) примарно не се карактеризираат со јасна конституционална и социјална онеспособност или недостиг што проникнува во сите сфери на функционирање. Во многу случаи се чини дека клучна улога играат, сериозните нарушувања во околината и лишувањата.

